**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Четвртото продолжение на Деведесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 мај 2005 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа по 97-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ги молам пратениците да седнат на своите места за да почнеме со работа.

Пратениците Јордан Михајловски, Кире Гештаковски, Рафет Муминовиќ, Сашо Дохчев, Есад Рахиќ, Славе Арсовски, Ванчо Ќорќиев, Ангелка Пеева Лауренчиќ, Гзим Острени, Стојан Андов, Љибчо Ѓорѓиевски, Орданчо Тасев, Али Ахмети, Аднан Јашари, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата според ова што притиснавте на копчињата присутни се 55 пратеника, па мислам дека се повеќе.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Застанавме на точката 36 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водите, со Предлог на закон.**

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водите.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеника од кои 55 гласале за, 2 воздржани и 8 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Во салата се присутни 66 пратеника.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеника од кои 56 за, 1 воздржан и 5 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1, член 2 став 4 алинеја 5; член 3 во воведната реченица и во новиот член 155-а став 1; член 3 во новиот член 155-б алинеја 3; член 4 став 1 став 3 за менување на првата реченица ставови 4 и 5 и за додавање нов став 6 по ставот 5; член 6 во воведната реченица, член 6 во новиот член 157-б и на член 7 за додавање нов став 2 по ставот 1 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандман на член 2 став 3 за бришење на алинеја 1 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандман на член 1 во новиот член 154-а и на член 4 став 2 точка 4 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 154-а поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство господин Санде Џамбазовски.

Повелете господинте Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Владата го прифаќа овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Владата го прифаќа амандманот и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 точка 4 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство господин Санде Џамбазовски.

Повелете господинте Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Владата го прифаќа овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Владата го прифаќа амандманот и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор и нема пријавено за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на закон.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник од кои 53 за, 1 воздржан и 7 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за води.

**Минуваме на точката 37 - Годишен извештај за работата на Народниот правобранител во 2004 година.**

Годишниот извештај на Народниот правобранител, извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Комитетот за односи меѓу заедниците ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор Народниот правобранител на Република Македонија, господинот Иџет Мемети.

Повелете господине Мемети.

**Иџет Мемети:** Почитуван потпретседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани дами и господа пратеници,

Денеска пред вас го имате Годишниот извештај за работата на Народниот правобранител за 2004 година кој во изминатите недели беше разгледуван и од страна на собраниските комисии.

Најпрво во ова мое излагање би сакал да нагласам дека Извештајот претставува основен документ кој ни дава на нас јасна слика за состојбите на почитувањето на слободите и правата на граѓаните во Република Македонија, а состојбите кои се прикажани во овој документ се телемат на спроведени постапки и истраги односно констатирани факти и веродостојни околности.

Целта на доставувањето на Годишниот извештај до Собранието на Република Македонија не е само за негово информирање за тоа како органите врз кои институцијата Народен правобранител надлежно постапува и применува и практикува законите, туку претставува и појдовна основа за преземање мерки и активности се во функција на унапредување и заштита на човековите слобди и права како и придонес кон унапредувањето на односите помеѓу органите на државната власт и другите органи, како и граѓаните на Република Македонија.

Извештајот кој е пред вас е систематизиран во шест глави и тоа почнувајќи од организацијата на институцијата, кадровската екипираност и средствата за работа, остварувањето на делокругот на работа, а централно место секако зазема освртот кон состојбите во поглед на обезбедувањето, почитувањето и заштитата на човековите права по области.

Понатаму следат општите констатации на Народниот правобранител и неговите препораки, како и претстојните активности и примерите за практичното работење.

Почитувани дами и господа пратеници,

Во моето излагање особено би сакал да се задржам на делот кој ги отсликува состојбите во поглед на обезбедувањето, почитувањето и заштитата на човековите права во Република Македонија.

Во извештајната година беа примени 1959 претставки поднесени од 2299 граѓани. Покрај ова на разговор беа примени 2840 граѓани во канцеларијата во Скопје, како и во канцелариите низ Републиката, а беше одговорено на повеќе од 6000 телефонски јавувања. Најголем дел од поднесените претставки со кои граѓаните бараа заштита на правата се: во областа на правосудството 385 граѓани се обратиле до институцијата или во проценти 19,65%, во областа на заштитата на правата во полициските постапки 243 граѓани или 12,40%; во работните односи 227 или 11,59%; во имотно-правната област 217 или 11,08%; во областа на заштитата на правата на потрошувачите 152 граѓани или 7,76% и други.

Самиот факт дека од година во година расте бројот на претставките од една страна значи зголемување на довербата на граѓаните во институцијата Народен правобранител, како и во неговите надлежности и можности, но од друга страна значи дека во Република Македонија сеуште е голем бројот на повредите на човековите слободи и права од страна на органите на државната управа и другите органи и организации кои вршат јавни овластувања.

Инаку, во извештајната година коснтатирани се повреди на уставните и законските права на граѓаните во 569 случаи од кои во 417 или изразено во проценти 73,29% по иницијатива на Народниот правобранител граѓаните ги оствариле своите права.

Исто така поднесени се 33 информации до органите и организациите кои вршат јавни овластувања. 102 до надлежните министерства и 116 до Владата на Република Македонија. По доставените информации органите и организациите кои вршат јавни овластувања преземале соодветни дејствија и мерки по 13 од нив. Министерствата постапиле по 39, а Владата на Република Македонија постапила по 49 согласно укажувањата на Народниот правобранител што претставува напредок во прифаќањето на интервенциите и мислењата на институцијата Народен правобранител.

Почитувани дами и господа пратеници,

Дозволете ми посебно да се осврнам на неколку позначајни области содржани во Извештајот.

Со измените во Уставот институцијата се стекна со нови овластувања нормирани по Закон за Народен правобранител според кој Народниот правобранител презема дејствија и мерки за

заштита на принципот на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

Морам да истакнам дека кај нас оваа правна материја сеуште не е соодветно и целосно разработена иако принципот на правична застапеност во повеќе закони веќе е нормиран. Сепак имплементацијата на овој принцип претставува процес кој треба да доживее своја целосна операционализација за што меѓу другите органи надлежен е и Народниот правобранител.

По однос на начелото на недискриминација сакам да нагласам дека тоа кај нас сеуште е само уставен принцип и сеуште не е ефектуирано преку законска рамка, за споредба во современите европски демократии изградени се стандарди со кои овој принцип е востановен со соодветна правна рамка и сеуште се надградува со создавање на инструменти и тела за заштита и почитување на појавите на дискриминација по кој било основ.

Република Македонија како потписник на голем број меѓународни акти што го регулираат токму ова прашање во процесот на евроинтеграција има обврска за целосна имплементација на начелото на недискриминација. Република Македонија се наоѓа во процес на евроинтеграција и нормално е покрај сите активности што се превземаат на овој план да се имплементираат и европските стандарди во однос на заштитата од дискриминација.

Ценејќи ги потребите на општеството Република Македонија треба и мора ова прашање да го регулира со правна рамка односно со донесување закон за недискриминација кој ќе претставува документ што точно ќе ја конципира дефиницијата за феноменот дискриминација, ќе ги предвиди начините и методите за кои за утврдување на појавата и секако механизмите и инструментите за заштита на жртвите од дискриминација.

Втората област на која би сакал да се осврнам е секако функционирањето на судската власт.

Во демократските општества судството треба да претставува вистински гарант за функционирање на правната држава и владеењето на правото, како и основен заштитник на човековите права. За овој сегмент од општеството од аспект за тоа колку и како ги заштитува правата на граѓаните јасно говорат бројките прикажани во Извештајот односно незадоволството и недовербата што раѓаните ја чувствуваат во функционирањето на оваа власт.

Кога говорам за судството ќе нагласам дека граѓаните ненавремено и тешко ги остваруваат правата пред судовите, а има и појави на екстерно одолжување на постапките кои во некои случаи се резултат на субјективнот и неодговорност. Поради тоа сметам дека започнатите реформи во судството треба да се интензивираат и скоро да се ефектуираат што значи да покажат резултат.

Следна област која заслужува посебно внимание е работата на полицијата особено делот на непосредниот контакт нивен со граѓаните. Во најголем дел во преставките граѓаните се жалат на несоодветен однос на овластените службени лица од Министерството за внатрешни работи и тоа пред се во постапките за приведување и сослушување, како и притворање со лишување од слобода при што има злоупотреба при примената на средствата за присила.

Поради тоа една од моите препораки во Извештајот се однесува на потребата од надградување на постојната правна регулатива во однос на примената на средствата за присила, како и на постапките за утврдување на одговорност во случај на пречекорување на овластувањата, односно неопходно е прашањето за употреба на оружје и други средства за присила да се уреди со закон. Едноставно да се донесе закон за употреба на оружје и други средства за присила.

Следно прашање на кое би сакал да се задржам е постапувањето по предметите од областа на имотно-правните односи односно остварувањето и заштитата на правата на граѓаните во процесот на денационализација.

Неспорна е констатацијата дека овие постапки неоправдано се одложуваат и создаваат чувство, чувство на сомнеж во вистинската намера на државата за потполно спроведување на процесот на денационализација во очекуваниот рок.

Од поднесените претставки во оваа област може да се констатира дека органот за денационализација во голем број случаеви не го почитува рокот за донесување на одлука по предметните барања. Тоа, секако создава штетни последици во правната сигурност и довербата на граѓаните поранешни сопственици.

Почитувани дами и господа пратеници,

Соработката со органите врз кои надлежно постапувам со мојата институција, сеуште не е на задоволително ниво. Тука сакам да го истакнам фактот дека сеуште има органи кои несоодветно се оденсуваат кон барањата и препораките на институцијата, изразувајќи само декларативна спремност за соработка. Секако дека оваа појава се должи на фактот дека службените лица не се во доволна мера обучени и запознати со овластувањата на Народниот правобранител, за што во иднина е неопходно нивна едукација. Иако, Народниот правобранител во основа ги штити уставните и законските права на граѓаните, кога им се повредени од државните органи, неговото дејствување има и поширока улога, значење и цел. Преземајќи дејствија за заштита на правата на граѓаните, Народниот правобранител воедно помага и за унапредување на работата на државните органи, што како крајна цел значи граѓаните поефикасно и побрзо да го остваруваат своето право без одложување на управните постапки и избегнување на непотребните судски постапки. Ова од друга страна укажува дека постои уште една

пософистицирана димензија во неговото дејствување, која што можеби е и најважна во остварувањето на неговата улога на промотор и заштитник на човековите права. Народниот правобранител особено во земјите што го поминаа периодот на транзиција, освен што треба да придонесе во реформите на сите сегменти во државата со своето дејствување без присилен инструментариум зад себе, треба да претставува и реформатор на свеста и совеста на државните службеници, што е услов без кој се неможе во секојдневното функционирање на системот и правната држава.

Почитувани дами и господа пратеници,

Дозволете ми накратко да ги изнесам и моите идни активности. И во наредниот период целосно ќе се посветам кон остварувањето на основните функции што произлегуваат од Уставот и Законот за народен правобранител, како и од другите закони, како и од меѓународните стандарди во областа на остварувањето на заштитата на слободите и правата. Во тој контекс, а во функција на унапредување на методот на работа ќе се преземат соодветни активности и мерки за истражување на состојбите во областа преку непосредни увиди во работењето и воспоставување во поблиска комуникација и соработка со органите на државната управа и органите и организациите што вршат јавни овластувања, при што поголемо внимание ќе посветам на самоиницијативноста како принцип на работа.

Исто така, ќе настојувам да ја унапредам соработката и користењето на средствата за јавно информирање, а сето тоа во функција на заштита на правата на граѓаните, користејќи го методот на изложување на јавна критика на прекршителите, се разбира, на правата на граѓаните.

Во наредниот период ќе настојувам да се унапреди и соработката на меѓународен план преку билатерални и мултилателарни средби и контакти со соодветни или сродни институции. За реализација на активностите за кои говорев неопходно е потребно создавање услови за извршување на надлежностите со полн капацитет, осовременување на методите на работа и постојано стручно усовршување.

Почитувани дами и господа пратеници,

На крајот ве уверувамм дека заложбата за навремено, ефикасно и законито работење што го барам јас од органите врз кои надлежно постапувам, претставува основа во извршувањето на мојата функција со професионален и транспарентен однос кон работата, секогаш спремен и отворен за сугестии и спремност за постојано надградување на институцијата.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Му благодарам на Народниот правобранител за воведните напомени.

Има збор пратеникот Караџоски Жарко.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, господине Народен правобранител, почитувани колеги,

Во Собранието на Република Македонија веќе стана пракса, откако е со Уставот воведена институцијата Народен правобранител еднаш годишно да го разгледуваме Годишниот извештај што Народниот правобранител го доставува до Собранието на Република Македонија.

Морам да признам дека ваквата пракса е добра од два аспекти. Значи, прво, како пратеници со оглед на тоа што ние го бираме Народниот правобранител, од еден аспект да ја согледаме и улогата, но и работата на Народниот правобранител, поточно дали ја остварил и ја извршил онаа функција која му е доверена со Уставот. Од втор аспект да согледаме и да разгледаме дали во Република Македонија се кршат човековите права и слободи и ако се кршат во колкава мера е тоа. Ние како пратеници, еве конкретно да речеме јас како пратеник и на претходниот Годишен извештај исто сум дискутирал и внимателно сум го прочитал и во оваа своја дискусија која денес ќе ја искажам ќе правам една споредба или една анализа или споредба со претходниот извештај, при што и во самиот извештај за 2004 година таква споредба прави и Народниот правобранител, од една проста причина да се согледа и да се види дали оваа година состојбата во делот на кршењето на човековите слободи и права е во голема односно дали таквите права повеќе се нарушуваат или има некој позитивен ефект.

Мора да констатирам дека и овој извештај многу малку се рразликува од минатогодишниот извештај, значи и квантитативно и квалитативно.Ако го погледнеме и овој е доста опширен како што беше и минатогодишниот по сите оние сегменти и области во кои се опишуваат конкретните задачи и работи што ги сработил Народниот правобранител и сите поплаки и преставки што дошле до Народниот правобранител, со можеби има еден мал подем на зголемување на обемот на работа кај Народниот правобранител оваа година во однос на минатогодишната. Меѓутоа, главната констатација која мора да се изнесе е тоа што и оваа година, фактички 2004 година кога го гледаме овој Извештај продолжува она континуирано кршење на законските повреди на слободите и правата на граѓаните, како и индолентниот однос на органите на власта од граѓаните, но и кон институцијата Народен правобранител.

Сега, ако внимателно го разгледаме Извешајот, самата констатација што ја вади и Народниот правобранител, во делот каде што сам заклучува дека во голем број случаи не се почитуваат правните норми или неправилно се применуваат, поради што често се прекршуваат човековите слободи и права и заклучокот дека се зголемуваат претставките на Народниот правобранител упатува на две работи. Од една страна како

правна држава или како држава не сме пошле многу напред во смисла на тоа како да ги заштитиме слободите и правата на граѓаните, поточно органите на власта и понатаму продолжуваат со она што и претходната година, но и другите години наназад Народниот правобранител го констатирал во своите извешаи и покрај сите негови напори кои ги прави во рамките на неговите овластувања. Значи, таа состојба мора да не загрижи. Тоа е од една страна.

Втора страна,ако поставиме заклучок зошто пак сега претставките се зголемуваат, значи една е таа кога и понатаму продолжува тој индолентен однос на органите на власта, второ е тоа што институцијата Народен правобранител, сепак, добива се поголема доверба кај граѓаните, се поглем авторитет, за разлика од оние почетни години кога можеби граѓаните и не знаеја кои овластувања ги има Народниот правобранител. Од година во година тие претставки односно таа доверба се зголемува и одтука доаѓа и онаа втора констатација зошто овие преставки се почести кај Народниот правобранител.

Сега, ако продолжиме во делот на обемот на работа, каде што имавме прилика и да го прочитаме, но тоа го кажа и во своето уводно излагање господинот правобранител, гледаме дека оваа бројка од вкупно 3202 претставки за оваа година, укажува на тоа дека и самиот Народен правобранител констатира дека тоа е огромна бројка. Се посотавува прашањето дали Народниот правобранител односно оној кадровски потенцијал кој што му е на располагање, со сите оние овластувања што му ги дава Законот, може да одговори и кватнтитавни и квалитативно во смисла на олкав број на претставки. Ако внимателно се исчита извешајот, ќе видиме дека, зборувам за институцијата Народен правобранител, да не се сфати погрешно дека е тоа само господинот Иџет Мемети, таму има и други луѓе, се прават напори Народниот правобранител да постапи во што поголем број на случаи од сите овие кои што се дојдени како вкупен број. Значи, бројот по кој што Народниот правобранител постапил во секој случај на оние начини на кои што и самиот кажува дали со директни разговори, дали со директни претставки, дали со ургенции до надлежните институции или телефонски јавувања, се она што му го дава Законот, тој број е некаде процентуално околу 72%, што во секој случај може да биде задоволителен, зароа што кажав со ваквиот кадровски потенцијал кој што му е на располагање и со волкав број на претставки, тешко е да се оствари бројката од 100%, поточно тешко е да се постапи по сите предмети односно претставки. Во скоро 18% случаи е констатирана повреда на човековите права, што според мене е голем број. Оној друг процент каде што има еден голем дел на претставки по кои не се постапило по нив од причини кои што или немале основ или во најголем број случаи граѓаните не биле доволно информирани за своите права, тоа не може да укаже на тоа дека заради таквата состојба и не е кој знае колку страшна состојбата во делот на кршењето на човековите права. Меѓутоа, една бројка од скоро 20% констатирани повреди од вкупниот број, што значи сепак не е мала, укажува дека во Република Македонија и понатаму останува главен проблем кој што го кажав на почетокот. Нема многу да зборувам по однос на обемот, доста во тој дел кажа самиот Народен правобранител, но јас ќе се задржам на она што како образложение ни го дава во Извештајот во делот на прегледот на состојбите во поглед на почитувањето и заштитата на човековите права. Загрижува податокот што буквално секој извештај, кој што веќе доаѓа овде кај нас како пратеници од страна на Народниот правобранител, буквално наликува еден на друг. Секогаш како најголеми констатирани повреди на човековите права и во минатогодишниот Иавештај и во извештаите во претходните години, секогаш на прво место е заштита на правата во полициската постапка. Значи, џабе ни е овде што дискутираме и го усвојуваме овој годишен извештај, џабе ни е што и со заклучоци кога го усвојуваме овој извештај даваме насоки итн. џабе е дури целата онаа работа која постапувајќи согласно Законот за Народниот правобранител, тој со своите сугестии, претставки до овластените во МВР, испаѓа дека е се џабе кога од година во година делот на претставките во делот на МВР, се зголемува. Значи, убедливо прво место и во минатогодишниот и во овој годишен извештај, што укажува дека во тој ресор, кршењето на човековите права се најбројни. И, тоа Народниот правобранител укажал со многу примери во кои делови, особено во делот на притварањето, во делот на приведувањето итн, да не ги набројувам сите, физичките насилства кои што ги прават, делот на прекршување на овластувањата , кои што како полиција го имаат, што значи од година во година буквално се истите заклучоци и истите повреди кои што се повторуваат. Значи, со тоа не сме направиле ништо, освен што граѓаните го зголемиле бројот на поплаките до Народниот правобранител, сметајќи дека ете преку таа институција можат да ги остварат своите права. Меѓутоа, не е институцијата Народен правобранител односно не може да се свати како еден орган кој што ќе посредува помеѓу граѓаните и органите на власт или ќе им укажува на нивните недоследности, туку органите на власт треба да сватат дека Народниот правобранител е уставна категорија која се грижи за човековите права. И, кога во една година има толку претставки кои што Народниот правобранител ги доставил до нив, тие треба нормално да размислат и да преземат мерки за таквите нарушувања на човековите права да се намалат. Би бил среќен кога би дошол еден извешај од Народниот правобранител каде што ќе видиме, особено во овој дел каде што зборува за МВР, ќе констатираме дека бројот на поплаките или претставките од граѓаните до Народниот правобранител, како и ургенциите од страна на Народниот правобранител во овој

ресор се намалува. Но, за жал, состојбата не е таква, за која што нешто упатува на заклучокот дека власта во Република Македонија слабо постапува по она што значи човекови права, напротив, продолжи понатаму континуирано да ги krши.

Ако продолжиме да го гледаме Извештајот, има многу интересни заклучоци и од страна на Народниот правобранител кога станува збор во делот, повторно ќе кажам, на полициската постапка, каде што и самиот Народен правобранител констатира дека во делот со соработката со Јавниот обвинител, по се изгледа и овде затајува. Значи, не е случајот само со антикорупциската комисија, туку се гледа дека и кај институцијата Народен прабовранител, очигледно Јавното обвинителство и во овој случај затајува. Еве, само една констатација која ја изнесе Народниот правобранител, каде што вели дека само за еден предмет е добиен одговор дека е прифатена кривичната пријава, а за другите обвинителството или ги отфрлува како неосновани или сеуште не одговорило, што е катастрофален заклучок. Иако, Народниот правобранител констатира дека за сите оние за кои што поднел до Јавното обвинителство вакви пријави по претходно анализирање и претходна постапка е уверен дека постојат елементи за гонење од страна на овластените органи.

И тука се отвора оној проблем, за кој ќе дискутираме по 39-та точка, така што не можеме да очекуваме од институцијата Народен правобраннител само да укажува, ние овде да ги нотираме и да дискутираме по нив и да кажеме дека бројките растат или не растат, кога институциите што се надлежни за гонење, кои се надлежни да се грижат за човековите права затајуваат. Тука како пратеници и како Собрание, во секој случај, мораме да преземеме одредени мерки, за да не се повторуваат ваквите состојби, односно да не се зголемуваат. Мора да укажеме дека Јавното обвинителство е навистина овластен орган, кој ги гони сторителите, меѓутоа, не може да се потцени улогата на Народниот правобранител, кој со своите пријави до Јавното обвинителство има право да знае што се случува и до каде се постапките, затоа што ништо нема да направиме ако останат само во фиоките или бидат поднесени само од страна на Народниот правобранител, а да не се преземат одредени дејствија.

Кај делот на правосудството, овој Извештај е доста опширен и сега тука ако согледаме подетално, ќе повториме и од страна на Народниот правобранител ќе се види она што овие денови е актуелно, за кое веќе ја поминавме и првата фаза од измените на Уставот во делот на правосудството. По се изгледа сме постапиле правилно, затоа што ако го разгледаме Извештајот на Народниот правобранител, а преку тој извештај зборуваат граѓаните на Република Македонија, најмногу поплаки и најмногу претставки има во делот на судската власт. Ако ги сондираме тие поплаки на кој дел се однесуваат, тоа е токму оној процедурален дел, во делот на неажурноста, во делот на предолгото влечење на споровите, непресудување во правилни временски рокови во кои треба да биде пресудено итн., за кои имаме и класичен пример што го наведува Народниот правобранител, односно случајот со Основниот суд Скопје 2 - Скопје, кривичен предмет број 796/98, каде од 1999 година до ден денес немаме правосилна пресуда. Тоа е сепак кривичен предмет, а бидејќи ова Народниот правобранител го посочил го земам како пример и сигурно вакви примери има многу, тогаш со право граѓаните ќе реагираат и ќе бараат да им се остварат тие права, односно она што е зацртано согласно законот и Уставот.

Сега се поставува прашањето што може да направи Народниот правобранител, освен она што го направил. Имено, се јавил со свои претставки, се обратил согласно законот и правата што му ги дал законот, односно писмени ургенции, можеби и телефонски и било како, но и понатаму во делот на судската власт по се изгледа тоа не влијаело, така што вакви предмети очигледно постојат многу. И добро е што Народниот правобранител во дел од својот извештај констатира, кога зборува за судството, дека не се само објективни причините поради кои вакви предмети имаме куп, односно поради што можеме да констатираме дека судството не ни е ажурно или во најголем број случаи правдата воопшто не е ни достижна, туку мора да се констатира дека таму постои субјективна причина каде што овој пример тоа го докажува. Значи, она што под најитно треба да се направи, а на тоа обрнува внимание Народниот правобранител во својот Извештај е да се продолжи со реформите во судството на начин на кој што сега отпочнавме со Уставните амандмани и што поскоро, тоа подобро, кога веќе станува збор за човековите права.

За јавното обвинителство издвоена е посебна глава и Народниот правобранител констатирал во својот извештај дека во овој орган забелешките кои се однесуваат во судството важат и за Јавното обвинителство, а главна забелешка е недоволната стручност и совесност во постапувањето по предметите, недоволното следење на текот на постапката, потоа одложување на постапката пред Јавниот обвинител, а понекогаш и застареност на кривичното гонење или кривичниот прогон. Значи ако повеќе пати и во повеќе пратенички прашања ние како пратеници сме давале разни изјави или сме имале доблест да кажеме јавно на сметка на она што граѓаните го пренеле до нас кога сме го критикувале јавното обвинителство, особено Јавниот обвинител на Република Македонија, сега гледам дека тоа што сме го кажувале, а граѓаните до нас го доставувале или се поплакувале било апсолутно оправдано и кога ги читам сите овие извештаи од Народниот правобранител и антикорупциската комисија, очигледно дека нешто во Јавното обвинителство фали и очигледно дека

во тој дел треба да се преземат некои мерки, за да не излезе да читаме едни вакви заклучоци кои навистина треба да не загрижат сите, затоа што ако органот кој што е овластен да гони сторители кои ги кршат или злоупотребуваат законите, доколку не се преземат мерки од оној орган кој што е овластен да ги преземе, не можеме да очекуваме дека наредната година Јавниот обвинител односно Народниот правобранител ќе ни донесе извештај во кој ќе каже дека оваа година состојбата во областа на човековите права е значително подобра. Граѓаните односно сторителите на ваквите кривични дела или прекшоци не може да ги премисли да ги повторуваат, тоа што ние сега гледаме некаков извештај и тоа што Народниот правобранител ќе постапи во рамките на своите овластувања. Нив може да ги загрижи само доколку Јавното обвинителство, заедно со судската власт преземе конкретни мерки за да застане на ваквите аномалии, а се знае како тука се застанува.

Во делот на казнено-поправните и воспитно-поправните установи доста опширно се впуштил Народниот правобранител во смисла на тоа какви се таму условите, општиот впечаток на сите ни е познат, условите таму се многу лоши. Повеќе години наназад се зборува дека Република Македонија во рамките на казнено-поправната или воспитно поправната функција или улога воопшто ја нема, поточно таа е исчезната, се се сведува на репресија или казна за некој нешто што сторил. И овде ќе кажам дека ваквите констатации ги имаше и во минатогодишниот извештај од страна на народниот правобранител. Еве, една година помина, ова е веќе втора, истите констатација ги имаме и во овој извештај и освен што некои мали реконструкции кои Владата во КП Дом "Идризово" презема, многу или може да се каже воопшто не е преземена некоја којзнае каква состојба за подобрување на состојбата на осудените лица. Најповеќе загрижува можеби онаа констатација која Народниот правобранител ја искажал во делот на условите за одлежување или отслужување на мерката притвор. Она што овде го пишува во Извештајот дека таму условите се катастрофални, дека и просторно, но и инаку воопшто не е регулирано онака како што треба да биде, искрено, сите оние што се притвораат, а имавме прилика оваа година да се изнагледаме такви притвори кои после излегоа неосновани, треба да се замисли и оваа држава, органите кои тоа го препорачуваат, прво да видат дали таа мерка притвор треба да се користи како што се користи и каде се користи, односно каде се издржува таа мерка. Вака, како што констатира и Народниот првобранител нешто мора да се промени, но искрено не верувам затоа што освен што ќе продискутираме и ќе кажеме дека некои работи не чинат, од година во година многу малку сме презеле за да ги решиме и надминеме тие аномалии. Потоа, во делот на заштита на правата од областа на имотно прврните односи групирани се во неколку, во делот на децентрализацијата сме дискутирале многу за овој проблем и не би сакал сега да го повторувам, обезбедување права на градежно земјиште, запишување на правата на сопственост, експропријацијата и уште многу што - главно Народниот правобранител констатира во неколку сегменти дека постапките по повод барањата од страна на граѓаните не се извршуваат на најсовесен и најефикасен начин, потоа дека постои тенденција за попречување на остварувањето на правата и интересите на граѓаните. При вршењето на службените должности и при донесувањето на одлуките се раководат органите кои што треба да ги донесаст од погрешна, неоправдана и неразумна оценка на фактичката состојба, не се обезбедува еднаков третман на граѓаните итн., сето ова што овде се укажува навистина загрижува и повторно ќе кажам дека во делот на она што значи вакво нарушување на права мора нешто да се преземе. Да не одам сега дел по дел, правата од животната средина итн., работните односи за кои овие денови ќе имаме можност да разгледаме нов закон за таа област, меѓутоа, главно мене ме радува што Народниот правобранител, кога зборуваме за заштита на правата од работните односи, состојбата во делот на заштитата на правата ја прикажал апсолутно објективно и ме радува затоа што ја прикажал објективно.Имено, за да знаеме дали еден проблем е навистина проблем треба да се прикаже објективно. Тука во извештајот ќе видите дека граѓаните се жалат најчесто на неоснованите откази, се жалат на оние технолошки вишоци за кои не се почитуваат критериуми, се жалат најчесто за повредата на категоријата оглас или конкурс, која во најголем број случаи се злоупотребува. Она што овде го констатира и Народниот правобранител, граѓаните се жалат од вработување согласно партиската припадност за која многу пати овде како опозиција сме зборувале, па сме добивале одговори според кои ние сме измислувале дека такви вработувања има, меѓутоа, еве, тоа го констатира и Народниот правобранител. Значи, не зборувам само за поплаки што дошле, туку и самиот Народен правобранител констатира дека такви работи постојат според она што го направил како увид. Да не зборувам за конкретните случаи што се овде наведени за да не одземам премногу време, затоа што сигурно би потрошил цел ден, меѓутоа, во основа мене ме радува кога еден објективен извештај укажува на она што повеќе години сите овде го знаеме, сите го зборуваме, но за жал до денес не е ништо преземено.

За правата од станбената област има констатации дека има доста злоупотреби на правата и законските овластувања. Мора да констатирам дека за разлика од минатогодишнот извештај, овој извештај содржи и некои делови во кои Народниот правобранител се впуштил согласно претставките што ги добил, а тоа е - овој извештај е комплетиран повеќе од ланскиот или претходните - во делот кога зборува за раселените лица и во делот кога зборува за правата односно повредите на етничките заедници во Република Македонија. Тоа е нешто

како посебно издвоено. Потоа за положбата и правата во делот на етничките заедници, тоа го има уште на самиот почеток на Извештајот и многу не се впуштив во таа работа, јасна е констатацијата според Народниот правобранител дека не се почитуваат правата во смисла на тоа дека сеуште постои одредена репресија спрема одредени етнички заедници од страна на власта. Се надевам дека колегите од позицијата кои припаѓаат на делот на етничките заедници ќе кажат нешто повеќе. Но ме радува што во овој извештај има констатација, поточно има еден извештај кој што зборува за раселените лица и во него се кажува она што е и објективна состојба, за која сме имале прилика и овде да продискутираме. Таму е јасно констатирано од страна на Народниот правобранител дека раселените лица живеат во тешки услови и дека е потребно нивно што побрзо враќање итн., да не го кажувам сега сето тоа бидејќи е општо позната работа. Но ме радува што и самиот Народен правобранител упатува сугестија до Владата дека по некои свои настојувања да се изнајдат ефикасни мерки за остварување на решенијата на Владата да се подобрат општите услови на живеење итн., и ред други работи кои ги наведува Народниот правобранител што укажува дека проблемот со раселените лица сеуште постои во Република Македонија и за жал не е многу надминат во споредба со минатата година. Кога овде имавме можност да позборуваме ние како пратеници, слушнавме од претставници на Владата дека тој проблем се решава и дека Владата ќе предложи решение до крајот на годината тој проблем да се надмине, дури имавме такви сугестии, меѓутоа, еве, годината полека врви, ништо кој знае што во тој дел не е преземено, за што сега сведочи и самиот Извештај на Народниот правобранител.

Морам да напоменам дека во овој Извештај Народниот правобранител констатира свои забелешки од тоа што ги посетил колективните центри, како што самиот наведува, "Кристал" и "Куба" - Куманово, "Ранка Милановиќ" и "Стив Наумов" во Скопје и "Чичино Село" во Сарај. Значи за оваа состојба што сега ја дискутирав тој направил увид на лице место и дал таква констатација, а не само од поплаките. Значи, покрај сите оние сугестии што сме имале можност како пратеници да ги упатуваме до Владата и многу пратенички прашања, па и расправи овде, еве нека послужи и ова како аргумент до власта, да не презема мерки само со тоа што најлесно е да ги затвори прифатилните сместувалишта, а да ги остави на улица раселените лица, туку да најде навистина соодветен начин како да го реши тој проблем на обострано задоволство. Поточно најдобро и најлесно би било раселените лица да се вратат онаму од каде што дошле овде. Но, за тоа треба да се создадат услови и за тоа треба Владата повеќе во тој сегмент да поработи.

Во останатите делови, во делот на пензиското и здравственото осигурување, здравствената заштита доста опширно е наведено и не знам што би кажал повеќе од она што секој граѓанин го знае. Можам само да кажам да не мора да се старее, би било најдобро, меѓутоа, за жал мора да се старее. Да се биде пензионер денес повеќе не е привилегија туку осуда, и ако сето ова го прочитате за состојбата што ја дава Народниот правобранител а не ние како пратеници на опозицијата, навистина сите ќе не фати страв кога ќе дојде денот кога мораме да одиме во пензија. За делот на здравствената заштита и какви се нарушувањата на правата таму најдобро би било човек никогаш да не се разболи за да не ја види онаа мака на која се изложени граѓаните на Република Македонија. Но таа е состојбата, се надевам дека она што овде народнот правобранител ни го пишува и тоа доста опшрино ќе дојде до ушите на некој, особено во Владата, за да преземе конечно некои мерки за да не ни доаѓаат вакви опширни извештаи за нарушување на човековите права. Јас би сакал таквите извештаи особено во овие области за кои зборувам да бидат што помали. Не би сакал да ги аналилзирам сите работи, но општата констатација што ја дава и самиот Народен правобранител е тоа што според него е забележан позитивен тренд и степен на обезбедување, почитување и заштита на правата и слободите на граѓаните, но сеуште не е на задоволително ниво. Тоа е констатација на Народниот прзвобранител. Јас би кажал дека кога зборува за позитивниот тренд мислам дека зборува за функцијата Народен правобранител, затоа што позитивен тренд може да има само во тој сегмент, во сегментот на постапување по претставките, но никако нема позитивен тренд во делот на заштитата на човековите права од страна на оние кои треба тоа да го прават.

Оној дел, каде што се зборува за односот на Народниот правобранител со останатите институции, во најголем дел тој однос затајува. Најеклатантен пример е Јавното обвнителство каде што тој однос таму треба да биде најдобар, но за жал не е. Што значи дека она што Народниот правобранител успеал да го сработи 2004 година, со тоа што нормално му било на располагање, е тоа што повторно покажува дека освен во делот на зајакнување на позицијата на Народниот правобранител како институција, освен во делот потпомогнат со медиската кампања, самата функција на Народниот правобранител, кое е значењето и што се тој може да направи од аспект на овластување и можноста што тој ја има и со уставните амандмани, па и со Законот за Народниот правобранител, таа позиција и таа функција во некој дел да се подобри, граѓаните на Република Македонија освен што разбраа дека во Република Македонија постои институција Народниот правобранител каде што можеме да појдеме и да поплачеме, да се пожалиме на некого, другито дел, делот на заштитата на човековите права и понатаму затајува. Тоа е органите на валста, сето она што подразбира власт и понатаму продолжуваат по старата песна,

со тоа што во еден дел ќе ги примат претставките. Можеби во голем процент и ќе ги примат претставките, сугестиите од страна на Народниот правобранител, но прашање е колку по нив ќе постапат и колку од нив ќе корегираат за во иднина да не се повторуваат.

Вака, како што е Извештајот ни доаѓа и вака како што имаме можност да согледаме, не можеме да констатираме ништо друго, освен тоа дека Народниот правобранител ја врши својата работа онака како е дадено со Уставот и со Законот. Се труди што пвоеќе да придонесе во делот на што помалку нарушувања на човековите права и слободи, но за жал органите на власта во Република Македонија и понатаму продолжуваат да не ги почитуваат и во најголем дел да ги кршат ваквите слободи и права.

Од тој аспект, јас морам да искажам дека овој Извештај,како Извештај, како работа на Народниот правобранител ќе го прифатам, ќе гласам позитивно и овде би упатил сугестија до Народниот правобранител уште похрабро, уште подетално, уште повеќе да псотапува по ваквите претставки. Овој дел да не биде 70, ако може да биде 100%. Но, би сакал, искрено, и како пратеник и како граѓанин на Република Македонија, во иднина почнувајќи од оваа година, кога ќе дојде овогодишнио тизвештај, да тој биде барем половина помалку од овој, во смисла на тоа дека толку е подобрена состојбата со нарушувањето на човековите права и слободи, да конечно човековите права и слободи бидат нарушувани до тој степен што ни доставил половина помал извештај од овој.

Се надевам и верувам дека дури и ова е скратена верзија на она што Народниот правобранител ни доставил, затоа што ако би опишал сите настани што по разни области ги има, или ако ни дал повеќе конкретни примери, сигурно дека ќе бил многу пообемен и тешко дека некој пратеник ќе можеше да го прочита.

Значи, тоа е сугестијата за Народниот правобранител, по сета онаа негова кадровска екипираност, со сето она што тој го има како потенцијал, за што зборува и во својот Извештај, да засука ракави и до година што може, што е до него, повеќе да им сугерира на органите на валста, на Владата да ваквите права, односно кршењето на ваквите слободи и човекови права биде што помало, за да и нему се олесни работата, да не постапува толку многу, а од друга страна и граѓаните на Република Македонија се чувствуваат како граѓани во една нормална правна држава.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

За реплика е пријавен господинот Томиќ Зоран.

Од останатите кои се приајвија во текот на дискусијата на господинот Караџоски, за реплика е госпоѓа Ивановска Лилјана, дали има друг од пријавените? (Нема)

Значи, прво реплика господинот Томиќ Зоран, три минути.

Повелете господине Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Благодарам потпретседателе.

Се обидував во ова 38- минутно излагање на колегата Караџоски да разберам дали тој на крај се произнесе дали позитивно ќе гласа по Извештајот на Народниот правобранител, меѓутоа навистина не ми остави впечаток дали нему и на сите нас ни е јасно што сакаше да каже.

Имено, говорот го започна така што кажа дека извештаите се препишуваат, прераскажуваат и наликуваат секоја година едни на други. Од втората страница, на неколку наврати цитирајќи конкретни страни или поглавја од самиот Извештај кажува дека Извештајот е објективен. Сега, логично се поставува прашањето - е објективен или не е објективен, се препишуваат од година во година или не се препишуваат? Тоа е едната работа.

Втора работа, самиот факт што од година во година се повеќе граѓани се обраќаат на Народниот правобранител зборува за јакнење на самата функција на Народниот правобранител и довербата што ја ужива кај граѓаните. Тоа за мене е еден позитивен исчекор. Добро е што граѓаните веруваат на таквата институција, добро е што ги лоцираат проблемите кај оделни државни органи. Во тој дел се согласувам со колегата Караџоски. Меѓутоа, никао не можам да прифатам дека овој Извештај не е објективен, не е реален или пак служи едноставно за политички маркетинг од страна на колегата Караџоски да се лоцираат слабостите на институциите во системот.

За тоа имаме посебни точки, посебно во делот на обвинителството. Ќе дискутираме на таа тема. Меѓутоа, тоа што посебно би сакал да го кажам, наскоро, на седница на Собранието ќе нидојде предлогот за именвување заменици на Народниот правобранител. Во поглед на оваа институција сум навистина оптимсит. Верувам дека со неговот доекипирање, доекипирање на самата позиција на Народниот правобранител од година во година ќе зајакнува позицијата и улогата и конечно довербата на граѓаните во ваквата институција.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Томиќ.

Господине Караџоски повелете една минута контра реплика.

**Жарко Караџоски:** Господине Томиќ, навистина со оваа реплика докажавте дека Ви е местото во Владата на Република Македонија. Мене ми е жал што тоа не се случи. Вие фактички не го браните Извештајот со вашата реплика, на Народниот правобранител, вие ја браните Владата за која што јас сакав да кажам дека таа е главната, одговорна институција што заради неа доаѓа до вакви повреди и ваков Извештај.

Инаку, воопшто не спомнав и воопшто не кажав дека некој нешто препишал. Само кажав дека овој Извештај наликува по обем, по квантитет, квалитет на минатогодишниот, затоа што и тој

беше обемен како и овој. Што укажува на тоа дека кршењето на човековите слободи и права е обемно, дека не се намалува, туку се зголемува.

А, за растење на довербата кон Народниот правобранител, јас го кажав тоа и затоа реков дека е објективен и ќе го пдоржам. Меѓутоа, нешто друго треба да се превземе да нема такви големи поплаки, претставки до Народниот правобранител.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Три минути реплика госпоѓо Ивановска Лилјана.

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван потпретседателе, почитуван колега Караџоски,

Со дел од вашата дискусија секако се согласувам. Извештајот на Народниот правобранител претставува еден инстумент во градење на човековите права во Република Македонија. Секако, Извештајот треба да биде можност за зајакнување на позицијата на Народниот правобранител и надградување на институцијата на Народниот правобранител. Од вашата дискусија испаѓа дека не ни е потребен Народниот правобранител доколку се постигне одреден степен, одредено ниво на заштита на човековите права или нивото што сите го посакуваме.

Меѓутоа, Народниот правобранител или омбуцманите, во сите најразвиени европски земји постојат, токмуод аспект за постојана заштита на човековите права. Затоа што тоа е бесконечен процес. Секогаш, заштитата на човековите рпава е приоритет за сите европски држави, како што сме и ние дел од таа Европа, ќе бидеме дел од таа Европа. Затоа, расправите по Извештајот треба да бидат насочени токму во таа насока: надградување на институцијата Народнен правобранител. Се надевам дека во скоро време ќе дискутираме за специјализирани народни правобранители во однос на половата рамноправност или други човекови рпава.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Ивановска.

Една минута контра реплика на господинот Караџоски Жарко.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Почитувана колешке Ивановска,

Јас воопшто не спомнав дека не ни е потребна институцијата Народен правобранител. Кажав дека обемот на работа на Народниот правобранител, ваква каква што е екипирана, е преголем, што укажува на тоа дека Народниот правобранител, колку год да сакал да се труди и колку год да сакал, самиот во својот Извештај пишува дека постапил во 77% од случаеви, што објективно и физички, како сакате, не можел да направи. Значи, кажал дека обемот е преголем, што укажува на фактот дека премногу се кршат човековите права од страна на оние што ги кршат.

Јас би посакал овој Извештај и наредните извештаи да бидат што помали, а нормално дека треба да опстојува институцијата Народен правобранител.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Продолжуваме понатаму со дискусиите.

Има збор пратеникот Крстевски Зоран.

Повелете господине Крстевски.

**Зоран Крстевски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван Народен правобранител, почитувани колеги,

Навистина, оваа тема еднаш годишно доаѓа во Собранието на Република Македонија, тоа е еден законски предуслов да ние го гледаме Извештајот, но преку цела година расправаме по многу прашања, по многу случувања овде околу кршењето на човековите права и слободи.

Ме чуди што овој Извештај, по дефиниција , се однесува на кршењето на правата на граѓаните од страна на државните органи, а да на расправата не учествува претставник на Владата, со што само уште еднаш се покажува каков арогантен однос има Владата према ова прашање.

Тоа и не зачудува ако имаме предвид дека оваа институција ја воспоставивме уште со Уставот од 1991 година. шест години не беа доволни тогашната власт да предложи закон. Дури после шест години имавме иницијатива од пратеник и еве, имаме донесување на нов Закон што го надгради претходниот Закон и мислам дека треба и понатаму да размислуваме, кога дискутираме по оваа материја, како да ја надградуваме институцијата Народен правобранител.

Во таа дискусија, пред две години, укажав на потребата да се размислува околу специјализирани обмуцмани, односно народни правобранители, да има посебни за пооделни области. Посебно инсистирав во овие години да имаме омбуцман односно Народен правобранител за заштита на правата на децата. Морам да кажам после ова што го слушнавме вчера од Битола, уште повеќе сум убеден, му предлагам на минситерот, на Владата, односно на Министерството за правда, а и ние овде заедно со народниот правобранител да повеќе посветиме на тоа прашање, бидејќи мислам дека е многу значајно да го уредиме исистемски да го пдоржиме тоа прашање, заштитата на децата.

Во многу земји оваа институција е издигната на ниво на, така да речам "адвокат на граѓаните". Во многу држави од постапките и зборот на народниот правобранител, обмуцманот многу државни функционери се плашат. Ќе ви кажам само еден пример, пред неколку години имаше во Норвешка, каде што е забрането пиење на јавно место, еден минситер искористил можност да направи излет со ферибрд до Данска, на

враќање, народниот правобранител, односнообмуцманот со камери го сочекал и го принудил да дува, при што се покажало дека има алкохол во крвта, што било доволен повод тој да си поднесе оставка.

Јас мислам дека нашиот народен правобранител, во своето уводно излагање ќе каже нешто и за случувањата што ги покрена со прозивките во Штипскиот суд, но очигледно дека во меѓувреме нешто проработело, притисоците видовме како може да одат и Народниот правобранител помалку во иднина, по име и презиме да искажува од кого тоа се кршат правата и слободите на граѓаните икако власта, извршната власт и судската валст се справуваат со носителите на таквите девијации.

Тој проблем, нека ме извини нашиот народен правобранител, во други системи се решава со тоа што при неговиот избор многу се внимава да биде со конценproperty. Значи, опозицијата да учествува. Но ние, во нашиот случај не го имавме тоа. Да веруваме дека компетентнсота и стручноста што несомено ја поседува Народниот правобранител, заради поминатата кариера во неколку инстанци во извршната и судската валст ќе придонесе да ја сфати својата улога и да ја издигне над дневните притисоци или дневните потреби на валста што го предложила и избрала за Народен правобранител.

Што се однесува до самиот Извештај, моја оценка е дека е многу коректен, но тој, како огледало ги покажува вкупните состојби на планот на заштитата на слободите и правата на граѓаните. Постои една страшна дискрапанца помеѓу општото сознание дека се кршат човековите права и слободи во Македонија, дека заштитата и во управната постапка и во судската постапка е недоволна, дека огромен број на предмети стојат незавршени, дека многу малку е присутна лаичката администрација, дека повеќе притисоци и одлуки и субјективности постојат од позиција на политички протекционизам, што сето укажува на една слабост во кариките на системот и се помалку присуство и исполнување на уставното начело за еднаквост на граѓанит епред законите.

Отука, прво во обем многу малиот број на претставки што се сепак дадени до Народниот правобранител зборуваат дека, општо земено, малку е афирмирана улогата на овој институт во нашиот правен систем и затоа еден од заклучоците треба да биде какод а се зајакне. Тој не може да се зајакне на зборови. Тој мора институционално да се зајакне. Свесни сме дека во изминатиот број години многу малку се правеше за јакнење на функциите на Народниот правобранител, мал број на заменици, мал број на канцеларии, мал број на административци и сето она што една постапка во многу ги пресликува, да речам, постапките пред надлежните органи, треба да се спроведе и овде, па затоа што помалку волонтаризам, што поголема професионалнсот толку повеќе доверба и компетентност на Народниот правобранител во извршувањето на своите уставни задачи.

Не знам зошто Народниот правобранител овде го истакна само прашањето на потребата од доенсување на закон за недискриминација. Можеби тој, на одреден начин има свое значење што би требало да ги дефинира дескриминациите и да ги лоцира реалциите во кои, постапувањето по целисходност, односно по убедувањето на некои од службениците ќе ја исклучи можноста од различно толкување на примена на некои прописи, кога се работи на пример за некои работи, да речеме овде беа потенцирани од релациите што се воспоставенисо примената на Рамковниот договор, односно со таканречената позитивна дискриминација на малцинските групи,односно на етничките заедници. Така што во тој дел, веројатно треба еден покомплексен пристап како од науката, како од компаративните искуства во други држави, се со цел да се намали можноста од субјективизам во водењето на одредени постапки во кои граѓаните се дискриминирани.

Малиот број на прифатени предмети укажува на слабата информираност, односно неможност на граѓаните да користат правна поука, што е и разбирливо, заради општата сиромаштија, граѓаните не се во можност  при водењето на постапки да ангажираат професионални правници, односно адвокати или на некој друг начин. Затоа мислам дека до Народниот правобранител треба да се упати едно размислување кое ќе значи проширување на овие бесплатни правни помошти на граѓаните. Тоа треба да биде можеби мотив во институциите, каде што најмногу доаѓа до кршење, односно до забелешки и до поплаки на граѓаните, како би можело уште во жалбената фаза да имаме издржани преставки, се со цел да не се троши енергија и стручноста и човечкиот потенцијал во рамките на Народниот правобранител.

Во однос на третманот на администрацијата, мислам дека овој извештај е далеку од оној што ние како опозиција сакаме да знаеме, тука многу би сакале да видиме, органи и институции, носители на јавни функции, кои се огрешиле според постапките кои ги води Народниот правобранител, ама ќе признаете дека од овој Народен правобранител, барем во оваа година откога е оваа Влада на власт, произлезе како министер за правда и не може бидејќи по логика на нештата некои од предметите се однесуваат на постапки и работи кои се во неговиот мандат. Така да, има конфликтни интереси, што по мене е објективно, но повторувам, познавајќи го како правник и човек кој сака да се докажува и да истерува правда, се надевам дека во иднина ќе биде поагилен во откривањето на злоупотребите од страна на државните службеници, кога се работи за заштита на правата и слободите на граѓаните.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Крстевски.

Од пријавените нема за реплика.

Продолжуваме понатаму со работа.

Има збор пратеникот Кенан Хасипи.

Повелете господине Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Благодарам.

Почитуван господин потпретседателе, господине Народен правобранител, дами и господа пратеници,

Денеска во Собранието на Република Македонија, како и на седниците на надлежните собраниски тела и на седницата на Комитетот за односи меѓу заедниците, од страна на Народниот правобранител беше во кратки црти презентиран Извештајот на оваа институција за 2004 година. Исто така овој Извештај како пообемен материјал беше доставен на разгледување и усвојување во Собранието на Република Македонија, со што оваа самостојна и независна институција ја исполни својата законска обврска.

Доставениот Извештај за наши прилики е невообичаено опширен и сеопфатен и освен организацијата, надлежностите, кадровската екипираност, средствата со кои располага, како и анализата на состојбата на човековите права и слободи по области, обилува и со бројни препораки од надлежните институти, се со цел да се обезбеди ефективна заштита на правата и слободите на граѓаните.

Анализирајќи го Извештајот на Народниот правобранител неминовно се наметнува констатацијата дека оваа институција од основањето па до денешниот ден, не само што организационо, кадровски и материјално не успеа да обезбеди оптимални услови за ефикасно вршење на своите со закон утврдени надлежности, туку сеуште не обезбедило задоволително ниво за заштита на човековите права и слободи и барањето на соодветни механизми, сеуште е предмет на надградување и во земји со напредната демократија, така да тој процес трае и постојано се надополнува со нови инструменти за заштита на правата и слободите на граѓаните.

Се разбира дека и покрај разбирањето за објективните и субјективните околноси и причини за ваквите состојби, сепак од Извештајот е уочливо дека оваа институција и по својата кадровска екипираност, како и по својата национална структура, реално не го отсликува мултиетничкиот карактер на Република Македонија. Недоволната застапеност на припадниците на заедниците, што не се во мнозинство во Република Македонија, па дури немање на ниту еден вработен припадник на турската и на бошначката заедница во оваа институција, цели десетина години од нејзиното основање, во најмала рака е за критика и би било илузорно оваа институција да врши ефикасен надзор за заштитата на човековите права и слободи, доколку по својата етничка структура реално не го отсликува мултиетничкиот карактер на државата. Тоа само по себе ја наметнува потребата принципот на правична и соодветна застапеност, како уставна категорија од генерален постулат да се преточи во разработена законска материја, со точно прецизирани носители и со јасно дефинирани временски рокови.

Би сакал од ова место да ги охрабрам Комитетот на министри за правична и соодветна застапеност, министерот за финансии, како и Народниот правобранител поактивно да се занимаваат со ова прашање, како фундамент на билансирани меѓуетнички односи.

Во тој контекст длабоко сум убеден дека примената на тој принцип и при изборот на замениците на Народниот правобранител, кои ќе раководат со регионалните канцеларии, би значело позитивен исчекор во јакнењето на улогата на оваа независна и самостојна институција.

Впрочем, и не случајно со измените во Уставот на Република Македонија, Народниот правобранител се стекна со нови овластувања, кои беа инкорпорирани во Законот за Народниот правобранител, а тоа се мерки и дејствија за заштита на принципот на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Македонија.

Во тој контекст, наполно ја поддржувам заложбата на Народниот правобранител овие начела да се операционализираат во конкретна правна материја, т.е. во соодветна законска регулатива. Впрочем, во речиси сите европски земји, со етаблирана демократија, овие прашања се нормирани со соодветна законска регулатива.

Би сакал да истакнам дека и покрај недоволната кадровска екипираност, бројката од 3.200 претставки, 2840 обавени разговори со граѓани, покренати 26 постапки по сопствена иницијатива и над 6000 одговори на телефонски јавувања е обем на работа за респект.

Длабоко сум убеден дека ова се должи на позитивните ефекти на покренатата медиумска кампања за надлежностите, улогата и значењето на оваа институција во заштита на правата и слободите на граѓаните.

Извештајот меѓу другото содржи и табеларен приказ на поднесените претставки, при што паѓа во очи дека најголемиот број од претставките се од областа на правосудството, потоа од областа на заштитата на правата во полициска постапка, работните односи, заштитата на правата на потрошувачите и слично.

Анализирајќи го Извештајот, неминовно се наметнува заклучок дека со соработката на институцијата Народен правобранител, со надлежните државни институции не е на посакуваното ниво.

Во тој контекст, се нудат и прецизни податоци за бројот на упатени информации во надлежните

министерства и колку од нив се прифатени од нивна страна.

Анализата покажува дека речиси, 80% од повредата на правата на граѓаните се состои во оддолжување на постапките во судските постапки. Последниот прес на Народниот правобранител и неговото барање да се покрене постапка за неколклу судии од Штип, се должи токму за неоправданото оддолжување на судските постапки. Ваквиот истап на Народниот правобранител наиде на најразлични коментари по мене, поради напуштање на старите стериотипи и отварање на нови перспективи на оваа институција во ефективна заштита на правата и слободите на граѓаните.

Се разбира дека ваквите истапи и укажувања на Народниот правобранител мора да се одвиваат во рамките на наговите законски надлежности, без повреда на независноста на судската власт.

Од Извештајот исто така се уочува дека бројот на претставките на подрачните канцеларии е мал и тие покажуваат слаба динамика на работа, особено во Битола, Кичево, Куманово, Тетово, Струмица и Штип. И тој број на претставки е симболичен. Самиот овој факт укажува на потребата овие подрачни канцеларии што побрзо да се екипираат и да се заврши постапката за избор на заменици на Народниот правобранител во нив.

Сметам дека поинтензивната медиумска кампања за надлежностите и улогата на Народниот правобранител, како и поинтензивната соработка и контакти со меѓународните здруженија и асоцијации, а пред се соработката на невладиниот сектор, битно ќе ја зајакне улогата на оваа институција и ќе обезбеди поголема транспарентност во нејзиното работење.

Во Извештајот посебно е потенцирано дека начелото на недискриминација и правична и соодветна застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, локалната самоуправа и во јавните установи и служби, освен во Секторот за внатрешни работи и одбрана, во другите институции не се одвива со посакуваната динамика и покрај тоа што Агенцијата за државни службеници ги обврза сите државни органи и институции, до крај на април 2004 година да изготват програми за правична и соодветна застапеност на припадниците на заедниците.

Имајќи го ова предвид, Народниот правобранител, нуди неколку препораки, а во 2005 година, во фокусот на своите активности, доминантно ќе ја има имплементација на ова уставно начело.

Во Извештајот подетално се опишуваат одредени појави на повреда на правата на полициска постапка и тоа пред се, во постапките на приведување и сослушување, особено за злоупотреба при примена на средствата на присила. Иако бројот на ваквите поплаки не е голем, сепак се наметнува потребата, примената на присилните средства да биде регулирано со посебен закон, а не како досега со подзаконски акти.

Длабоко сум уверен дека ваквиот пристап значително ќе ги намали можните злоупотреби во оваа сфера.

Би сакал накратко да се осврнам и на некои елементи на прашањето за стекнување на државјанство. Иако во Извештајот се констатира дека проблемите во оваа сфера се значително намалени, сметам дека со измените и дополнувањата на Законот за државјанство и со новото дефинирање на поимот иселеник, што е оспорен пред Уставниот суд на Република Македонија се отвора простор, подносителите на барања за стекнување со македонско државјанство, по овој основ да бидат неоправдано одбиени поради погрешно толкување на овој член. Впрочем, веќе има решенија за одбивање на прием на македонско државјанство, повикувајќи се токму на примената на овој член, иако истиот е оспорен и се води постапка пред Уставниот суд на Република Македонија.

Посебно место во Извештајот е одвоено за проблемите во правосудството, предолгото траење на судските постапки, пропустите во функционирањето на судската администрација и слично. Слични проблеми се уочени и во Јавното правобранителство, адвокатурата и нотарската дејност.

Исто така, во Извештајот се укажува на лошите услови во казнено поправните установи, со што, фактички се оневозможува вистинска ресоцијализација на осудените лица и слично.

Токму од овие причини во Извештајот се препорачуваат коренити и итни реформи во правосудниот систем, за што веќе се иницираа и промени во Уставот на Република Македонија, што како иницијатива беше разгледана и прифатена од страна на Собранието на Република Македонија. Препораките се совпаѓаaат и со гледиштата на Меѓународната заедница за итни реформи во правосудниот систем на Република Македонија.

Во Извештајот се спомнати одредени проблеми во сферата на заштитата на имотно-правните односи, денационализацијата, работните односи, социјалната заштита, пензиското и здравственото осигурување, заштита на правата на децата, проблемите во образовната и во другите сфери, а имаме и посебен осврт за потребата од враќање на раселените лица во своите огништа.

Генерално, мое мислење е дека сме сведоци на позитивни исчекори во заштитата на правата и слободите на граѓаните, дека поголемиот број на преставки се должи на поголемата информираност на граѓаните за надлежностите и улогата на оваа институција, а не на влошување на правата и слободите на граѓаните и дека е потребно кај одредени државни органи да се надмине нивниот ригиден однос кон оваа

институција и да се подобри соработката со истата.

Исто така, сметам дека средствата за јавно информирање имаат огромна улога во откривање на случаите на повреда на човековите права и слободи и утврдување на нивните носители, што би одело во прилог на надминување на проблемите и слабостите утврдени во Извештајот на Народниот правобранител. Освен тоа, сметам дека медиумите се моќно оружје во рацете на Народниот правобранител во остварување на надлежностите на својот делокруг и во ефикасна заштита на човековите права и слободи, поради што е потребно медиумите да се охрабрат да бидат максимално кооперативни со институцијата Народен правобранител, дотолку повеќе што према последните изјави Народниот правобранител покажува спремност за соработка со медиумите и транспарентност во неговата работа.

Најпосле сметам дека е наша должност како парламентарци да дадеме поддршка на ваквите напори на Народниот правобранител, зашто на тој начин оваа институција ќе ја претвориме во моќен инструмент во обезбедувањето, заштитата и унапредувањето на правата и слободите на граѓаните, во владеење на правото и во функционирањето на правната држава во вистинска смисла на зборот.

Токму од овие причини, ќе гласам за Извештајот на Народниот правобранител за 2004 година.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Хасипи.

Збор има пратеникот Абдилаќим Адеми.

Повелете господине Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине потпретседател,

Почитуван Народен правобранител, почитувани колеги, сега е веќе пракса, Извештајот на Народниот правобранител да се разгледува и неговите заклучоци да се донесат овде, во овој Парламент. Јас за секој извештај, за секоја година учествував со свој говор и говорев за сите извештаи на народните правобранители и истиот говор можам да го повторам секоја година.

Овогодишниот Извештај по содржина има неколку новини и тоа почнувајќи оваа година, Народниот правобранител почнува со своето мото и со неговите начела кои се на првата страница на овој Извештај, но и покрај се, јас мислам дека институцијата Народен правобранител е единствен орган кој се избира од парламентарното мнозинство и е можеби меѓу ретките органи кој го критикува тоа парламентарно мнозинство. На еден начин, значи ја игра улогата на една опозиција.

Улогата на Народниот правобранител мислам дека треба да се разбере како идентификација на слабостите на државните органи и овој Извештај и заклучоците на овој Извештај да се искористат за подобрувањето на работењето на тие државни органи, со единствена цел да се зголеми и квалитетот на услугите, но и да се подобрат правата и слободите на граѓаните.

Доколку се анализира обемот и работата на Народниот правобранител за 2004 година, може да се констатира дека за 2004 година, во споредба со 2003 година имаме еден пад на преставки и ова се однесува можеби со пречките за пристапот до Народниот правобранител.

Јас верувам дека голема улога за подобрувањето на поднесување на претставките до Народниот правобранител, ќе одиграат регионалните канцеларии. Се надевам дека на наредната седница ќе ги избереме и замениците и раководителите на тие регионални канцеларии кои треба што побрзо да се доекипираат и пристапот до тие канцеларии да биде што полесен за граѓаните, посебно во градовите надвор од Скопје.

Во прегледот број 2 каде се дадени претставките за 2004 година според етничката припадност и тоа за заштитата на правата во полициска постапка. Можам да констатирам дека од 247 претставки, 50% од нив се поднесени од етничката албанска заедница кои се 123 претставки. За мене овој број е загрижувачки. Во последно време Народниот правобранител и Министерството за внатрешни работи, и другите органи, како што е од Обвинителството треба да преземат поефикасни мерки и можеби, така како што се случи со судиите во Штип каде Народниот правобранител излезе со конкретни имиња и во МВР да се излезе со конкретни имиња, можеби и со конкретни територии, каде се вршат овие нарушувања, бидејќи неможеме да кажеме дека целото Министерство за внатрешни работи не работи по закон, но сигурно може да бидат неколку лица во тоа Министерство. Затоа во оваа област Народниот правобранител би требало да ги обелодени имињата.

Голема улога за зголемувањето на бројот на претставките има и медиумската кампања што може да се види дека оваа година е видливо подобрена.

Врз основа на новиот Закон за Народниот правобранител кој го донесовме минатата година на институцијата Народен правобранител му се дава уште една надлежност и тоа многу значајна, како што е заштитата на правата на припадниците на етничките заедници и застапеноста на овие етнички заедници во сите државни институции.

Со жалење можам да констатирам дека во Извештајот отсуствува информацијата, колку етничките заедници се застапени во сите државни институции. Но, исто така овде отсуствува и информацијата колку етнички заедници, тоа што го спомна и претходниот говорник се застапени во самата институција Народен правобранител. Се надеваме дека врз основа на тоа што сме го слушнале од Народниот правобранител, значи

оваа информација ќе ја имаме во извештај за наредната година и се надеваме дека тој ќе биде таков како што изјави самиот јавен правобранител.

За зголемувањето на првичната и соодветна застапеност на сите етнички заедници, иако тоа е уставна категорија, во неколку институции тоа не се почитува. Тоа го констатира и Народниот правобранител во неговиот воведен говор што го имаше денес овде пред нас, дека нема инструменти или нема механизми со кои ќе ги принуди сите раководители на државните институции, ова начело на правичната и соодветна застапеност, да го почитуваат. Затоа јас сметам дека изградбата на механизмите што би биле земање на одговорност на тие кои не ги почитуваат овие начела, би било еден голем придонес, оваа застапеност да се подобри. Затоа и потребата за донесување на законот за недискриминација, кој го спомна и Народниот правобранител, е повеќе од потребен и треба што побрзо да се донесе.

Во областа на заштитата на правата на човекот во полициска постапка, мислам дека проблемот во оваа област е стекнувањето на државјанство и барањето за државјанство.

Во Извештајот, Народниот правобранител констатира дека посебната комисија на Владата за утврдувањето на условот за владеење на македонскиот јазик е една пречка и Народниот правобранител во текот на 2004 година интервенираше до Владата и има дадено една препорака за разрешување на претседателот на оваа комисија и разгледување на работата на другите членови на оваа Комисија. Но, и по интервенциите оваа препорака не е почитувана од надлежните органи, што мислам дека е еден скандалозен случај и треба што побрзо оваа состојба да се подобри.

На истата страна каде се зборува за опремата со потребни документи за граѓански случаи, како во селото Сопот, се спомнува и кумановско, јас би нагласил дека истата состојба е и во селата Танушевци, Малишево и Блаце каде клучна пречка за самите тие граѓани е да се опремат со лични документи.

Понатаму, проблем беше приемот или неприемот на документите од страна на администрацијата на УНМИК на Косово, кои се издадени од оваа администрација и не се прифатени овде во Република Македонија. Но, овде за среќа, можам да констатирам дека по интервенцијата на Народниот правобранител оваа состојба е подобрена и сега тие документи издадени од УНМИК на Косово, се прифатени и ова не е еден хендикеп за да се стекнат со други документи овде во Република Македонија.

Во областа на судството, можеби една од најпроблематичните области во Република Македонија, со самиот факт дека и ние пристапивме кон уставни измени во оваа област пред еден месец самиот правобранител излезе и јавно побара разрешување на неколку судии во Основниот суд во Штип, токму заради одолговлекување на работите или разните предмети во овој суд. Имаше разни коментари во јавноста, има или нема право Народниот правобранител да предложи разрешување. Јас мислам дека не само Народниот правобранител, туку секој граѓанин на РМ има право да предложи и да иницира иницијатива за разрешување и земање на одговорност на секое лице, не само на судиите. Затоа и последните интервенции на Народниот правобранител во оваа област, ги поздравувам и се надевам дека нема да останеме само на тоа. Во однос на казнено-поправните домови во Република Македонија, овде треба да се нагласат условите во кои живеат затворениците во тие домови. Иако од година во година има подобрување, но не се на посакуваното ниво, посебно во најголемиот Казнено-поправен дом-Идризово. Додека, во препораките кои ги дава Народниот правобранител за казнено-поправните домови, мислам дека треба да се внесе односно да има една препорака за програми за обука на затворениците и да не се разбере делот на издржување на казна, како одржување на казна, туку тие да се обучуваат, по издржувањето на казната да бидат оспособени за да се вклучат или да ресоцијализираат во општеството.

Во делот на поглавјето каде се говори за раселените лица, сигурно дека овој дел е дел од Рамковниот договор и државата треба да гарантира и да го обезбеди враќањето на сите раселени лица. Но, овде треба да се констатира уште еден друг факт, бидејќи во тие објекти кои ги посети Народниот правобранител, се и лицата кои можеби не доаѓаат од кризните региони, или доаѓаат од кризни региони каде видливо состојбата е подобрена. Еве јас можам да кажам има раселени лица од општина Теарце, а состојбата во општина Теарце, знаат сите тие кои живеат, без оглед на нивната етничка припадност, е повеќе од нормална. Затоа јас апелирам до сите тие да се вратат во нивните огништа.

Во делот на заштитата на правата во областа на здравствената заштита, треба да се нагласи дека состојбата не е толку алармантна, но доколку се земе просечниот број на жителите или колку жители доаѓаат на еден лекар, имаме подрачја каде еден лекар има 2500 до 4000 пациенти, додека има региони каде има помалку од 1000 пациенти на еден лекар. Еве можам тука да споредам два града во Република Македонија со приближни бројки на население. Тоа се Тетово и Битола. Во Тетово има 1100 вработени во Медицинскиот центар, а во Битола има 1700 вработени. Овде може да се види какви услуги може да се понудат во едниот или во другиот болнички центар.

Во однос на заштитата на правата во областа на образованието, сигурно дека правото за основно образование е гарантирано од самата држава и државата треба да понуди и да обезбеди услови за сите граѓани, без оглед на нивната етничка

припадност на ниво на целата држава. Овде недостасува, можеби немало поднесено претставки до Народниот правобранител за состојбата со образованието на децата од ромскаста етничка заедница во Република Македонија. Се знае каква е таа состојба. Ние како држава и Владата има предложено стратегија за Ромите во Република Македонија и веруваме дека и во таа област видливо ќе се подобри состојбата.

Во целост, тоа беше она што сакав да го кажам и да го дадам мојот придонес во однос на извештајот на Народниот правобранител за 2004 година. Сигурно мојот придонес како пратеник, во текот на разгледување на извештајот на Народниот правобранител, ќе придонесе да се објават институциите кои не соработуваат како што треба со Народниот правобранител, иако со закон се задолжени за тоа. На крајот ние донесуваме и заклучоци кои ги испраќаме до надлежните државни органи. Но, најдобро би било доколку имаше по еден претставник од секоја институција или од секое министерство кога се разгледува овој извештај на Народниот правобранител.

На крај да нагласам, дека јас ќе гласам за овој извештај со надеж дека во извештајот за наредната година да имаме што помалку констатации на нарушувања на правата на граѓаните во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Адеми.

Има збор пратеникот Лалчевска Ристана.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседателе, господин Народен правобранител, колеги пратеници,

Би скала сосема накратко да изнесам свој став околу извештајот на Народниот правобранител за минатата година и веднаш да кажам дека драго ми е што веќе е востановена праксата да се гледаат извештаите на Народниот правобранител за минатата година, затоа што јас колку што знам токму извештајот што денес го гледаме му е најмоќното оружје кој го има на располагање Народниот правобранител. Значи преку оваа наша дебата ќе ја запознаеме јавноста околу неговата работа и околу перспективите кои ги планира во иднина.

Многу педантно господинот Народен правобранител во еден извештај од стотина страни не информира и не известува за неговата целокупна работа во изминатиот период, како од поставеноста на институцијата преку кадровските можности, потенцијали и перспективи за подобрување во оваа сфера, така и за состојбата во Македонија, во сферата на почитување на човековите права, пред се и перспективите и идеите на Народниот правобранител за унапредување на оваа институција.

Веднаш морам да кажам дека по однос на организацијата на институцијата и кадровската екипираност се појавуваат слабостите кои ги имавме и минатата година, значи слабо кадровско екипирање, недоволен пред се кадровски потенцијал на институцијата, за да може да одговори на напливот на барања за решавања на човекови права, за претставки кои ги има Народниот поравобранител во текот на годината. Тука да споменам дека за разлика од претходниот период имаме една нагорна линија во претставките до Народниот поравобранител. Значи, некако како да имаме растење на довербата на граѓаните кон оваа институција и тоа навистина е добро, меѓутоа не е задоволително, бидејќи од она што ни го изложи самиот господин правобранител и она што го имаме во извештајот ќе видиме дека сеуште е многу мал бројот на луѓето кои се обраќаат до Народниот правобранител што кажува за сеуште недоволна доверба на граѓаните кон оваа институција, ако направиме пак паралела дека во нашата држава состојбата со човековите права не е така розова.

Ние пратениците, јас ќе зборувам за мене лично, верувам дека и колегите имаат такво искуство, граѓаните често ни се обраќаат токму за оваа проблематика, за повреда на нивните права од страна на институциите на државата. Меѓутоа, многу е мал бројот на оние кои ќе се охрабрат да се обратат до Народниот правобранител. Значи бројката на повреди во областа на човековите права и те како е повисока од она што Народниот поравобранител го констатирал, за волја на вистината, од она што значи обраќање на граѓаните до оваа институција. Затоа во овој сегмент е потребно, во наредниот период на работа да се проектира едно поинтензивно едуцирање на граѓаните и доблрижување на институцијата Народен правобранител до нив затоа што Народниот поравобранител не постои сам за себе, постои исклучиво само за граѓаните.

Целата територија на државата и покрај постоењето на тие регионални канцеларии, сеуште доволно не е покриена за да им е блиска на граѓаните, бидејќи имаме градови каде што нема канцеларии од Народниот правобранител, па тие сега, покрај недовербата што постои воопшто кон институциите на системот во државата, тука го вклучуваат и Народниот правобранител затоа што сеуште не го почуствувале во доволна мера како заштитник на нивните права. Значи на ова поле, во овој сегмент мислам дека во наредниот период треба повеќе да се работи.

Покрај извештајот како единствено оружје, јас мислам дека на Народниот правобранител му е потребна силна поддршка од медиумите за некако да го доближиме работењето на Народниот правобранител до оние на кои им е потребен и за кој постои оваа институција. На пример, ќе кажам дека во Охрид, за жал нема канцеларија на Народниот правобранител. Регионалната канцеларија е во Битола, така што и ако треба да побара заштита од Народниот правобранител,

велам покрај недоволната доверба, потребно е да одвои финансиски средства за да оди во Битола, тогаш навистина претставува проблем.

Препорачувам да се работи на ширење на мрежата на канцеларии на Народниот правобранител затоа што граѓаните ќе се охрабрат да дојдат пред оваа институција која постои исклучиво заради нив, само ако ја чувствуваат блиска и физички блиска канцеларијата и блиска по она што значи работење на институцијата исклучиво во нивен интерес.

Тоа се некои мои согледувања по овој сегмент.Понатаму би сакала да зборувам за бројките кои ги изнесе господинот Народен правобранител во Извештајот, за мене, иако спомнав претходно, тоа е само еден дел од повредите на човековите права затоа што тие се однесуваат само на претставките кои се дојдени до Народниот правобранител и она што сам покренал како постапки, тоа е многу мала бројка на негови покренувања на одредени постапки и сепак тие се поразителни во смисла на функционирање, пред се тука се на удар судскиот систем, судските органи и Министерството за внатрешни работи, бидејќи според Извештајот тука се евидентирани најголемите повреди на човековите права.

За мене е поразително од проста причина што токму судскиот систем, правосудниот систем треба да биде гарант за функционирање, а во тој корпус и Министерството за внатрешни работи, треба да бидат основни гаранти за функционирање на правната држава.

Ако во бројката на претставки кои се дојдени до Народниот правобранител токму во овие два сегменти највисока е повредата на правата на граѓаните, за мене тоа е поразително. Тоа укажува дека е потребно зголемување или зајакнување на законската регулатива во оваа сфера и задолжително оние реформи кои веќе ги отворивме и ги дебатиравме, кои треба да отопчнат во правосудниот систем.

Се надевам дека и Народниот правобранител како институција ќе даде свој придонес во реформите кои следат за да направиме еден правосуден систем, судски систем кој ќе гарантира функционирање на правната држава, а со тоа што помала интервенција на Народниот правобранител односно задоволување и респектирање на сите човекови права, а граѓаните ќе бидат сигурни дека ќе можат своите права брзо и ефикасно да ги остварат пред судскиот систем.

Беше доста дебатирано од сите колеги кои зборуваа до сега околу новите надлежности кои се предвеидени со последните измени во Законот за народниот правобранител, а тоа се недискриминацијата и правичната застапеност на сите заедници.

Сите колеги констатираа, а и на Комитетот доста се дебатираше дека непостоењето на закон за недискриминација или како би го нарекле или закон за елиминирање на дискриминацијата и те како претставува проблем за функционирање на оваа институција. Сите напредни демократии имаат вакви законски решенија, меѓутоа, земјите од источниот блок, колку што имам информации, до сега ни една нема донесено ваков закон. Невладиниот сектор веќе работи на прибирање на податоци и сондирање на искуства од оние кои имаат такви закони и се надевам дека до крајот на оваа година и Македонија ќе успее да донесе еден ваков закон кој, на некој начин, ќе го операционализира она уставно начело за недискриминација по било кој основ. Значи, би се дефинирале што значи, пред се, дискриминацијата, кои се видовите, во кои сегменти се врши и со тоа ќе му ја олесни работата на Народниот правобранител.

Би ја поддржала идејата што пред малку колегата Крстевски ја спомна околу посебни омбудсмани специјализирани, како што постојат во Хрватска. Го знам нивното искуство постои омбудсман за деца и посебен за правата на жената.

Мислам дека треба да размислуваме во оваа насока и да ги видиме нашите можности и нашите потреби за основање на вакви посебни омбудсмани кои, верувам дека ќе бидат многу ефикасни, затоа што секој ќе се грижи за својот сегмент и максимум ќе ги следи состојбите во сегментот. Значи, би можеле и ние како Собрание, како законодавци сигурно се потребни одредени законски измени во постојната законска регулатива за да се оствари ова. Еве јас давам поддршка на едно вакво размислување, па да видиме какви ни се можностите за редефинирање или малку реорганизирање на оваа институција Народен правобранител. Секако сите треба да сме загрижени од состојбата на човековите права во нашата држава, реков не се воопшто розови, тоа сите го знаеме, а за да ја поправиме работата треба во секој случај да ја зајакнеме институцијата Народен правобранител која постои исклучиво само за граѓаните и заштита на нивните права.

Изнаоѓањето на решенија за подоро функционирање на оваа институција по сите сегменти е обврска на Собранието и на сите други да придонесат за да дојдеме до адекватни решенија, да ја поправиме сликата во сферата на човековите права.

Јас толку би зборувала, бидејќи колегите искажаа свои ставови, воглавно се движиме во исти рамки и би дала една поддршка, се надевам дека во следниот извештај на Народниот правобранител ќе зборува за поправена слика во сферата на човековите права и појачана институција Народен правобранител кој ќе успее да ги ефектуира до крај и ќе воспостави линк со институциите кои ги кршат човековите права. Значи, ќе постои еден респект спрема она што Народниот правобранител ќе го даде како свое видување во сферата, респект пред се од оние кои ги кршат човековите права и ќе ги респектираат сите

забелешки на Народниот правобранител и ќе постапуваат онака како што тој ќе препорачува.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Има збор пратеникот Славица Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам потпретседателе,

Почитувани, ќе се обидам накратко да се задржам на Извештајот иако сакаме да направиме преглед на активности од сферата на делување на Народниот правобранител, потребно е доволно време и доволно внимание.

Она што го спомна Народниот правобранител, а што се однесува на организационата поставеност, кадровската екипираност, делокруг на работата, не би сакала да го повторувам, а ќе се обидам само да прокоментирам некои негови делови.

Од активностите на Народниот правобранител во поглед на обезбедување, почитување и заштита на човековите права. Инаку, општ е впечатокот дека станува збор за квалитетен извештај кој исцрпно не информира за сите активности во 2004 година.

Би сакала сега да го изразам задоволството што скептицизмот кој беше присутен и искажан од страна на некои мои колеги при смената на поранешниот Народен правобранител, именување на новиот од страна на Парламентот, за среќа се покажа како неоснован, барем во периодот за кој станува збор за општото добро на граѓаните и на сите нас.

Мое видување дека институцијата Народен правобранител станува се поприсутна меѓу граѓаните, поафирмирана и потранспарентна, а се надевам дека со овој тренд ќе продолжи.

Од Извештајот може да се констатира дека најголем број на претставки се од областа на заштита на граѓаните во сферата на правосудството, на второ место заштита на човековите права во областа на полициските постапки, потоа доаѓаат права од областа на работните односи и тн., а најмалку во областа на Царината.

Како главен медијатор помеѓу граѓаните и органите на државната управа неопходна е јавност во работењето, а она што го следиме последниве години не само преку извештаите пред Парламентот, туку и преку медиумите, транспарентноста на институцијата Народен правобранител е поочигледна. Овој однос е мошне значаен не само во функција на информирање на Парламентот и јавноста за работењето на Народниот правобранител, туку претставува своевидна форма на притисок врз работењето на државната управа за остварување на уставните и законските права на граѓаните.

Методот на работата на Народниот правобранител, а посебно законската можност, случаите на повреда да ги објавува во медиумите на товар на органот што ги повредува правата се овозможи, ако не целосно надминување на аномалиите, барем намалување.

Јас би се согласила дека за целосно запознавање на граѓаните за надлежностите на институциите на Народниот правобранител како и уставните и законските права на граѓаните неопходно е да се преземат мерки во функција на едукација на граѓаните како еден сегмент е спомнат во Извештајот, претставува дискриминација на припадници на одредени заедници е можна, барем како што посочува Народниот правобранител во сферата на правичната застапеност на припадниците на поодделни заедници. Но, покрај овој можен вид на дискриминација, според мене, сигурно и според вас, можни се и сите други видови на дискриминација, што сигурно е сфера на делување на Народниот правобранител и сосема се согласувам за потребата на носење на закон против сите видови на дискриминација, а според активностите и иницијативи од страна на разни субјекти, се надевам дека наскоро пред нас ќе се најде некоја верзија на овој закон.

Околу повредите што се потенцирани во сферата на стекнување на државјанство поради несоодветни бирократски однесувања на државните служби, мислам дека не се толку изразени и покрај неспорниот факт за проблемите на некои граѓани од Сопот - кумановско, кои се соочуваат со секојдневни проблеми поради нерегулирана граѓанска состојба. Мислам дека е неопходно во најкратко време да се стори нешто за решавање на статусот на оваа група на граѓани.

Видно место и акцент е даден и на раселените лица, но тука мислам дека треба да се направат напори што поскоро проблемот на раселени лица, иако бројчано се мошне малку во однос на првичната бројка на внатрешно раселените лица, да се надмине овој проблем за да не претставува проблем на граѓаните. Од новите сознанија што ги имаме, гледаме дека Владата прави напори во таа насока, но јас знам, сигурно и луѓето кои контактираат и кои ги следат состојбите со внатрешно раселените лица дека и од страна сигурно не на сите, но на добар дел на раселени лица има и злоупотреби, но за тоа сигурно ќе се направат анализи и ќе се отстранат и тие аномалии.

Што се однесува до укажувањето на Народниот правобранител за слободата на движење и избирање на место на престој, не е спорно, сигурно граѓаните имаат право да се движат каде што сакаат и да престојуваат каде што сакаат, но верувам дека сигурно ќе се согласите со мене дека наназад ова право на слобода на граѓаните направија огромен неред во Република Македонија, па сега се соочуваме со хаос во урбана средина и опустошени села што претставува уште еден товар во процесот на транзицијата.

На крај кратко за судството иако во Извештајот од укажувањата може да се констатира дека тука

состојбите на кршење на човековите права се најизразени и алармантни, поради нееднаков пристап на сите граѓани до правдата, неефикасност, неажурност, неразумни рокови, оправдано може да се констатира дека се создава впечаток дека правдата е тешко достижна или воопшто не  достижна. Судството е, барем од укажувањата на Народниот правобранител, неопходно е да се донесе или да се измени законската регулатива за да се направи судството поефикасно.

Ако единствена причина за ефикасност на судството претставува измена на законот и носење на некоја законска регулатива, мислам дека тоа не претставува кој знае каков проблем, ниту за Парламентот, ниту за Владата ниту за државата. Но, ако проблемот и последиците со судството се последица на нашиот ментален склоп и на навиките и методи на работа од некој претходен систем, тогаш верувам дека за надминување на таквите состојби ќе биде потребна многу поголема енергија, ангажираност и истрајност.

Сосема на крај би сакала да изразам уверување дека институцијата Народен правобранител ќе има што помалку работа за граѓаните.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Станковска.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседател,

Со Законот за Народниот правобранител, Народниот правобранител е независен и самостоен орган на Република Македонија кој ги штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кои се повредени со акти, дејствија и пропуштени дејствијва од органите на државната управа и од други органи и организации кои имаат јавни овластувања и кои преземаат дејствија и мерки за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на локалната самоуправа и јавните установи и служби.

Генерална оценка е дека Народниот правобранител со Извештајот дал една вистинска оценка на состојбите во Република Македонија, но иако Народниот правобранител има широки законски овластувања во неговото дејствување истиот во текот на 2004 година нема преземено доволно мерки за промовирање  и етаблирање на институцијата Народен правобранител.

Сеуште бледата позиција на оваа институција во Република Македонија како најзначаен орган за заштита на правата на граѓаните утврдени со Уставот и законите беше детерминирана од повеќе објективни и субјективни фактори. Тоа е недоволната кадровска екипираност и техничка опременост, недостаток на финансиски средства за Народниот правобранител, зависност од органите на државната власт, отсуство на било каква соработка со органите на власта, отсуство на политичка волја кај власта за вистинско профункционирање и осамостојување на органот, недоволна ефикасност и многу други нешта.

Народниот правобранител во Извештајот за 2004 година истакнува дека канцеларијата на Народниот правобранител е непополнета со потребниот персонал и дека од Министерството за финансии не биле добиени потребните согласности за  вработување на потребниот кадар.

Понатаму истиот истакнува дека според начинот на финансирање истиот во голема мерка зависи од Министерството за финансии со што се намалува неговата самостојност и независнот.

Оттука може да се заклучи дека власта нема вистинска намера да овозможи институцијата Народен правобранител да профункционира во вистинската смисла на зборот и дека со административни контроли  во вработувањето и финансирањето Народниот правобранител се обидува да го држи во постојана зависност и подреденост во однос на власта.

Во Извештајот Народниот правобранител заклучува дека во Република Македонија има голем број на случаи на непочитување на правните норми и повреда на човековите права и слободи со што се намалува довербата во институциите на системот и се зголемува бројот на претставките кон Народниот правобранител.

Според него фактите во Република Македонија говорат дека состојбите со човековите права и слободи се многу неповолни поради отуство на правна држава, неефикасна јавна администрација, неефикасно судство со што се оневозможува остварување на една од темелните вредности на Уставот на Република Македонија за заштита на основните права и слободи на граѓаните.

Се поставува прашањето ако Народниот правобранител заклучил дека во Република Македонија состојбите со човековите права се многу неповолни, што преземал истиот за отстранување на овие повреди и за озаконување на работата на органите на државната власт, бидејќи Народниот правобранител има должност и овластување да ги штити слободите и правата на граѓаните,  па со својата неефикасност може да се заклучи дека станува соучесник со власта во грубото непочитување на законите, честите злоупотреби и кршење на човековите права односно истиот  одлично се вклопува во системот на авторитативна и неодговорна власт.

Како пример само ќе го спомнам бројот на постапките кои ги повел Народниот правобранител по негова иницијатива иако во текот на 2004 година бевме сведоци на голем број на злоупотреби на власта кои често беа објавувани во средствата за јавно информирање.

Имено, во текот на 2004 година до Народниот правобранител биле поднесени вкупно 2299

претставки, додека само во 26 случаи Народниот правобранител повел постапка по негова иницијатива што претставува само околу 1%. Мора да се истакне дека бројот на постапки поведени по иницијатива на Народниот правобранител е премал и може да се извлече заклучок дека кај Народниот правобранител има отсуство на волја да ја врши функцијата определена со Законот и само кога граѓаните ќе сигнализираат дека им се повредени некои нивни права, дека тогаш Народниот правобранител реагирал. Од вкупниот број на претставки кои штон стигнале до Народниот правобранител, кажавме дека подносители се 2299 лица, истиот во 569 случаи констатирал повреди на уставните и законските права на граѓаните со цел да се отстранат повредите истиот до надлежните органи упатил 152 интервенции од кои пет барања за запирање од извршување на управни акти, само две барања до Јавното обвинителство за покренување на постапка за утврдување на казнена одговорност и само две барања за покренување иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против службено, односно одговорно лице. Само да потсетам, што стои во ч!ленот 32 од Законот за народен правобранител каде што се кажува дека кога Народниот правобранител ќе констатира дека се повредени уставните и законските права на подносителот на претставката, потоа органите од членот 2 на овој Закон, или пак се направени други неправилности, може да даде препораки, предлози, мислења и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди, да предложи повторно да се спроведе определена постапка согласно со Закон, да покрене иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против службено, односно одговорно лице и да поднесе барање до надлежниот Јавен обвинител за покренување на постапка заради утврдување на казнена одговорност. Од ова што го наведов може да се заклучи дека Народниот правобранител немал храброст, или пак немал волја да ги користи своите законски овластувања бидејќи истиот само во два случаи побарал утврдување на казнена и дисциплинска одговорност на службено, односно одговорно лице со што во голема мера придонел за неодговорниот и арбитрерниот однос на органите на државната власт. Согласно Законот за Народен правобранител во членот 25 став 2, се зборува дека Народниот правобранител може кога е утврдена повредата на уставните и законските права на трошок на органот, на овој од став 2, од членот 2 на овој Закон, значи оние кои ги кршат човековите права и слободи на кое што се однесува предметот, случајот да го објави во средствата за јавно информирање, што како право Народниот правобранител, значи право дадено со Законот и со членот 25 ниту еднаш не го искористил во текот на 2004 година. Тоа недвосмислено упатува на заклучокот дека Народниот правобранител не сакал катастрофалните состојби со човековите права и слободи во Република Македонија да бидат презентирани во јавноста, со што навистина се добива во текот на годината една искривена нереална слика кај граѓаните за состојбата, вистинските состојбите со човековите права во Република Македонија.

Во текот на 2004 година, Народниот правобранител констатирал повреди на правата на граѓаните во сите сфери на општественото живеење и тоа во постапувањето на полицијата, на правосудните органи, во областа на работните односи, имотно-правни односи, во областа на урбанизмот и градежништвото, во областа на животната средина, во станбената област, во областа на социјална заштита и социјална сигурност, правата на раселените лица, во областа на пензиско и инвалидско осигурување, во областа на здравствено осигурување, здравствена заштита, заштита на правата на децата и заштита на правата на потрошувачите. Значи, една широка лепеза на кршење на човековите права во сите овие области. Сепак, најголеми повреди на правата биле констатирани во постапувањето на полицијата што е доволно да не загрижи сите нас дека полицијата сеуште работи како средство за присила на граѓаните, а не за чување на редот и мирот во државата. Народниот правобранител ги идентификувал во овој случај следниве повреди: физичко насилство над граѓаните во времето на лишување од слобода и за време на престојот во полициската станица, случаи на брутално полициско постапување со елементи на кривична одговорност, случаи на противправно лишување од слобода, мачење и други сурови и понижувачки постапувања и казнувања, или малтретирање во вршење на службата, случаи на употреба на прекумерна сила, нарушување на неповредливост на домот и семејниот живот, генерална неефикасност во спречувањето на вршење на кривични дела и откривање на нивните сторители, особено во расветлувањето на кривичните предмети со елементи на убиство. За некои случаи Народниот правобранител пред службите на МВР како што стои во Извештајот, тој дал иницијатива за поведување на постапка за дисциплинска одговорност против полицајци за кои што тој сметал дека треба да одговараат согласно прописите кои што ја регулираат работата на полицијата, меѓутоа не наишол на соработка и на соодветни одговори.

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди на пристрасен и несоодветен начин ги испитувал наводите на граѓаните и на Народниот правобранител што има за последица несоодветно казнување на полициските службеници кои ги повредиле уставните и законските права на граѓаните. Народниот правобранител смета дека е задолжително продлабочување на соработката со овој Сектор, бидејќи истиот треба да претставува важен превентивен орган. По претходно спроведената постапка од канцеларијата на Народниот правобранител само во два предмета е доставена иницијатива за покренување на

постапка заради утврдување на дисциплинска одговорност на полицајци кои ги пречекориле своите службени овластувања и физички ги малтретирале подносителите на постапките. Значи, само во два случаи отворање на постапка за дисциплинска одговорност. А гледаме во колкав степен од службените лица во полицијата се кршат човековите права. Понатаму, Народниот правобранител смета дека Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди откако ќе ги заврши истрагите го контактира Народниот правобранител за да објасни дека не се утврдени пречекорувања на службените овластувања без да ги презентира основите за такво нешто. Навистина не смее Народниот правобранител да молчи и да не ја известува јавноста и да не го користи своето законско право за ова катастрофално однесување на полицијата. Тој има право на сметка на полицијата, на сметка на МВР да објави пред јавноста што е тоа што се случува во полицијата, како се кршат човековите права и слободи и како се однесуваат луѓето што се вработени во полицијата. Тоа е обврска на Народниот правобранител ако сака да не биде соучесник во сите овие постапувања на полицијата кои што се случуваат и со кои што се повредуваат правата на граѓаните. И недопустливо е и до Јавниот обвинител да има само две кривични пријави како и само две пријави за дисциплинска одговорност на службените лица.

Понатаму, во Извештајот Народниот правобранител констатирал дека македонското судство е неажурно, дека граѓаните многу тешко ги остваруваат своите права со што се добивало впечаток дека правдата е недостижна. Се констатира дека судството има нееднаков пристап кон граѓаните и дека постои корупција во судовите. За Јавното обвинителство Народниот правобранител констатира дека овој орган е нестручен и несовесен што доведувало до оглушување на кривичните постапки па и до застареност на кривичниот прогон. Многу поконкретно ќе се задржиме на работата на Јавниот обвинител за кој што добиваме многу јасна слика какво е неговото однесување кон државните органи, какво е неговото однесување кон Народниот правобранител, кон Државната комисија за спречување на корупцијата, значи многу добро е отсликана соработката, односно несоработката на овие два државни органи Народниот правобранител и Јавното обвинителство за да имаме една вистинска заштита на човековите права во Република Македонија, една вистинска спрега помеѓу овие два органи кои што ќе резултираат со вистинска заштита на човековите права.

Понатаму за состојбите во казнено поправните и воспитно поправните установи Народниот правобранител констатирал дека тие не создаваат услови за вистинска ресоцијализација на осудените лица, а издржувањето на казната затвор е сведена само на одмазда на државата кн оние кои ги прекршиле законските норми. За условите во установите констатирал дека тие се на многу ниско ниво дури и несоодветни за сместување на човечки суштества, на затворениците не им била овозможена потребната правна помош, превоспитната служба вооопшто не функционирала и дека внесувањето и конзумирањето на наркотици во установите била широко распространета појава. Народниот правобранител утврдил сериозни повреди и во областа на работните односи, незаконско спроведување на постапка за рационализација на јавната администрација, повреда на постапката при вработувањето, злоупотреба на институтот оглас, вработување на лица кои не ги исполнувале условите утврдени со огласот, партиски вработувања, повреда на правата кои произлегуваат од работниот однос од страна на раководните функционери итн. Понатаму, Народниот правобранител констатирал дека при прогласување на технолошки вишок не биле почитувани одредбите од Законот за работни односи и колективните договори и постапките биле нетранспарентни. За Комисијата за решавање во втор степен од областа на работните односи при Владата на Република Македонија истакнува дека продолжила да работи надвор од законските овластувања и должности и неажурно со што се доведува во прашање уставното загарантирано право на двостепеност во одлучувањето за правата и обврските на граѓаните. Исто така, било евидентирано непочитување на правосилни судски одлуки со кои што се наложува распоредување на работник на соодветно работно место.

Во областа на имотно правните односи, Народниот правобранител констатирал дека во оваа област сеуште не било постигнато уставно прокламираната цел за неприкосновеност на приватната сопственост како темел на општествено економскиот систем.

Најголеми забелешки се однесуваат на постапката за денационализација која неоправдано се одолговлекува и се попречува со што се создава сомнеж во вистинската намера на државата за потполно спроведување на процесот на денационализација во очекуваниот рок од 6 години. Народниот правобранител констатирал селективен и невоедначен пристап во постапувањето на комисиите за денационализација, со што се создава впечаток дека во комисиите постои корупција. Народниот правобранител констатирал и повреди на правата на граѓаните во постапката за запишување на правата на недвижностите во катастарот и во постапката за експропријација пред се поради непрофесионалниот однос на вработените.

Во областа на урбанизмот и градежништвото Народниот правобранител исто така констатирал неповолна состојба која е детерминирана поради несоодветна законска регулатива, несоодветна примена на законит од страна на инспекциските органи и корупцијата која што владее во областа на градежништвото. Исто така, тој регистрирал

селективен пристап на органите во состав на Министерството за транспорт и врски, а особено во постапките за уривање на бесправните објекти.

Почитувани колеги, иако голем дел од нашите колеги што досега дискутираа беа спомнати сите овие повреди, меѓутоа целта на самото разгледување на овој Извештај е јасно да проговориме за сите злоупотреби и повреди на човековите права и слободи од страна на државните органи и токму затоа накратко се задржувам бидејќи во текот повторно ќе кажам оваа година јавноста доволно не беше запознаена со овие факти заради некористењето на законското право на Народниот правобранител пред јавноста на сметка на оние кои што ги крашат човековите права да бидат изнесени сите овие нешта.

Во однос на раселените лица Народниот правобранител заклучил дека и покрај тоа што поминаа повеќе од три години од завршување на конфликтот во 2001 година, Владата на Република Македонија сеуште не успеа целосно да го реши проблемот со внатрешно раселените лица и да ги врати во нивнинте домови. Тој констатира дека во Македонија сеуште има 1425 раселени лица, раселени како резултат на конфликтот во 2001 година. Понатаму во Извештајот е истакнато дека овие лица се соочуваат со проблеми како што се несоодветни услови за живеење, хигиената, лошите здравствени услуги, градскиот превоз, застареноста на картоните за регистрација со кои се утврдува нивниот идентитет и др. Со ваквата состојба на раселените лица им се повредени правата утврдени со Уставот на Република Македонија и меѓународните конвенции за заштита на човековите права, а особено правото на неповредливост на домот, правото на слободен избор на живеењето и правото на сопственост.

Во однос на правата во областа на пензиското и инвалидското осигурување и здравствената заштита и здравственото осигурување Народниот правобранител исто така констатирал неповолни состојби кои се условени поради неажурното постапување на надлежните органи, административнинте пречки во остварувањето на правата како и појавата на корупција во Комисијата за оценка на работната способност. Во сферата на здравственото осигурување истакнува дека граѓаните во практика често наидуваат на големи пречки во остварување на правото на здравствена заштита, а одговорните лица ретко благовремено и ефикасно одлучуваат по барањата на граѓаните што доведува до оневозможување на благовремена заштита.

Во однос на заштитата на правата на потрошувачите Народниот правобранител утврдил дека има отсуство на принципот на транспарентност во работата на давателите на јавни услуги и максимално искористување, односно злоупотреби на монополската позиција при извршувањето на услугите. Во тој контекст Народниот правобранител во кршењето на правата на потрошувачите ги истакнува АД Македонски телекомуникации, ЕСМ како и други јавни комунални претпријатија. Од сето тоа што го наведов може да се заклучи дека состојбата со почитувањето на правата и слободите на граѓаните утврдени во Уставот и законите на Република Македонија е на многу катастрофално ниво и Македонија многу заостанува во однос на другите држави во регионот со што во крајна линија се забавува процесот на европеизација на нашата држава . Во тој контекст истакнуваме дека чести се злоупотребите на службените овластувања, управните и судските постапки се долготрајни и неефикасни, административните пречки го отежнуваат остварувањето на правата на граѓаните, постои широка распространетост на корупцијата во сите сфери на државната управа, постои голем степен на неодговорност на службените лица, незаинтересираност од страна на раководните функционери за отстранување на сите овие неправилности, висок степен на партизација на државната управа, селективен пристап во примена на законите и уште многу други нешта. Значи граѓаните се наоѓаат во многу неповолна позиција и многу тешко ги остваруваат своите права кои што се загарантирани со Уставот и законите на Република Македонија. На тоа упатува и фактот што уште повеќе што самиот Народен правобранител не може да се избори за законски доделениот статус, значи статусот кој што го има утврден со Законот пред државните органи, значи постои големо непочитување на самата институција Народен правобранител токму заради тоа што се оглушува, дури и не одговараат на претставките кои што ги доставува Народниот правобранител до државните органи. Значи, во тој контекст треба да се истакне дека Народниот правобранител во текот на 2004 година не придонел многу во правец на зголемување на почитувањето на правата на граѓаните, иако согласно Законот има веќе многу пошироки овластувања одколку порано. Може да се заклучи дека оваа институција во текот на 2004 година не направила многу во однос на организираниот систем на неправда, авторитативност, арбитрерност, селективност и неодговорност на носителите на власта. И со самото констатирање на состојбите без при тоа да се преземат поинтензивни мерки Народниот правобранител неможе да се амнестира од севкупната состојба на кршење на човековите права во Република Македонија. И како што самиот кажа, за да може тој да биде вистински реформатор.

Институцијата Народен правобранител да биде вистински реформатор на свеста и совеста на државните службеници во наредната година треба да ги користи можностите кои што се јасно дадени во Законот, во членот 25 по однос на јавното објавување на сите неправилности и однесувањето на државните органи и на сите оние кои што ги прекршуваат човековите права и во исто време да доставува до Јавниот обвинител постапки за покренување на утврдување на

казнена одговорност. Исто така да се покренуваат иницијативи за поведување дисциплинска постапка против службени лица. Значи, се поголем притисок да биде правен од страна на Народниот правобранител врз сите прекршувачи на законите и оние кои што не ги почитуваат човековите слободи и права.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Бонева.

Следен е господинот Рустеми.

**Ејуп Рустеми:** Ви благодарам господине потпретседател, почитуван Народен правобранител, почитувани колеги пратеници,

Пред нас имаме претрес на Извештајот на работата на Народнот правобранител за цел година. Горе долу има иста содржина, меѓутоа оваа година како што се гледа самиот Народен правобранител по преземањето на задачата сака да го менува имиџот на институцијата Народен правобранител што е мој заклучок и има поддршка од моја страна и од страна на пратениците на ДУИ.

Имајќи предвид проширувањето на компетенциите на Народниот правобранител се гледа колку е значајна работата на Народниот правобранител од една страна и од друга страна Народниот правобранител има контролен механизам на заштита и унапредување на правата на етничките заедници во Република Македонија.

Во Уставните амандмани од 2001 година во ниедна државна институција не се нагласуваат надлежностите што се однесуваат за авансирањето на правата како што се дадени на институцијата Народен правобранител. Имајќи ги предвид овие ингеренции односно надлежности што ги има Народниот правобранител и законот што го усвоивме овде и од самата програма на Комитетот за меѓуетничките заедници, Комитетот за меѓуетничките заедници го разгледа овој извештај и даде заклучок на Собранието на Република Македонија.

Јас сакам да се задржам на неколку точки кога станува збор за овој извештај на Народниот правобранител. Ќе се задржам најпрво тргнувајќи од тоа дека Република Македонија претставува една мултиетничка, мултикултурна и мултијазична заедница и секогаш како опасност имаме дискриминација на меѓуетничките заедници. Во сите тие односи кога го разгледавме ова на нашиот Комитет, Комитетот даде препорака дека треба да се донесе закон за недискриминација во Република Македонија со што ќе се одреди подетално кои се работите кога станува збор за дискриминација на еден припадник на една етничка заедница. Еден таков закон, посебен закон ќе биде од голема помош за Народниот правобранител.

На почетокот реков дека Народниот правобранител се обиде да го измени имиџот и и тоа го постигна бидејќи не е добро секоја година да констатираме дека имаме кршење на правата на човекот, а ништо да не се презема во подобрувањето, или пак да имаме повисоко ниво на правата и слободите на човекот во Република Македонија.

Јас ќе се задржам малку и околу адекватната застапеност бидејќи преку уставните амандмани, но и во Законот за Народен правобранител, во член 11 од Законот станува збор за надлежностите на работата на Народниот правобранител се препорачува тој да следи, вистинска, правична застапеност во државната институција. Народниот правобранител во своите извештаи пишува и врз основа на тие извештаи ние гледаме дека правичната застапеност е успешна во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, но исто така и ние сме свесни дека правичната застапеност има една насока или еден правец кој што е многу, многу бавен. Затоа во самиот факт дека Народноит правобранител треба да ја следи оваа работа односно правичната застапеност ни се случуваа случаи кога зависно од тоа кој министер предлага закони имавме случаи кога од самото Министерство не е прифатен некој амандман, за правичната застапеност. Затоа јас би го прашал Народниот правобранител, сите министерства односно Владата дали поднесуваат извештај до Народниот правобранител или пак тој е Народен правобранител кој што треба да побара вакви извештаи. Колкава е можноста Народниот правобранител да ја следи оваа правична застапеност. Јас имам мповеќе дилеми што се однесува до правичната застапеност и следењето на правичната застапеност во државните институции. За тоа имам и тема на седницата на Комитетот која ќе се реализира. Дали треба да имаме некој поинаков механизам со кој би вршеле некој си надзор или контрола над правичната застапеност.

Исто така, кога станува збор за во Министерството за внатрешни работи загрижува фактот дека и самиот заклучок до кој дојде Народниот правобранител врз основа на обжалувањата, жалбите на граѓаните на Република Македонија имаме сеуште сериозни кршења на човековите права и слободи од страна на вработените во Министерството за внатрешни работи. Карактеристично е и врз основа на она што го гледаме дека карактеристика на сите овие предмети е дека тие кои што дале обжалување се претставници на етничките заедници во Република Македонија, иако често пати врз основа на извештајот на Народниот правобранител се барал одговорност од обвинителствата, но по се изгледа дека обвинителството молчи и не презема мерки во однос на овие лица кои што вршат кршења на човековите права и слободи во Република Македонија.Затоа јас го поддржувам предлогот што го предложи Народниот правобранител но би сакал да му сугерирам на Народниот правобранител доколку сите овие жалби се потврдени дека има кршење на правата на

граѓаните на Република Македонија тогаш Народниот правобранител треба да има храброст и да ги пријави сите прекршители со име и со презиме.

Исто така кога станува збор за државјанство и по измената на Законот за државјанство, кој што ние го донесовме и мислевме и поверувавме дека со измените на Законот за државјанство ќе се решат еднаш за секогаш сите проблеми кои што постојат кај граѓаните на Република Македонија по се излгеда дека повторно имаме други проблеми во однос на ова прашање, каде што и со препорака на Народниот правобранител за разрешување на претседателот на Комисијата вакво нешто не е направено. Ние во нашиот Комитет за меѓуетнички односи ќе имаме разгледување на тоа колку е имплементиран законот што ќе го разгледаме, но истовремено на седницата кога ќе ја разгледуваме имплементацијата на овој закон сигурно ќе побараме помош од Народнот правобранител кој што може да има и конкретни жалби и врз основа на нив да ја разгледаме имплементацијата на Законот за кој што станува збор.

Што се однесува до правосудството во Република Македонија гледаме и од самиот Народен правобранител имаме голем број на забелешки како во Изваштајот така и во посебните настапи на Народниот правобранител кој предизвика разни реакции во јавноста на Република Македонија.

Јас често пати спомнувам дека ние во Република Македонија треба да го измениме, да го промениме политичкиот менталитет. Која е таа промена на политичкиот менталитет. Дали не е за чудење кога Меѓународните фактори кои што ги поздравувам, кои што ни предлагаат да направиме измени, промени во правосудството на Република Македонија и ние кога имаме црна листа во судството и сите заедно ги поддржуваме овие измени, го поддржувам и јас бидејќи треба да направиме сепак нешто, но, за чудење е кога самиот народен правобранител спомнува конкретни примери за флагрантните кршења во судството во Република Македонија. Имаме разни дискусии, дебати од разни експерти кои што размислуваат дали е добро или не е. Значи, ние не се занимаваме со причината туку со последиците имајќи во предвид кои се ингеренциите на Народниот правобранител кој што треба да преземе и да предложи мерки за подобрување во судството во Република Македонија.

Имајќи во предвид дека имам уште малку време, јас ќе завршам, но би му сугерирал на народниот правобранител една натамошна работа на начин како што досега работи, да излегува на прес-конференции и за сите оние забелешки до кои ќе дојде до заклучок дека станува збор за кршење на правата на граѓаните на Република Македонија да излезе на транспарентен начин преку медиумите со имиња и презимиња на секој вработен во државните институции, бидејќи тоа им го должиме и самите ние на граѓаните на Република Македонија.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Рустеми.

Сега е 14,00 часот, објавувам пауза до 15,00 часот.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 15,06 чаот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Драго Шајноски.

Повелете господине Шајноски.

**Драго Шајноски:** Благодарам потпретседателе.

Народниот правобранител наликува на волк без заби. Може секого да нападне, но никого да касне. Ова произлегува како од поднесениот Извештај кој претставува список на жалби, така и од Законот за Народниот правобранител, каде што во член 33 се вели дека избраниот функционер или органот на управа мора да постапи по укажувањето на Народниот правобранител, но никаде во тој Закон не се предвидени казнени одредби против тие што не ќе постапат по тоа укажување. Значи, во овој дел Законот е премногу европски. Нема казни, но сигурно се смета на моралните квалитети на избраните функционери или членовите на државните комисии. За Европа ова можеби е во ред. Таму навистина моралот е поставен на повисок пиједестал, отколку кај нас. Таму на моралните вредности им се придава поголемо значење, отколку на законските обврски, барем што се однесува до политичарите. Со други зборови поголем потег прави оној избран функционер и политичар кој нешто прави од морални причини, отколку од законски обврски. Во такви земји и такви околини ваков закон за Народниот правобранител е на место. Но, во земји каде што избраните функционери не си ги исполнуваат ни законските обврски, а за моралните ниту знаат, ваков закон т.е. ваков Народнен правобранител е играчка во рацете на политичарите, а вентил за издишување на незадоволството на народот. Тоа е едноставно место за плачење. Ете, тоа е институцијата Народен правобранител, без разлика што луѓето во таа институција се енергични и работат чесно. Вистински бенефит за народот од работата на Народен правобранител е само моралната сатисфакција. Најеклатантен пример за претходно реченото е случајот со "ЕМО"-Охрид, кога по налог на валста Комисијата за хартии од вредност и Второстепената Владина комисија против законски и само врз основа на сомнение, му ги одзедоа акциите од "ЕМО" на инвеститорот од Србија и Црна Гора, си ги препишаа себе, игнорирајќи го укажувањето на Народниот правобранител дека таквата постапка не е дозволена и претставува криминал од страна на државата. Ова укажување на Народниот

правобранител беше поткрепено и од Хелсиншкиот комитет и Комисијата за спречување на корупцијата. За да може дефектот на системот да биде поголем во ова незаконско дејание се вклучи и претседателот на Врховниот суд. Во оваа судска институција постои начелен став спрема кој Синдикатот не може да бара преиспитување на приватизација на фирма. Овој начелен став е изграден од Совет на Уставниот суд, а потпишан е и од сегашниот претседател од Уставниот суд. Но, за случајот со "ЕМО" претседателот плука на својот начелен став и прифаќа Синдикатот да бара преиспитување на приватизација и пот притисок на власта, која само врз основа на сомнение побара од Врховниот суд да донесе спротивна одлука, отколку на начелниот став. Со тоа само се потврди силната спрега помеѓу власта и Уставниот суд.

Затоа, сметам дека кај нас во оваа фаза од развојот на демократијата, подобро е Народниот правобранител да може само да укажува, но кај пресуди од редовните судови, а притоа судиите да не мора да постапуваат по укажувањето, бидјеки тие се професионалци во својата работа, но органите на државната управа,избраните функционери да мораат да постапуваат по укажувањата на Народниот правобранител и за непостапување по тоа укажување, да имаат последици. Бидејки, тие не се професионални, професионалци судии, туку се присобрани истомисленици и послушници на власта. Само така извештаите од Народниот правобранител нема да наликуваат на средени статистички податоци за тоа кој, каде и зошто се жалел за работата на државните органи, туку ќе имаме извештаи за конкретни користи на граѓаните остварени во борбата со самоволието на власта. Само таков Народен правобранител има смисла да постои кај нас, се друго е парада на демократијата што наводно владее кај нас. Вистинската состојба е многу поразлична од парадната. Овде сеуште држава те тужи, држава ти суди. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шајноски.

Има збор пратеникот Топузова Каревска Роза.

Повелете госпоѓо Топузова-каревска.

**Роза Топузова - Каревска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани пратеници, почитуван господин Народен правобранител.

Пред нас денес се наоѓа еден доста обемен годишен Извештај на Народниот правобранител, кој содржи детални податоци за работата на правобранителот од 2004 година. Морам на самиот почеток да кажам дека е добро срочен, техничкиопремен со голем број на табели и графикони и има доста комопаративни анализикако во однос на изминатите години, така и во однос на областите во кои што делува Народниот правобранител.

Како институција Народниот правобранител за прв пат е воведена со Уставот на Република Македонија во 1991 година, а првиот Народен правобранител беше избран во 1997 година, додека институцијата Народен правобранител почна да функционира во 1998 година. Во овој Извештај можеме да видиме некои, како што реков, компаративни согледувања во делувањето на Народниот правобранител во овој цел изминат период.

Почитувани пратеници, институцијата Народен правобранител постои, пред се, да им помогне на граѓаните на полесен начин да ги остваруваат своите слободи и права за да ја трансформира јавната админситрација во вистински сервис на граѓаните и да овозможи унапредување во односот помеѓу граѓаните и органите на власта. Тргнувајки од уставната поставеност, организацијата на Народниот правобранител е заснована според класичниот модел на националните парламентарни обмуцмани на европските земји и претставува посебна самостојна и независна институција. Оттука, анализирајки ги севкупните состојби од функционирањето и постапувањето на Народниот правобранител врз основа на овој Извештај, може да се констатира дека во голем број случаи сеуште не се почитуваат правните норми или нецелосно се применуваат, при што често доаѓа до повредување на човековите слободи и права и како последица на тоа се намалува довербата кон институциите на државата.

Сега, би сакала преку бројки малку да говорам за работата на Народниот правобранител во извештајниот период. Имено, во 2004 година Народниот правобранител постапувал вкупно по 3202 претставки, од кои 1959 биле поднесени во самата 2004 година односно во извештајниот период и тоа од вкупно 2299 граѓани. Народниот правобранител во 26 случаи покренал постапка и по сопствена иницијатива, кое што право секако го има. Покрај ова, на разговор биле примени 2840 граѓани во неговата канцеларија, како и во канцелариите на Народниот правобранител, кои што функционираат надвор од Скопје, а било одговорено на повеќе од шест илјади телефонски јавувања. Значи, зборува за една доста исцрпна работа во изминатиот период на правобранителот. Ако пак се анализираат податоците за бројот на примените претставки во однос на минатите години, може да се забележи дека и оваа година бројот на примените претставки сеуште е доста голем. Тоа, пак, упатува дека сеуште имаме значително кршење на човековите права и слободи. Но, сепак, за 650 случаи помалку од изминатата година.

Ако го погледнеме графиконот број 1, кој ги отсликува работењето и преземените активности на Народниот правобранител во изминативе години, може да се каже дека најголем број на претставки имало во 2003 година, што секако се должи на спроведената медиумска кампања, која што беше токму во оваа година, значи во 2003

година, во која граѓаните имаа можност пошироко да се запознаат со надлежностите, улогата и значењето на оваа толку значајна институција за заштита на нивните уставни и законски права.

Што се однесува пак до областите каде што граѓаните чувствуваат дека се повредени нивните права, може да се направи анализа врз бројот на претставките по кои што граѓаните барале заштита на правата и тоа во областа на правосудството најмногу или 385, што во проценти пак изнесува некаде околу 20% од вкупниот број на претставки. Потоа, од областа на заштита на правата во полициската постапка, сеуште тука, за жал, бројот е доста голем и изнесува 12% од вкупните претставки, додека веќе на трето место се повреди на правата во однос на работните односи со 11,59 или веќе околу 12%. Потоа, следуваат од област ана правните односи, урбанизмот, градежништвото, станбените односи, пезиско инвалидското осигурување, заштита на правата на децата со еден сеуште изразен процент од 2,40%. Но, сепак, помал процент имаме некаде во науката и образованието, каде што тој процент изнесува 1,35%. Овде ќе истакнам дека претставките што се однесвуаат на непочитување на правата на заедниците кои не се мнозинство во Македонија е сепак низок број, односно 0,56% од вкупниот број на претставки, што секако е еден многу значаен податок.

Што се однесува пак до органите и организациите на кои се однесуваат претставките, можеме да забележиме дека најголем број се однесвуаат на актите и дејствата преземени од страна на Министерството за правда, потоа Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии и т.н.

Од работењето во пракса може да се констатира дека односот на службените лица во споменатите министерства и другите институции во однос на барањата на Народниот правобранител сеуште не задоволува. Со цел да се ажурира постапката и да се подобрат состојбите од страна на Народниот правобранител до надлежните минситерства биле опфатени 102 инфорамции, од кои 39 се прифатени, а до Владата на Република Македонија биле опфатени 116 инфорамции, од кои е постапувано само по 49 од вкупно упатените инфорамции.

Ако направиме пак една анализа на етничката припадноот на подносителите на претставките, ќе дојдеме до заклучок дека најголем број на подносители се македонци или вкупно 1716, што е 75, 50% од вкупниот број. Додека пак, од припадниците на албанската етничка заедница имаме 14, 34% од бројот на поднесените претставки, а најмал број имаме поднесено од Влашката етничка припадност, чиј број е 1,94% од подносителите на претставките.

Од овој Извештај, можеме, да констатираме дека оваа година се постапувало,како што реков, по 3200 претставки, од кои што се завршени 2320, додека 882 претставки сеуште се во тек. Во најголем број претставки Народниот правобранител не констатирал повреда на правата и во 683 случаи одлучил дека нема основ за покренување на постапка, доедека пак во 1145 постапки ја запрел постапката, бидејки утврдил дека не се работи за повреда на основните слободи и права. Тоа упатува на тоа дека граѓаните сеуште не се добро информирани во кои случаи можат да побараат помош од Народниот правобранител и дека медиумската кампања, која што започна во 2003 година би можела и да се интензивира и во следната година. Врз основа на бројот на претставки по кои не е покрената или е запрена постапката, може да кажеме дека Јавниот правобранител постапувал многу одговорно и дека ги завршувал своите обврски врз основа во рамките на она што му го нуди Законот.

Во однос пак на видот на констатираните повреди на правата на граѓаните се забележува дека најголем број се однесуваат на повреди на процедуралните одредби од закон односно одложувањето на постапката. Од тоа пак речиси 80% се однесуваат токму на одлучување на управните и судските постапки или пак надлежните органи не го почитувале рокот за одлучување по барањата кои што ги имале граѓаните, а во одреден број случаи, за жал, дури и го злоупотребиле институтот молчење на администрацијата, што особено треба да не загрижи. Но, се надевам дека со донесување на законот за достапност на граѓаните до информациите ќе се надминат овие сосотјби кои што сега ги имаме и за кои што пред малку говорев.

Од Извештајот, исто така, можеме да ја согледаме и работата на Народниот правобранител, при што можеме да заклучиме дека тој практикувал секојдневен прием на граѓани, при што тој и неговите заменици или вработените во стручната служба примиле на разговор 2840 граѓани.

Во Извештајот стои дека кон крајот на извештајната година на Народниот правобранител токму поради зголемениот обем на работа отворил и свои подрачни канцеларии во неколку градови, се со цел да биде поблиску до граѓаните односно до оние кои што сакаат да ги остварат своите нарушени права и слободи и тоа во градовите Тетово, Куманово, Битола, Штип, Струмица и Кичево, кои што канцеларии се во континуитет отворени за јавноста и работат со граѓаните за остварување на нивните права.

Но, јас имам сознание дека сеуште, за жал, некои од овие канцеларии не се кадровски екипирани, а некои од нив пак го немаат и решено сопствениот проблем. Сметам дека час поскоро оваа ситуација треба да се разреши, за да може граѓаните во местото каде што живеат илиблискудо местата каде што живеат да си ги остваруваат своите права.

Јавноста односно транспарентноста во работата на Народниот правобранител претставува основен предуслов за успешно извршување нанеговите уставни и законски надлежности и во таа насока од суштинско значење е колку Народниот правобранител во текот на извештајната година ги користел средствата за јавно информирање како инструмент за дополнителен притисок врз работењето на државната управа вонасока на почитување на неговите интервенции, со цел за остварување на оснвоните и законските права на граѓаните.

Од овој Извештај можеме да констатираме дека во изминатата година Народниот правобранител бил особено транспарентен во своето работење, дотолку повеќе што неговата канцеларија во секој момент била отворена и достапна не само за граѓаните, туку и за претставниците на медиумите. Имено, печатените и електронските медиуми како средства за масовно и јавно информирање на граѓаните континуирано имале непосредна комуникација со канцеларијата на Народниот правобранител, без разлика дали тоа било по нивно, а многу често било и по барање на самиот Народен правобранител, што заслужува особено внимание и почит.

Потребата од поголемо претставување на институцијата односно на нејзината работа во јавноста, наложила во текот на извештајната година да се преземат и мерки за формриање и екипирање на организационата единица за односи во јавноста, што се надевам дека во голема мера ќе придонесе за понатамошното јавно работење на Народниот правобранител.

Сега би сакала сосема накратко да се задржам на некои од претставките кои се однесуваат на непочитување на човековите права, а секако засегаат поголема група на граѓани. Во текот на минатата година, ако го погледнеме Извештајот, можеме да констатираме дека најголем број на претставки биле во областа на судството. Голем дел од нив се однесуваат на прашања за кои што е надлежен Народниот правобранител. Јас реков граѓаните сеуште до крај не се информирани за што можат да се обратат до Народниот правобранител, а дел од нив се во надлежност на повисоките судски инстанци, но добар дел пак се однесуваат на одложувањето на судските постапки каде што правобранителот ги користел своите овластувања од законот и значајно придонел до нивна крајна разрешница.

Врз основа на поднесените претставки можеме да дојдеме до заклучокот кој им е веќе добро познат на сите релевантни фактори во судската, извршната и законодавната власт, а тоа е дека македонското судство за жал сеуште е доста неажурно и дека граѓаните во најголем број случаи тешко ги остваруваат своите права, а понекогаш дури и воопшто не успеваат да го направат истото.

Иако во последните години се направени измени во законската регулатива принципот судење во разумен рок односно ефикасност на постапката сеуште не ги дава очекуваните резултати.

Според тоа, почитувани пратеници, реформите во правосудниот систем се неопходни и претставуваат неминовност и затоа треба час поскоро да се донесат и да почнат да се имплементираат со цел да се изгради ефикасен и функционален правосуден систем заснован на европските правни стандарди и тоа не само поради нашите заложби и желби кои што ги имаме за членство во евроатлантските интеграции, туку пред се да им обезбеди правна сигурност на граѓаните и тие да почувствуваат дека живеат во општество во кое владее правото, односно функционира правната држава.

Друг еден проблем со кој што се соочуваат граѓаните односно чувствуваат дека се кршат нивните човекови права и слободи е во однос на државјанството и тоа сеуште за жал претставува голем проблем за лицата кои го немаат регулирано својот статус. Бидејќи како резултат на измените на Законот за државјанство поголем број граѓани во текот на 2004 година побарале помош од Народниот правобранител за остварување на ова право, тој воспоставил секојдневна комуникација и соработка со Секторот за управно - надзорни работи и неговото одделение за државјанство, што пак резултирало со зголемен број на позитивни решенија.

Што се однесува на заштитата на правата од областа на имотно-правните односи, најголем број граѓани поднеле претставки за заштита на правата во процесот на денационализацијата, односно постапката за враќање на имотот. Тука морам да кажам дека навистина граѓаните се соочуваат со многу проблеми во однос на денационализацијата и не само кај Народниот правобранител туку и голем број граѓани се обраќаат до канцелариите на пратениците каде што се жалат на постапката во однос на денационализацијата, односно постапката за враќање на имотот кој што им бил одземен. Притоа можеме да констатираме дека оваа постапка неоправдано долго се одложува, што создава чувство на недоверба кон државата и нејзината секако добра намера за потполно спроведување на процесот на денационализацијата во рокот што го има предвидено односно во шестгодишниот рок.

Исто така, голем број на граѓани побарале помош односно заштита на нивните права од областа на урбанизмот и градежништвото. Сведоци сме дека досегашната сеопфатна законска регулатива во голем дел е искористена и злоупотребена од страна на инвеститорите, особено при градбата на објектите. Потоа, тука би ги набројала: недоследностите на нејзината примена од страна на инспекциските органи и неможноста на изготвувачите на урбанистичките планови да ги следат потребите на граѓаните за станбен и деловен простор. На значително ниво, морам да констатирам, дека е и корупцијата на поединци кои имаат активно учество во постапката за

донесување на урбанистичките планови, како и одобрение за градба, при што многу често се повредени правата на граѓаните во областа на градежништвото преку нарушување на нивните сопственички и други граѓански права. Најголем дел на постапките се поврзани со одложување на постапката за издавање на одобренија за градба, потоа следува отстапувањето на инвеститорите при градбата на објектите, за разлика од онаа градежна документација која што ја имаат поднесено, а она што пак посебно загрижува е непреземање на мерки од страна на градежната инспекција во ваквите случаи, односно толерирањето на инвеститорите.

Исто така, граѓаните многу често реагираат на неизвршувањето на правосилните и конечни акти за уривање на бесправно изградените објекти, како и неспроведувањето на Програмата за изградба на улици и пристапни патеки од страна на единиците на локалната самоуправа. Особен револт кај граѓаните предизвикува непочитувањето на членот 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање при што донесуваат детални урбанистички планови со кој се овозможува градба на објекти насекаде - сведоци сме, особено во Скопје - на сите места, со што се нарушува основното право на хумано живеење.

Овде, почитувани пратеници, посебно би сакала да се задржам и на проблемот со раселените лица. Имено, иако помина подолг период од завршувањето на конфликтот во 2001 година, сеуште 425 лица не се вратиле во своите домови. Оваа бројка во значителна мерка е намалена, дури и во изминатава 2004 година од 1900 лица останале сеуште невратени во своите домови 1425 лица. Но сепак незадоволството на овие лица е доста големо и се однесува пред се на несоодветните услови за живеење, потоа хигиената, лошите здравствени услови, застареноста на документите со кои се утврдува нивниот идентитет и статус. Народниот правобранител во својот Извештај констатирал дека на времено раселените лица им се повредени правата утврдени со Уставот на Република Македонија и со меѓународните конвенции за заштита на човековите права, особено неповредливоста на домот, правото на слободен избор на живеалиштето, како и правото на сопственост. Иако поминаа повеќе од три години од потпишувањето на Рамковниот договор, општата оценка на Правобранителот е дека неговата имплементација во однос на враќањето на бегалците и во однос на градењето доверба кај овие лица оди многу бавно, што е доста загрижувачки, особено загрижува недовербата кон мешаните мултиетнички полициски сили, како и кон мултиетничкиот соживот што го успорува, од друга страна, значително процесот на враќањето на раселени лица. Токму поради тоа Народниот правобранител предложил одредени мерки за разрешување на овој значаен проблем во нашава држава. Се надевам дека дел од нив Владата ќе ги земе предвид и ќе бидат разрешени.

Сосема на крајот би сакала да ја споменам и соработката меѓу Народниот правобранител и Јавното обвинителство. Добрата соработка меѓу овие две институции е од особено значење за заштита на основните слободи и права на граѓаните, како и сигурноста на граѓаните. Иако на сметка на функционирањето на Јавното обвинителство до Народниот правобранител во текот на извештајната година не се регистрирани голем број на претставки, сепак сакам да споменам дека за оние проблеми со кои се соочуваат граѓаните во областа на судството, сепак, во голем дел се застапени и се однесуваат на Јавното обвинителство. Тука би ги споменала недоволната стручност и совесност во постапувањето по предметите, одложувањето на постапката пред Јавниот обвинител, а понекогаш дури и застареноста на кривичниот прогон.

Од сето ова што го кажав можеме да констатираме дека основно е во иднина да се подобри соработката меѓу Народниот правобранител и надлежните органи на државната управа, со што би се зголемила довербата на граѓаните кон овие институции и од Извештајот можеме да констатираме дека иако веќе имаме значително подобрување на остварување и почитување на човековите слободи и права, сепак, сеуште имаме значителен број и на кршење на човековите права и слободи.

Сосема на крајот, пред нас имаме еден Извештај од кој можеме добро да ја согледаме оваа проблематика за која говориме. Јас го поддржувам вака подготвениот Извештај и сосема на крајот сакам да кажам дека пратеничката група на Либерално демократската партија ќе го поддржи Извештајот на Народниот правобранител.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам госпоѓо Топузова - Каревска.

Меѓу претходно пријавените, дали има некој што се јавил за реплика. Нема.

Повелете господине Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Почитуван потпретседател, колеги пратеници, господине Народен правобранител,

Колегите кои зборуваа пред мене доволно кажаа во врска со Годишниот извештај на Народниот правобранител. На екранот гледам дека после мене има уште плејада пратеници кои сигурно ќе имаат што да кажат по однос на Извештајот, така што јас ќе гледам да бидам пократок и да оставам простор и време сите да го кажат своето мислење во однос на овој Извештај.

На почетокот ќе се изјаснам позитивно за Извештајот. И минатата година расправавме за еден ваков Извештај и може да се направи споредба со Годинашниов извештај, па може да се види дека оваа година навистина естетски и содржајно многу е побогат самиот Извештај на Народниот правобранител за 2004 година. Би сакал да тргнам со некој ред.

На почетокот е даден Прегледот на табелата 3, во која е прикажан преглед за односот на претставките по градови во 2003 година и во 2004 година. Од мојата дискусија ќе произлезат поголем број дилеми и прашања кои ќе ги упатам до самиот Народниот правобранител, а за тоа подоцна ако може да добијам и некој одговор.

Во однос на претставките што биле поднесени во 2003 и 2004 година, се гледа дека бројот на претставките скоро над 80% е намален на територијата на Република Македонија. Притоа зборувам за сите оние градови кои се прикажани во оваа табела. Бидејќи минатата година имав своја дискусија во однос на Извештајот, тогаш констатирав дека во тој момент бројот беше доста голем, значи граѓаните немале доверба во институциите на системот. Од сегашен аспект сакам да го прашам Народниот правобранител дали ова драстично намалување се должи на тоа што тоа е веќе изследено, значи граѓаните почнуваат веројатно - дали го има и тој истото мислење - да имаат доверба во институциите на системот во Република Македонија. Од друга страна, со закон по кој многу дебатиравме отворивме шест дисперзирани канцеларии во поголемите градови на територијата на Република Македонија и во однос на она што го има во прегледот на примени предмети во канцелариите на Народниот правобранител, мислам на оние дисперзирани канцеларии, тоа е табелата број 6, се гледа дека и покрај големиот број на стигнати претставки до Народниот правобранител, во однос на канцелариите бројот е многу мал. Тука подолу има едно образложение, јас доаѓам од Куманово и таму канцеларијата веќе е екипирана но сакам да прашам каква е нивната функција, на пример, да се каже тоа после нивно шест месечно работење, односно дали тие навистина ја обавуваат својата работа, всушност заради тоа што и ги отворивме тие шест дисперзирани канцеларии. Тоа е втората дилема.

Во Извештајот на страница 27 во однос на она што Народниот правобранител како таков го констатирал во однос на соработката со Јавното обвинителство, по пасусот 2 го кажува следното. Сега ќе земам право тоа да го прочитам, па затоа ве молам да ми извините. Таму се вели:

"Иако за сметка на нејзиното функционирање" - значи Јавното обвинителство - "Народниот правобранител во текот на извештајната година се регистрирани многу мал број на претставки. Сепак, она што е прикажано како проблеми во областа на судството во секој случај се однесува и на Јавното обвинителство. Оттука и за овој орган се однесуваат забелешките за недоволна стручност и совесност во постапувањето по предметите, што се манифестира во недоволно следење на текот на постапката сметано од примањето на кривичната пријава, па се до донесување правосилна пресуда од страна на судот, што придонесува за одложување на постапката пред Јавниот обвинител, а понекогаш и до застареност на кривичниот прогон".

Тука би сакал да поставам серија на прашања и дилеми до Народниот правобранител, бидејќи ние всушност го имаме и Годишниот извештај за Јавното обвинителство за 2004 година, што е подоцна на дневен ред на овој пленум. Значи како е извлечен заклучокот од страна на Народниот правобранител на толку мал број на претставки кои се стигнати. Сега овде не се наведени и ние не можеме да знаеме кој е тој мал број, значи можеме само да погодуваме колку би можеле да бидат. Значи како врз основа на тој мал број е извлечен заклучокот. Од друга страна, дали вие како Народен правобранител всушност и сте овластен да можете да судите или да оценувате за стручноста и работата на Јавното обвинителство. Потоа дали како Народен правобранител од малиот број претставки иницирал кај Јавниот обвинител, значи институцијата Јавен обвинител, постапка за утврдување на работата на одредени заменици јавни обвинители бидејќи веројатно тие водат најголем број предмети. Потоа, дали се има податок по одреден предмет дека настапила застареност затоа што Јавниот обвинител не преземал дејствија што бил должен да ги преземе согласно Законот, заради што настапила таа застареност, бидејќи и тука во вториот пасус тоа е кажано. Значи на кој начин Јавниот обвинител придонесува пред судот да се одложи остапката кога знаеме дека тој е странка во постапката, а носител е претседателот на Кривичниот совет, значи на целата таа дејност. Тоа се 3-4 дилеми кои би било добро да ги прокоментира Народниот правобранител, бидејќи тоа го кажував и во својот Извештај.

Потоа на страница 45 Народниот правобранител говори за раселените лица и објаснува од кои колективни центри се обратиле до него. Од друга страна, Народниот правобранител она што го презема како негова надлежност, тој препорачува до Владата и сега тука има пет точки. Јас не би сакал да ги читам тие пет точки, а ќе се осврнам на она што мене ме интересира, бидејќи дел од раселените лица се од општина Куманово. Со нив се има и редовна комуникација. Луѓето навистина имаат голем број на проблеми, па дали Народниот правобранител или некој од кај вас ги има посетено и разговарано на лице место со овие луѓе. Значи тука би барал еден одговор.

На страна 55, значи заштита на правата на децата. Тука навистина опширно Народниот правобранител има објаснето, скоро на три страни, да е истото објаснување по однос на заштита на правата на децата. И сега на еден од подолните пасоси се кажува дека во текот на извештајниот период поднесени се неколку претставки што се однесуваат на физичко и психичко малтретирање на ученици од страна на наставниот кадар. И сега се кажува "За ова прашање Народниот правобранител изразува загриженост затоа што во средби со ученици се истакнува дека доста е застапено физичкото, а особено психичкото малтретирање на децата". И сега ние во последен период преку медиумите

можеме да забележиме дека одредени наставници навистина се физички активни. Одредени наставници во поедини градови имаат добра физичка активност во последниот период, за што нормално треба да следат одредени санкции.

Од една страна, јас верувам дека кај вас се обраќаат поголем број на ученици, малтретирани од страна на наставниот кадар и вие тоа можете, како останатото, кога говорите за одредени судии во Штип, или не знам кој друг град, можете и ова јавно да го манифестирате пред сите граѓани и да кажете конкретно за едни вакви активности, бидејќи ова, во последно време, станува се посериозен и пообемен проблем во Република Македонија. Тука ако може одреден коментар, навистина би бил благодарен.

На крајот, за да не должам, на страна 60 "Заштита на правата од областа на образованието", бидејќи во тој дел кај вас има пристигнато, според табеларот, огромен број на претставки, во пасусот кој говори за кофинансирањето на студирање, дали всушност само до вас се обраќаат оние лица кои се припадници на безбедносните сили? Јас верувам, верувам дека има и други студенти кои исто така во овој дел им е нарушено правото, плаќаат поголема партиципација, согласно нивните знаења и умеења, дали и во тој дел се обраќа онаа друга категорија на студенти, кои не се дел, припадници на безбедносните сили на Република Македонија?

Значи, од тој аспект, јас не би должел, навистина се работи за обемен и издржан Извештај и би бил задоволен ако Народниот правобранител ги даде своите коментари по однос на моите забелешки.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Анастасовски.

За збор се јави Народниот правобранител, господинот Иџет Мемети.

Повелете господине Мемети.

**Иџет Мемети:** Благодарам потпретседателе.

Ќе бидам многу краток, со оглед на тоа дека одреден број на пратеници поставија и конкретни прашања. Би сакал на кратко да ги информирам повеќе нив по однос на одредени искажани согледувања во Извештајот и за други работи и, господине Флоровски ќе бидам многу краток.

На почеток беше истакнато прашањето за финансирањето на институцијата. Општо е познато дека во однос на самостојноста на вршењето на функцијата, како независна институција, еден од клучните моменти е финансиската самостојност, што институцијата Народен правобранител ја нема.

Само во Законот на институцијата стои дека за Буџетот се гласа посебно. Така што во догледно време, во иднина, ако се вршат измени во Законот и те како треба да претрпи измени овој сегмент, каде што е засегната самостојноста во конципирањето на Буџетот и финансирањето на институцијата.

По однос на тоа што почитуваниот госопдин Зоран Крстевски кажа, дека очекувал од моја страна нешто повеќе во моето излагање да кажам за случајот во Штип што се случи, каде што јас се одлучив да го искористам правото што Законот ни го дава, јавно да ги посочам и да упатам јавна критика, во делот на тоа што кажав сомнеж или претпоставка дали во иднина ова право ќе го користи Народниот правобранител и за другите случаеви?

Самиот факт дека станува збор за негова претпоставка, јас ве уверувам дека сите мои инструменти што ги имам, во законите, и те како ќе бидат искористени, па и со употреба на ваквиот инструмент. Меѓутоа, треба сите да сме свесни дека е ова многу чувствителна функција. Тенка е границата помеѓу тоа што значи одговорно работење и злоупотреба на функцијата од страна на лицето, односно сега од моја страна што ја водам оваа институција. Може да се претвори, ако неодговорно работи, во инструмент било на опозиција, било на позиција. Јас тоа нема да го направам. Во иднина, ќе ги искористам моите права дадени во Закон само за јавна критика само тогаш кога по спроведена постапка ќе се утврди повреда на закон и тоа директно од која јавна личност, тогаш и те како ќе ги искористам моите права. Без спроведена постапка и утврдена констатација, во никој случај нема да се осмелам да одам со јавна критика, затоа што тоа не ни помага.

Понатаму, ќе одам на крај за конкретните прашања што беа поставени од господинот пратеник, последен дискутант, да не ви одземам многу време, по однос на констатациите за работата на Јавното обвинителство. Навистина, се работи за мал број на претставки по однос на работата на таа институција. И тоа само во делот на тоа што значи оддолжување на постапките, особено во делот на постапките каде што граѓаните се јавуваат како јавувачи на прекршувањата на правата, односно да тие пријавуваат кривични дела. Сметаат граѓаните дека многу тешко и бавно се одвиваат таквите постапки и дека никогаш нема завршница со покренување на обвинителен предлог или обвинителен акт.

По однос на податоците што се искажани, од тие податоци што ги имаме во институцијата, произлегува дека многу малку внимание се посветува на кривичните пријави што доаѓаат по приватна иницијатива, отколку на органите. Што е и логично од една страна, затоа што органите, било да е тоа МВР или некој друг орган, сигурно дека ги поткрепува со доволен број на докази и факти со што можат да докажат дека постои вина за кривична одговорност.

А, што се однесува до нашите пријави доставени до Јавното обвинителство, поточно се работи за три кривични пријави, една од нив е отфрлена, а за две се води предистражна и истражна

постапка. Истражната постапка ја водат судовите во Република Македонија.

Имаше конкретно прашање дали се посетени раселените лица? Многу кратко, да.

Понатаму, беше за правата на децата. Видете, имајќи ги предвид нашите надлежности, многу е тешко да се дојде до констатација и тоа не само од формален аспект, согласно инструментите што ги имаме, затоа што кај децата, кај нивната злупотреба се работи за и те како чувствителни права односно чувствителни прашања што, мојата институција, имајќи предвид кој е сотавот, кадровскиот капацитет, сите се правници. Не секогаш се работи за правна работа.

Точно е тоа дека од страна на родители и на ученици сме имале поплаки од таков карактер како што вие спомнавте. Меѓутоа, откако се извршени истраги на лице место многу тешко можеме да дојдеме до констатации, затоа што не се осудуваат да ги изнесуваат. А, ние пак имаме недостиг на стручен кадар од аспект на лекари, психолози, социолози и тн. На тоа се должи дека нашата институција, и покрај тоа што презема одредени дејствија и мерки, нема ефект од тоа.

Понатаму беше спомнато зошто, на пример, за работата на судиите се отиде со изнесување во јавноста на случајот, а кај овој дел не се оди. Нема да се оди никогаш додека не се заврши постапката и не се докаже повредата на човековите права.

Кај високото образование, со наша препорака е оваа година, и покрај тоа што извештајот е за 2004 година, а не за 2005 година, оваа година успеавме Универзитетот прифати една наша препорака и, во соработка со Министерството за образование и наука студентите успеаја да го остварат своето право да имаат точни мерила и критериуми како можат да ги добијат сите нивни права.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мемети.

Има збор пратеникот Ивановска Лилјана.

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам потпретседателе,

Почитуван господине Мемети, почитувани колеги пратеници,

После толку многу дискусии тешко е да не се повторуваме. Меѓутоа, ќе се обидам да не се повторувам.

Многу колеги пратеници кажаа дека ќе го поддржат Извештајот. Јас не верувам дека постои ниту еден пратеник кој нема да го поддржи Извештајот на Народниот правобранител.

Многу колеги пратеници потенцираат дека е исклучително квалитетен, сеопфатен, што го гледаме во Соранието по однос на други извештаи, извештаи на други институции што се штури и со недостиг на информации. Овој Извештај е навистина сеопфатен, полно со податоци, полн со бројки, со насоки и идни политики на Народниот правобранител.

Беше искажан податокот за зголемената доверба на граѓаните во Народниот поравобранител. Секако, тоа се должи на воспоставување на институцијата Народен правобранител на претходниот Народен правобранител господинот Бранко Наумовски кој придонесе за издигнување на институцијата, што го достигна ова ниво и секако во овој контекст сакам да ја потенцирам соработката на Народниот правобранител со Анкетната комисија за заштита на основните права и слободи на граѓаните на Собранието, што е од особено значење при покренување на иницијативи за утврдување на конкретна одговорност на одредени вршители на јавни функции што е и основна надлежност на Анкетната комисија. Таков случај имавме за преземање на одговорности и суспендирање на лица вработени во МВР во Куманово кои ги пречекорија своите овластувања, како што е кажано во делот на претставките што ги добивале 2004 година во делот на употребата на прекумерна сила на вработени во Министерството за внатрешни работи, а процентот е искажан во Извештајот. Оваа соработка со Анкетната комисија ќе користи и на Собрнаието и на Народниот правобранител во идните активности.

И сега, да кажам што зборуваат бројките во Извештајот.

Од сите претставки, 72% од претставките се обработени. Овој процент зборрува дека институцијата Народен правобранител е оскудна со кадровски решенија, како што кажа во последното обраќање Народниот поравобранител, од аспект дека се само правници, така што не можат да постапуваат, особено во делот што го кажавте за заштита на децата. Така што екипирањето и со подрачните заменици, народни првобранители, што е премногу долго, овде субјективната одговорност е на Народниот правобранител во смисла на оддолжување на изборот на заменици народни правобранители, кои можеа порано да бидат избрани, како што Законот од 2003 година кажува во рок од шест месеци, така што сметам тука има одговорност во доцнењето на изборот во овие канцеларии. Иако во Струмица, канцелариите се договорени, дел од лица има вработено, меѓутоа изборот на заменикот, кој најдиректно може да им помогне на граѓаните не е извршен. На наредната седница веќе го имаме изборот, меѓутоа тој е прилично задоцнет.

Другите бројки зборуваат: 79% од претставките е запрена постапката или не е покрената. Овој процент е многу висок. 79%, зборува дека граѓаните не се информирани за своите права преку Народниот правобранител, или како што кажувате во Извештајот, дека дел и си ги проверуваат исправноста на своите постапки, особено судските постапки.

Она што во овој Извештај е посебно важно е дека се остварува функцијата Народен правобранител, тоа се 18% покренати, констатирани повреди на правата на граѓаните. Што е посебно важно во делот на отсуство на правдата на граѓаните, односно владеење на правото, дека има институција која се грижи за граѓаните.

Од овие 79%, непокренати или запрени постапки, во 683 претставки немало основ за покренување постапка. Во 1145 немало повреди. Така што не држат некои тврдења на колеги пратеници дека зголемениот број на претставки зборува за притисокот или драстично катастрофално кршење на човековите права. Меѓутоа, тоа не значи дека состојбата со човековите права во Република Македонија е на задоволително ниво, што е и во општите констатации, во вашиот извештај, дека не треба да бидеме задоволни. Напротив, треба да ги јакнеме механизмите за заштита на правата на граѓаните.

Во структурата на претставките, речи си 20% се од правосудството. 12,5% се постапувања на вработените во МВР или полицијата, 13,6% се имотно правните односи односно правата од катастар,односно експропријација и проблемот со денационализацијата. 11% се правата на потрошувачите. Ова се најголемите проценти во Извештајот на Народниот поравобранител кои зборуваат каде се правците на активностите на Владата со цел за подобрување на остварувањето на правата на граѓаните, онаму каде што се нарушени.

За судството, многу се зборуваше и започна процесот со уставните промени за реформите во судството.

Најмногу дискусии имаше со ситуацијата во Судот во Штип, каде што дури се оспоруваше правото на Народниот поравобранител да даде свое мислење или препорака. Тоа право апсолутно не е спорно и е дадено во членот 12 од Законот за Народен правобранител каде што вели:

"Народниот правобранител превзема дејствија и мерки за заштита на неоправдано оддолжување на судските постапки и несовесно и неоговорно вршење на работите на судските служби, не повредувајќи ги принципите на самостојност и независност на судската власт".

Во овој случај токму така беше постапено, како што кажа господинот правобранител, претходно беа исцрпени сите процедури за преземање на активности во овој случај и апсолутно е оправдана неговата постапка во овој случај. Во делот на постапувањето на Полицијата, секако дека Министерството за внатрешни работи треба да презема конкретни мерки и активности во делот на внатрешна контрола на пречекорување. Меѓутоа, во овој контекст сакам да кажам дека е многу важен законот за внатрешни работи да биде доставен до Собранието или законот за полицијата, каде што пречекорувањето на употребата на сила или на овластувањата ќе биде регулирано со закон, а не со подзаконски акти, како што се регулирани до сега и на тој начин ќе се избегнат ситуации каде што ќе биде токлувана злоупотребата дали е или не е, согласно со актите во Министерството за внатрешни работи.

Од претставките во делот на имотно-правните односи, зборуваа повеќе пратеници. Меѓутоа, јас сакам да го потенцирам загрижувачкиот процес, процесот на денационализација, особено на имотот што физички е возможно да се врати. Така што Владата, се надевам дека извештајот и стенограмите од денешнава седница Владата внимателно ќе ги разгледа на една од своите седници и ќе преземе конкретни активности во забрзување на тој процес, особено на тој имот што може реално да се врати и со преземање на правото на владеење на луѓето на кои им бил одземен тој имот, особено ќе потенцирам, Јавниот правобранител кој се жали на решението на Комисијата за денационализација да се преиспита тој процес. Затоа што доколку Комисијата донела решение, Јавниот поравобранител секако дека треба тоа решение да го потврди, таму каде што нема основ, така што преиспитувањето на овие ситуации Министерството за финансии треба да ги преиспита. Секако, водејќи сметка за независноста на сите институции во Републиката.

Четвртото право, што во Извештајот кажувате дека има доста претставки е правото на потрошувачите. Во Извештајот стои дека граѓаните најмногу се жалат за монополските позиции на ТЕЛЕКОМ, ЕСМ, Топлификација и секако комуналните претпријатија во делот на исклучувањата, без право на жалба на граѓаните. Секако дека економската ситуација има свое влијание во тоа, меѓутоа секако дека во овој правец овие монополи, овие јавни претпријатија треба да водат сметка за постапките.

Во делот на извештаите, исто така, кои препораки и правци на работа на Владата и на Собранието и претстојните активности на Народниот правобранител. Во делот на законодавството, во идното законодавство, сакам да потенцирам дека обврските на Собранието, секако е дека Законот за слободен пристап на информации, кој ќе ја мобилизира јавната администрација и секако, дека тој е процес кој што подолго ќе трае, меѓутоа, ќе ја молибилизира јавната администрација да им возврати на барањата на граѓаните во своите права, информации и постапки. Законот за недискриминација, за дискриминација, беше повеќе пати спомнуван, меѓутоа во контекст на правична застапеност. Меѓутоа, законот за недискриминација треба да се донесе во духот на секаков вид на спречување на секаков вид на дискриминација, не само во делот на правичната застапеност на етничките заедници, како што беше истакнато и особено во Извештајот е потенцирано. И секако, ја поддржувам иницијативата и секако многу важно е поставување на специјализирани народни правобранители кој што треба да се направи со закон, пред се Народен правобранител за заштита на правата на децата и родовата

рамноправност, кои што постојат во развиените земји и за ова се потребни средства, меѓутоа, треба да отпочне еден процес, да се изнајдат начини преку странска помош и програми и секако, доколку постои волја ќе се изнајдат средства за воспоставување на функционирање на овие народни правобранители.

Во постојните активности Народниот правобранител го искатнува новиот начин на функционирање, кој што пак го дава, решението на Законот за народен правобранител, а тоа е самоиницијативноста во покренување на постапките. Секако дека овој е инвентивен и креативен начин на однесување на Народниот правобранител, каде што правата на група граѓани се загрозени или некоја проблематика која што недоволно е потенцирана или недоволно афирмирана во јавноста, Народниот правобранител да го иницира решавањето каде што се кршат правата на граѓаните, односно некоја група на граѓани која што е за поздравување и секако дека во наредниот период ќе очекуваме такви иницијативи од Народниот правобранител, особено, повторно ќе потенцирам тоа може да го прави во соработка со собраниската Анкетна комисија за заштита на човековите права и се надевам дека во наредниот извештај ќе бидат познати некои работи кои што се случуваа 2005 година, особено кршењето на изборното право. Се надевам дека Народниот правобранител годинава ќе превземе некои активности во таа насока, особено во семејното гласање, кое што се случи на локалните избори 2005 година, додека другите прекршувања, секако имаат веќе и судски завршници, така да во оваа насока очекуваме некакви активности на Народниот правобранител. Во Извештајот не стигнав да спомнам за она што многу колеги го дискутираа и го сметам за исклучително важно прашање, а тоа е времено раселените лица. Ние имавме Извештај за кој што расправавме во Собранието и донесовме во Собранието заклучоци, мислам дека треба да се изнајде политичка волја, треба да се изнајдат средства за конечно решавање на раселените лица. Овде сакам особено да потенцирам за активностите на Министерството за внатрешни раоти, во довербата на мултиетничките сили во полициските станици но секако, ме загрижува палењето на куќите на Македонци во Арачиново, обновените куќи кои што создаваат страв кај Македонците, кои што не се вратени во Арачиново, така да утврдувањето на одговорноста на чинителите на таквите дела е од посебна важност за жителите од Арачиново да се вратат од другите места.

На крајот да го поздравам извештајот на Народниот правобранител и секако, недвосмислено ќе го поддржам Извештајот и секако, стенограмите и Извештајот да бидат доставени на Влада за разгледување, за идните активности.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Ивановска.

Има збор пратеникот Блаже Стојановски.

Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван Народен правобранител на Република Македонија, кој се надевам дека не следи од другиот дел на Собранието.

На почетокот сакам да појаснам некои работи. Свесни сме дека сите овде заедно во овој собраниски состав придонесовме Законот за народен правобранител, кој што требаше да значи зголемување на значењето на оваа функција во македонското општество и во однос, пред се, на превентивен и активен ангажман за одбраната и заштитата на човековите права и слободи, кои што се утврдени во Уставот на Република Македонија и кои што се гарантирани преку законски гаранции во процедури кои што треба да бидат почитувани пред се, од државните органи, од извршната власт, а се разбира и од судската власт и од сите оние други органи и организации кои што вршат јавни овластувања.

Меѓутоа, факт е дека покрај носењето на овој закон, позицијата на Народниот правобранител се сведе на позицијата која што сигурно еден дел од колегите пратеници ја помнат, а тоа е позицијата што ја имаше Комисијата за жалби и поплаки во Собранието на Република Македонија, кога што секој оно кој што сметаше дека има некаква повреда на некакви права кои што му се гарантирани со Уставот и со законите можеше да се обрати до таа Комисија и таа Комисија упатуваше некаква препорака до надлежниот орган кој што ги повредил тие права и слободи и на тој начин се завршуваше целата процедура.

Сметам дека позицијата која што ја има Народниот правобранител во овој момент, независно од законските овластувања не е многу различна од позицијата на Комисијата за жалби и поплаки во Собранието на Социјалистичка Република Македонија, затоа што Народниот правобранител нема моќ да влијае на разрешување, или на изрекување на санкции кон оној носител на јавна функција чија институција ги повредува човековите права и слободи. Тоа е една констатација за која што сметам дека Народниот правобранител ќе се согласи, затоа што позицијата во македонското општество, или во македонската организација на државната власт или на институциите на системот е таква што имаме доминација на извршната власт над сите други власти, вклучително и на законодавната над ова Собрание, иако би требало да биде поинаку, а тука демократскиот однос во државата како краен резултат треба да изградат една позиција Народниот правобранител кој ќе значи вистинско авторитетно заштитување на правата и слободите на сите граѓани на Република Македонија.

Уште од самото поставување на функцијата Народен правобранител, независно од волјата

која што сметам дека ја има господинот Иџет Мемети активно да се вклучи во заштитата на човековите права и слободи на граѓаните на Република Македонија меѓутоа, неговиот политички деграунд, како поранешен министер за правда во коалицијата која што и денеска е на власт, предложен од страна на политичката партија ДУИ, потоа член на Уставниот суд на Република Македонија, реално покажа дека намерата на оваа власт не е да му овозможи на Народниот правобранител самостојност и со полн капацитет да ги извршува оние надлежности кои што му се дадени во Законот за Народен правобранител на Република Македонија, туку да му даде до знаење дека ние политички ве поставивме и треба да водите сметка до каде можете да одите во критикувањето или оценката на работата на министрите, кои што исто така произлегуваат од нашата партија, односно од партијата која што го предложила сегашниот Народен правобранител на Република Македонија за министер за правда, а кои што исто така до вчера беа и колеги во Владата на Република Македонија.

Значи тргнувајќи од овој аспект, сметам дека позицијата на сегашниот Народен правобранител, независно од личните негови намери, навистина со полн капацитет да ја врши оваа функција, не му овозможува заради политичките околности кои што владеат во Република Македонија.

Меѓутоа, независно од тоа, сметам дека Народниот правобранител се потрудил заедно со тимот со кој што раководи да направи еден извештај во кој што ќе даде една глобална оценка за состојбата со човековите права во сите области на живеењето и на тој начин да можеме и овдека како Собрание да подискутираме за оваа состојба на оваа тема која што значи една од најсуштинските теми кои што се третираат со најголемо внимание во сите демократски држави.

За жал, кај нас кога почнува да се зборува за човековите права и слободи, единствено што ме потсетува, тоа е паролата од 2001 година дека некој се бореше за човекови права и слободи за да дојде на власт, а се друго што претставува практикување на власта и вистинска заштита на човековите права и слободи, независно од националната, партиската, верската или било каква друга припадност на поединецот, не претставува тема која што ќе се третира постојано, туку се третираат само случаи, кои што се надвор од оние надлежности и од оние извршни мерки кои ги преземаат институциите на системот.

Меѓутоа, да се вратам на Извештајот. Тука прв впечаток ми остави овој податок кој што според кој најголем број на претставки за кршење на човековите права се поднесени од Македонци. Јас се прашувам ако е тоа така а Народниот правобранител претставува институција која што со Закон е овластена да се грижи за човековите права и слободи во Република Македонија, тогаш сметам дека Македонците, согласно бројот на претставките кои што ги поднесуваат до Народниот правобранител се тие чии што права и слободи по најголем дел се загрозени за разлика од припадниците на албанската заедница, каде што само 14% од претставките се однесуваат на повреда на нивните права и слободи.

Значи овде, во овој Парламент ако зборуваме со аргументи, тогаш аргументите треба да бидат овие. Сите оние кои што имаа повредени права и слободи се обраќаа до Народниот правобранител, кои што согласно Законот и Уставот е овластен да ги штити тие човекови права и слободи. Ако е така, а 75% од оние што се обратиле до Народниот правобранител се Македонци, јас овде пред вас како пратеници, пред македонската јавност сметам дека правата и слободите на Македонците се повеќе загрозени од правата и слободите на припадниците на албанската заедница, имајќи го предвид овој аргумент кој што е наведен во овој Извештај.

Меѓутоа, не знам можеби има некоја друга аргументација, која што би дошла од поранешните борци за човекови права, а сега, според тоа што се носители на извршната или делови од извршната власт во Република Македонија дека наеднаш се претвориле од борци во кршители на човековите права во Република Македонија. Значи зависно од која страна се наоѓал и кој што работел, така се третираат овие состојби во врска со човековите права и слободи, а особено тоа е случај во нашата Република Македонија. Многу значајно за секоја држава, вклучително тука и Република Македонија е однесувањето на полицијата, затоа што по дефиниција таа има голем дел на дискрециони можности за кршење на човековите права и слободи, која што во овој Извештај навистина, има завземено еден добар дел од Извештајот, како посебна глава, како заштита на правата во полициска постапка што е утврдено од страна на овој Годишен извештај и мислам дека и фактички, сигурен сум дека она што е наведено овде, во голем дел се поклопува со извештаите за нивото на човековите права во Република Македонија, а особено оние кои што се презентирани пред се, од Хелшинскиот комитет за човекови права, меѓутоа, и од други релевантни меѓународни институции кои што се занимаваат со проблематиката на заштитата и унапредувањето на човековите права и слободи.

За да биде појасно за што станува збор, јас морам да го цитирам овој дел од Извештајот заради јавноста. Значи Народниот правобранител на Република Македонија избран од оваа власт во својот Извештај за 2004 година вели следното: "Во текот на 2004 година претставките на граѓаните кои се однесуваа на работата на полицијата беа меѓу најбројните. Во предметното работење, како најсериозни во однос на полициската постапка, Народниот правобранител ги идентификуваше следните повреди: физичко насилство над граѓаните за време на лишување од слобода за време на престојот во полициска

станица или во другуи затворени простории. Случаи на брутално полициско постапување со елементи на кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот. Случаи на противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово и понижувачко постапување и казнување, или малтретирање во вршењето на службата. Сеуште е присутна појавата на полициски акции во кои се прекршуваат правата како резултат на непотребна употреба на сила, иако истите се во контекст на апсење според закон или спречување бегство на лице лишено од слобода, врз основа на закон. И понатаму има случаи на нарушување на неповредливоста на домот и смејниот живот со несоодветна постапка и дејствија на овластените службени лица при вршење претрес на дом и лице, врз основа наредба на суд, незаконско постапување на службените лица на органот при спроведување на службени дејствија, како нелегитимирање и неоткривање на идентитетот на службените лица. Не соопштување на целта на дејствието на јазикот кој го разбира граѓанинот. Непотребно нанесување материјална штета на домовите и граѓаните. Некоректен однос, особено спрема граѓаните кои се припадници на заедниците. Не доставување докази од службената евиденција на органот, заради остварување судска заштита на правата и други повреди на законската и подзаконската процедура. Случаи на незаконско задржување подолго од 24 часа во полициска станица и други простории, без можност за соодветен пристап до лекарска, правна и друга помош и заштита.

Продолжуваат негативните примери на најразновидни методи над задржаните лица, со цел од нив да се добијат податоци за некое казниво дело или сторител. Постои несообразена и неусогласена легислатива и административни постапки, што на директен и индиректен начин негативно се одразуваат, особено при остварување на статусните состојби како: државјанство, жителство, матична евиденција, регулирање статус на странец и сл.

Во Министерството за внатрешни работи, сеуште непотребно се концентрирани голем број надлежности од кои непосредно зависи остварувањето на гарантираните права на граѓаните за кои истото не располага со доволен стручен кадар и ресурси.

Загрижува неефикасноста во спречувањето на вршење кривични дела и откривањето на сторителите и нивното предавање на надлежните органи, особено во расветлувањето на кривичните предмети со елементи на убиство.

За сите случаи за кои Народниот правобранител ќе обезбеди веродостојни докази дека врз одредени граѓани службените лица на полицијата примениле физичка сила, со елементи за кривични дела против нивните слободи и права, Народниот правобранител до надлежните јавни обвинителства поднесе барање за покренување судска постапка заради утврдување на нивната кривична одговорност. Само за еден предмет е добиен одговор дека е прифатена кривичната пријава, а за другите обвинителството или ги отфрлило како неостварени, или сеуште не одговорило.

Загрижува фактот што за некои барања Народниот правобранител сметаше дека има доволни елементи за гонење на полициски службеници, Јавното обвинителство тоа не го стори.

Јавното обвинителство треба да го има предвид фактот дека Народниот правобранител укажува на потребата за преземање дејствија, откако ќе утврди сериозни прекршувања на слободите и правата на граѓаните и по претходно прибрани материјални докази".

Јас ве уверувам почитувани колеги дека Народниот правобранител на една држава кога ќе утврди вакви повреди на права и слободи од страна на полицијата, кога тој извештај ќе добие акламативна поддршка од сите претставници на позицијата кои што досега ги слушав во нивните искажувања дека тоа ќе го направат, сметам дека нема некој кој што ќе се праша. Зарем е можно во вакви околности, при ваква работа на полицијата ниту еден човек да не носи некаква одговорност.

Јас во целата оваа констатација на работи кои што ги наведов овде, толку малтретирања, толку нарушувања на човековите права и слободи, ниту еден припадник на полицијата кој што ги вршел овие работи не одговара. Зборувам по барање на Народниот правобранител. Настрана оние постапки кои што се водат интерно во рамките на Министерството за внатрешни работи или ако веќе зборуваме за состојба во едно министерство, неговото постапување и воопшто за состојбите со човековите права во една држава, кои што се следат не само од граѓаните на Репулика Македонија, туку и од многу меѓународни институции, па и државни организации кои што се блиски до одредени држави.

Сметам дека усвојувањето на ваков Извештај дава слика за Македонија како една, навистина, недемократска држава, една држава во која полицијата ги прекршува сите права и слободи кои се наведени во тоа што го прочитав досега, а кои се гарантирани со Уставот на оваа држава. Значи не треба на овој начин да ги презентираме работите, туку на еден објективен начин во смисла на конкретни случаи. Јас се согласувам дека има конкретни случаи, меѓутоа, во овој Извештај на крајот од Извештајот има наведено неколку конкретни случаи, но сите овие работи што тука се наведени не се поткрепени ниту со еден пример. Кој е примерот непочитување на неповредливоста на домот и семејниот живот со несоодветна постапка и дејствија на овластените службени лица при вршење претрес на дом и лице, врз основа на наредба на суд. Зошто да не се покаже кој е тој пример, кои се тие службени лица кои ја извршувале наредбата од судот, кои се тие лица кои ја направиле повредата на правото на неповредливоста на домот и на

семејниот живот. Тоа е она што ние како Парламент можеме да го разгледуваме и ќе кажеме дека Народниот правобранител согласно неговите надлежности кои се наведени во Законот за јавен правобранител, презема дејствија по однос на преставката која се однесуваше на повреда на неповредливоста на домот на лицето НН и согласно тоа утврди одговорност на носителот на јавна функција, на јавни овластувања лицето НН кое работи на тоа и тоа работно место или е именуван од страна на некој орган, како одговорно лице во одредена институција. Во целиот овој Извештај воопшто нема конкретизација на состојби, туку имаме едно поставување на работите на генерален план што многу штетно ќе се одрази на сликата на Република Македонија, ако го читаме буквално само она што е негативното. Меѓутоа, јас сметам дека тоа не е далеку од вистината затоа што во многу случаи се случуваат вакви работи и за да не биде паушално и да не биде без аргументација само наведено, неопходно ќе биде во наредните извештаи Народниот правобранител да ги конкретизира овие наоди.

По мое мислење има една многу опасна теза која се наведува во овој Извештај, а која се однесува на тоа што го прочитав од Извештајот. Тоа е последната реченица од овој дел каде вели дека карактеристично за сите овие предмети е тоа што како подносители на претставки се јавуваат припадници на заедниците кои не се мносинство. Дали, господине Народен правобранител тоа значи дека во Република Македонија, полицијата и другите државни институции кои се наведени, меѓутоа овде пред се, се однесува на полицијата и на Јавното обвинителство. Дали тоа значи дека тие се однесуваат специјално кон припадниците на заедниците кои не се мнозинство, дали тоа значи дека овие граѓани на Република Македонија се единствено репресирани на овој начин, или тоа значи дека има селективен пристап Јавното обвинителство и МВР, според националната припадност. Ако вие како Народен правобранител го тврдите тоа, јас барам вие тоа јавно да го кажете, или пак да се оградите од тоа што е наведено во вашиот Извештај, а кое јас не можам да го протолкувам поинаку, освен како делење на граѓаните на Република Македонија по етничка основа, само заради нивната етничка припадност, а не заради конкретни примери кои значат нарушување на нивните права и слободи од страна на државните институции на Република Македонија , затоа што сметам дека и партиите кои се на власт се тие кои носат одговорност за состојбата со човековите права и слободи во Република Македонија. Тоа како претставници на албанското население во Република Македонија е партијата ДУИ која директно со свои министри и директори, учествува во сите нивоа на извршната власт и на сета друга власт затоа што гледаме дека и судии се избираат по партиски клуч и други работи се случуваат кои значат и одговорност, а не само права за поставување на лица на овие функции.

Наредната точка се однесува на Јавното обвинителство. Вие се обидовте да одговорите на ова прашање, меѓутоа јас сакам и тука малку да се задржам.

Во овој дел од Извештајот стои дека правилното функционирање на јавнообинителската организација како сегмент на правосудниот систем во поширока смисла на зборот е од особено значење за заштита на основните слободи и права на граѓаните и организација која има огромен придонес за нивната правна сигурност. Меѓутоа, иако, како што кажавте самиот во вашето излагање пред малку дека за функционирањето на Јавното обвинителство, до Народниот правобранител, во текот на извештајната година се регистрирани многу мал број на преставки, вие во вашиот Ивештај наведувате дека за овој орган се однесуваат забелешките за недоволна стручност и сосвесност и тоа е направено со истакнати букви. Значи недоволна стручност совесност во постапувањето по предметите што се манифестира во недоволно следење на текот на постапката, сметано од примањето на кривичната пријава па се до донесување правосилна пресуда од страна на судот, што придонесува за одолговлекување на постапката пред Јавниот обвинител, а по некогаш и до застареност на кривичниот прогон. Со оваа реченица вие кажувате дека Јавното обвинителство е виновно за застарување на кривичниот прогон, виновно е за одолговлекување на постапките кои треба да ги води од поднесувањето на кривичната пријава до донесување на правосилан судска пресуда и на крајот утврдувате дека јавното обвинителство, значи сите оние како организација, како што ја наведувате, јавнообвинителска организација во која влегуваат сите јавни обвинители и сите нивни заменици, упатувате забелешка за недоволна стручност и совесност. Јас вака не би ги генерализирал работите. Јас навистина не можам да се согласам со тоа деа Јавното обвинителство си ја врши својата функција добро. Не се согласувам со тоа. Меѓутоа не се согласувам ни со тоа дека сите јавни обвинители или сите заменици јавни обвинители можат да добијат забелешки од типот-недоволна стручност и совесност во постапувањето по предметите. Тое е едната страна на она што сакам да го кажам.

Другата страна е во однос на тоа што Народниот правобранител не би требало да ја оценува генерално работата на Јавното обвинителство затоа што ние на оваа седница на дневен ред го имаме Извештајот за работата на Јавното обвинителство. Значи тие оценки може да ги даде ова Собрнаие и како такви може да ги даде слични можеби на одредени примери што ги давате како проблеми кои произлегуваат од работењето на Јавниот обвинител. Меѓутоа, Јавниот обвинител и Јавното обвинителство како целина претставуваат различни поими затоа што Јавното обвинителство на Република Македонија во себе ги вклучува сите јавни обвинители и замениците, а Јавниот обвинител на Република

Македонија претставува лице кое е одговорно за функционирањето на Јавното обвинителство како институција, како орган суигенерис и по предлог на Владате е именуван од страна на ова Собрание. Значи, ако зборуваме за конкретната работа на Републичкиот јавен обвинител, тоа е една работа, а ако зборуваме за работењето на Јавното обвинителство како целина и на јавните обвинители и замениците јавни обвинители, тоа е сосема друга работа, иако во голем дел тие нивни функции се поклопуваат затоа што таму постои хиерархиска поставеност на одговорноста. Значи, не би се согласил со вашето тврдење кое го наведувате во контекст на Јавното обвинителство и сметам дека воопшто не би требало во овој Извештај да стои оценка за работата на Јавното обвинителство затоа што ги земате ингеренциите кои се во надлежност на ова Собрание.А се согласувам во овој Извештај да стојат конкретни случаи во кои вие, заради преставка која сте ја добиле од страна на поединци или група на граѓани или правни лица, утврдувате повреда на нивните права и слободи што им се утврдени во Уставот на Република Македонија и утврдувате одговорност на Јавен обвинтел, заменик јавен обвинител или државн јавен обвинител, окружн, независно на која позиција се наоѓа со име и презиме, со број и конкретен случај на кое се однесува тоа тврдење.Имавме ние случај кога за одредени судии, вие ги наведовте со има и презиме и кажавте за кои случаи се работи и побаравте од други институции да поведат постапка за утврдување на нивната одговорност. Меѓутоа, кога се работи за Јавното обвинителство вие постапувате на еден сосема друг начин и ги генерализирате работите. Тоа е исто како заради тие случаи во судството, заради одолговлекување на постапките да кажете дека судството во Република Македонија целосно е неажурно. Има судии кои работат ажурно. Меѓитоа , генерално како судство не можете да го утврдите тоа затоа што има судови кои се поажурни, судови кои се помалку ажурни итн. Тоа е во однос на Јавното обвинителство.

Сега да кажам нешто во однос во делот што се однесува на денационализацијата. Сакам да кажам по однос на тоа што вие како Народен правобранител го наведувате во овој Извештај. Тоа е она што ние како опозиција постојано го кажуваме, а тоа е дека оваа власт нема политичка волја, нема реална намера да го заврши во целост процесот на денационализацина односно враќањето на имотитие на поранешните сопственици кои што претходниците на СДСМ, поранешните Сојуз на комунисти или Комунистичка партија на Македонија или на Југославија им ги одземаа на поранешните сопственици. Тоа, затоа што фактот што го наведувате во Извештајот дека најголем дел од претставките се однесуваат на постапката за денационализација односно на процесот на денационализација или враќањето на имотите на поранешните сопственици, се однесуваат за видот, условите и постапката за давање надомест за имот одземен од поранешната власт, како и тоа што органот за денационализација воопшто не го почитува рокот за донесување одлуки по предметните барања. Значи не постапува согласно Законот за општата управна постапка . Тоа е констатација што се согласува со вас и која е наведена во овој Иавештај, меѓутоа тоа е факт од кој неможе да избега извршната власт. Знаете таа Комисија ја формира Владата и таа е нејзинот тело, како дел од извршната власт и нејзиното работење, неработење, или одолговлекувањето на овие постапки дефинитивно значи и создавање на големи проблеми во контекст на одвивањето на процесот на денационализација и неговото завршување, какои обештетувањето на лицата кои на незакнски, насилен начин, со политички одлуки беа доведени во ситуација да им бидат одземени имотите кои биле нивна приватна сопственост.

Овде морам да кажам и еден куриозитет кој е наведен овде, а сметам дека треба да се поправи, или тоа требало да се поправи во текот на крајното прелистување на овој Извешај. Тоа е во делот на заштита на правата од областа на животната средина каде во Извештајот, Народниот правобранител на Република Македонија наведува дека Министерството за животна средина и просторно планирање, а во рамките на него и Државниот инспејкторат за животна средина не ги преземаат сите законски мерки со кои би се справиле, пред се со поголемите загадувачи на медиумите на животната средина. Јас сметам дека загадувачи на медиумите нема некоја надлежност Министерството за животна средина и просторно планирање или Државниот инспекторат за животна средина. Меѓутоа, се надевам дека тоа претставува техничка грешка и дека ќе биде исправена во конечниот текст на овој Извештај.А кога сме веќе кај еколошката состојба во Република Македонија тогаш сакам само да ги наведам случаите кои што и вие ги имате наведено во овој Извештај, а тоа се случаите со излевањето на отпадот на Злетовските рудници и штетите што беа предизвикани по должината на реката до езерото Калиманци, технолошкиот отпад што се создава од работењето на Комбинатот ФЕНИ во Кавадарци, загадувањето на воздухот од Топилницата за олово и цинк "Злетово" која веќе предизвика штети по здравјето на граѓаните на Велес, загадувањето на воздухот и почвата од работата на Рудникот за неметали "Огражден", во близина на Струмица. Неспорен е фактот дека повеќето поголеми реки можат слободно да се прогласат за мртви а по најголемата Река Вардар секојдневно плови отпад од пластична амбалажа. Значи, вие многу пластично со оваа реченица сте ја утврдиле еколошката состојба во Република Македонија и се надевам дека со ова што е утврдено тука можете само да дадете поттик за понатамошен ангажман и одвојување повеќе средства од страна на Владата на Република Македонија и поголем ангажман од страна на Министерството

за животна средина во надминувањето на проблемите кои се констатирани во овој Извештај, а кои навистина значат директна повреда на правата на чиста животна средина на граѓаните на овие места кои се наведнеи во овој Извештај.

Посебно сакам да се задржам на две работи кои беа третирани и од страна на Анкетната комисија за човекови права и слободи на Собранието на Република Македонија и од страна на ова Собрание, а тоа е еден многу интересен случај кога во Република Македонија и Уставниот суд и Врховниот суд признавaат дека немаат надлежност да решаваат за случаи на повреда на човекови права, а тоа се однесува на случајот за поништување на огласот за социјални станови кој беше поништен од страна на оваа власт. Беше распишан, како што наведувате и во вашиот Извештај, во декември 2003 година нов оглас по претставка која ја имате добиено од заинтересираните семејства кои се социјално загорзени и кои ги исполнуваат условите во овој оглас, дека и по една година Владата нема направено ништо во контекст на ова прашање. Значи нема доделено станови. Од друга страна оние кои ги добиле на легален законски начин тие станови, немаат можност во Република Македонија каде да се жалат, заради прогласувањето за ненадлежни и Уставниот и Врховниот суд на Република Македонија. Значи, единствено им останува Судот за човекови права во Стразбур каде, со пресудите што ги имаат добиено од Врховниот суд од Уставниот суд, дефинитивно ќе можат да ја почнат постапката за заштита на нивните права. Сметам дека Народниот правобранител во овој дел многу повеќе треба да се ангажира, а не само констатирање дека Владата не одлучила, затоа што за да може да одлучи треба претходното да биде прогласено за незаконски, а се знае кој може да ги прогласува одлуките за незаконски. Тоа може да го направи само судската власт. Тоа не може да го направи извршната власт затоа што таа ги донела тие незаконски одлуки за уништување на оглас, што по ниеден правен систем не значи поништување на договор, или поништување на некаква одлука. Тоа е само начин на кој Владата покажува или покажуваше еден реваншизам кон сите оние постапки кои ги презема поранешната Влада на ВМРО и на тој начин покажува дека нејзиниот начин на владеење не е создавање на нови вредности и изградба на нови станови кои би ги доделиле на нови семејства, на семејства кои навистина станбено се незгрижние, туку единствена цел им е да бидат одземени становите на оние на кои им ги дала поранешната Влада на ВМРО.

Заради овие работи сметам дека морате и директно да се вклучите во овој случај, со цел да се вратат оние состојби односно да се почитуваат договорите кои ги има склучено Владата на Република Македонија со корисниците на тие станови и тие договори да можат да се реализираат независно од сите други одлуки кои после тоа се донесени, а кои не се засновани на закон.

Впрочем, тоа е вашата функција, да утврдувате повреди на човековите права и да презематe активности за заштита на правата на граѓаните.

Третманот на раселените лица е посебна приказна. Првите две години толку гласно, толку силно зборувавме за Рамковниот договор во ова Собрание дека тој е приоритет, тој треба да се реализира што побрзо додека неговите одредби треба да се толкуваат вака или онака, меѓутоа, за раселените лица како да престана да важи тој Рамковен договор. Би ве потсетил на тој Рамковен договор и тие се дел од него и една од обврските на Република Македонија е да го реши проблемот со раселените лица. Поминаа повеќе од три односно четири години од нивното раселување. Сместени се во ужасни услови на живеење. Верувајте, оној кој има појдено таму, а бил и Народниот правобранител, јасно му е дека она што претставува место на живеење и остсварување на сите животни потреби, не може да претставува нормален начин на живеење за тие луѓе што живеат таму, а бидејќи куќите или им се урнати или не можат да направат ништо да ги реновираат или ако веќе се обиделе нешто да направат или им се запалиле куќите, сами од себе, како што викаат некои, затоа што досега немам слушнато некој да одговарал за палењето на тие куќи или им се уништува градежниот материјал кој го носат таму за да можат да ја оспособат куќата за живеење, ниту државата направи нешто за да им се овозможи од економски аспект да можат да живеат и да се вратат назад, а од друга страна не им овозможува нормални услови за живеење.

Ова прашање мора да се реши еднаш, ова Собрание донесе заклучоци, помина многу време од тогаш, меѓутоа, изгледа со тоа само се констатира една состојба која повеќе пати ја повторувавме и ја повторуваме, а тоа е дека Владата не се чувствува одговорна пред ова Собрание, туку пред своите партиски врхушки кои значат давање на насоки, поставување на министри во Владата на Република Македонија, а ова Собрание претставува само верификација на партиските одлуки на коалиционите партнери во Владата на Република Македонија. Значи, заклучоците кои ги донесовме во контекст на мерките кои треба да се преземат за враќање на раселените лица во своите домови, за подобрување на нивните услови на живеење, за да можат да почувствуваат една реална поддршка од страна на Владата на Република Македонија и на Република Македонија како држава, ниту се отпочнати да се реализираат. Ако е така, а така е, тогаш се поставува прашањето зошто воопшто Собранието на Република Македонија носи вакви заклучоци кои Владата нема или не сака да ги реализира или не покажува никаква волја за нивна реализација.

Во овој контекст, да не го претворам моето обраќање во дискусија која се однесува на

раселените лица, јас би го повикал Народниот правобранител да ги земе стенографските белешки од дискусијата во Собранието на Република Македонија и заклучолците што ги има донесено ова Собрание и заедно со тие заклучоци да побара од Владата реализација на тие заклучоци. Тоа ќе биде еден почетен чекор кон целосно решавање на состојбата во која се наоѓаат овие лица, а во која се доведени не по своја волја.

Ако зборуваме за социјалните права во Република Македонија, за правата на работниците, за правото на работа и правата кои произлегуваат од работниот однос, навистина ќе ни треба многу време, а ќе имаме прилика затоа што не очекува новиот закон за работни односи на следната седница која е закажана за 8 јуни наредниот месец и околу тие работи не сакам многу да должам затоа што ќе имаме прилика да зборуваме на тие теми, меѓутоа, сакам само да истакнам одредени факти односно да прочитам пред јавноста работи кои се утврдени од работењето на Народниот правобранител на Република Македонија во 2004 година, а кои се однесуваат на работењето на одредени делови на Министерството за труд  и социјална политика, а кои директно се однесуваат на социјалнат состојба на македонските семејства, на граѓаните на Република Македонија.

Народниот правобранител утврдил дека при укинувањето на одредени права од социјалната заштита особено за подрачјето на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Град Скопје, беше карактеристично што во голем број случаи претходно, значи претходно се укинуваше користењето на одредено право за потоа дополнително и тоа доста често, по неколку месеци да се изврши преиспутување и утврдување на фактичката состојба со цел да се утврди дали сеуште има основ за користење на одредено право со што граѓаните повеќе месеци остануваа без користење на правата од социјалната заштита. Значи, ова тврдење односно овој навод што го имаме во Извештајот на Народниот правобранител дефинитивно значи дека Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Град Скопје, сосема свое волно, дискреционо си носело одлуки кои дополнително потоа ги утврдувал на лице место дали навистина се исполнети законските услови за укинување на одредено право за социјална помош или некои други права од социјална заштита или такви услови не постојат.

Понатаму, за да биде комплетно сето ова односно да не се појави никаков документ во контекст на оваа работа стои: престанокот на користењето на правата најчесто се вршеше без донесување управен акт. Навистина се прашувам во која правна држава може да се укине право без управен акт, без решение. Тоа  е можно во Македонија. Имаме факт, тој факт е наведен во овој Извештај од Народниот правобранител, а може секој да го провери врз основа на претставките и испитувањата на фактичката состојба која ја вршела оваа институција.

Со тоа што се укинувани права без донесување на управен акт, граѓаните, не само што не биле информирани за причините за укинување на правото, туку немале ниту можност да го користат првото на жалба како уставно гарантирано право. Зборуваме за некаква правна држава, држава во која владее правото или зборуваме за целосен волунтаризам, за целосно, слободно и независно од закони или од други акти однесување на административните органи на министерствата во Владата на Република Македонија.

За да го комплетирам она што го почнав, да завршам, констатирајќи повреда на правата на граѓаните поради укинување на социјалната помош без донесување управен акт, Народниот правобранител им укажуваше на центрите за социјална работа и на Министерството за труд и социјална политика дека ваквиот начин  на постапување не е во согласност со Законот за општа управна постапка и дека на ваков начин се создава правна несигурност кај граѓаните и се повредува уставното начело на владеење на правото и правната држава. Поради тоа што по овие укажувања не беа преземени соодветни мерки, значи и по укажувањата на Народниот правобранител, не беа преземени мерки. Обраќајќи се до министерот за труд и социјална политика и до директорот на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Град Скопје, каде најмногу беа изразени наведените проблеми, Народниот правобранител укажа дека е незаконито укинувањето на социјалната заштита без претходно правилно утврдување на фактичката состојба и без донесување управен акт и предложи преиспитување на секој конкретен случај каде е укинато правото.

Исто така, Народниот правобранител укажа дека поради недопуштеното оддолжување на постапките за одлучување по барањето на граѓаните или за преиспитување на моменталната фактичка состојба, се повредува правото на социјална сигурност и социјална правда особено во случаи кога станува збор за социјално загрозени лица со нарушена здравствена состојба. Ова во превод значи дека на болно лице кога му е укината паричната помош која му доаѓа од Центарот за социјална работа без управен акт, без решение, без законски основ, без можност да се жали  некаде, единствено што може да направи тој човек е тоа да се обрати до Народниот правобранител и од него да побара помош за заштита на неговите права. Народниот правобранител се обратил и до министрот за труд и социјална политика и до директорот на овој Центр и покрај обраќањето, овие постапки останале без повратен одговор, без можност за констатација од страна на Народниот правобранител дека овие состојби се надминати. А да не зборуваме за тоа дека ако некој му одземе право кое му произлегува од Законот, од Уставот на друг без законски основ, прави

повреда на службената положба, го крши законот. Меѓутоа, се е можно, затоа што кога може да се укинуваат права без никаков акт, тогаш и по укажување на Народниот правобранител да не се преземаат никакви активности, тогаш навистина не гледам некаква причина дека ќе најдат надлежните лица да постапуваат поинаку, затоа што единствен начин за средување на овие состојби е повикување на одговорност на овие лица односно утврдување на политичката одговорност на оние кои ги именувале овие лица затоа што, ако не сакаат да преземат нешто за да се подобрат состојбите во оваа област, тогаш политичката одговорност ја носат партиите кои ја имаат довербата да владеат во Република Македонија.

Од сето ова кажано сметам дека е јасно дека се прави чекор напред, дека се прават напори во Република Македонија да се подигнат човековите права на нешто повисоко ниво или да се преземат одредени чекори кои ќе значат протекување во јавноста на одредени состојби во врска со повреди на човековите права на граѓаните на Република Македонија, факт е дека е тоа недоволно, факт е дека позицијата на Народниот правобранител не е таква да може да влилјае врз извршната влат и воопшто врз другите органи кои директно влијаат во контекст на почитувањето на уставните одредби за заштита на човековите права и слободи, сметам дека извршната власт нема доволно слух и покрај укажувањата, препораките на Народниот правобранител, свесен сум дека и власта со самоит факт што и покрај тоа настапуваме поединечно во Постојаната анкетната комисија за човекови права и слободи на Собранието на Република Македонија сеуште има мнозинство на пратеници каде многу глатко помина прашањето за социјални станови, она што го зборував претходно, со кревање на рака за и против, мнозинството одлучи дека нивното барање не било во ред и покрај тоа што немаа друг начин на заштита, значи политичката волја на оваа власт не е унапредување на човековите права и слободи и почитување на демократските односи во државата, на против владеење и остварување на програми и агенди кои сеуште не им се утврдени и јас се надевам дека некакво подобрување на вкупните состојби во Република Македонија во некакво време во иднина ќе значи подобрување на состојбата со човековите права и слободи, меѓутоа, како што одат работите, се повеќе песимистички може да се гледа на овие работи отколку оптимистички. Јас се надевам дека овој Извештај треба да претставува едно иницирање на овие теми во медиумите затоа што сметам дека медиумите се тие кои најмногу можат да влијаат врз зголемување на нивото на заштита на човековите права и слободи во Република Македонија, утврдување на повредите на овие човекови права и слободи и воопшто сите оние активности кои понатаму треба да се преземат во смисла и на одговорност на одговорните лица, меѓутоа, пред се, на создавање на една клима на почитување на законските и уствните норми и воопшто заедно со реформите што треба да следат во судството, создавање во Република Македонија три независни власти кои меѓу себе ќе се контролираат и ќе претставуваат еден баланс и гарант за идните демократски односи во Република Македонија.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Томе Тромбев три минути реплика.

**Томе Тромбев:** Подпретседателе, само една кратка реплика околу еден дел од излагањето на господинот Стојаноски. Имено, тој кажа во делот на заштита на правата од областа на животната средина Народниот правобранител грешно го употребил терминот медиуми. Само да го потсетам дека не е така симплифициран на употребата на овој  термин, тој мислеше на електронски или пишан медиум, меѓутоа, во животната средина терминот медиуми се подразбира средината која се загадува како вода, почва итн.

Може да констатирам дека Народниот правобранител правилно го употребил овој израз.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Тромбев.

Господине Стојаноски една минута контрареплика.

**Блаже Стојаноски:** Јас можам да кажам дека ако репликата се однесува на технички карактер и она што беше дообјаснето од господинот Тромбев, тоа значи дека останатите делови на моето искажување се такви какви што ги кажавте дека нема забелешки на моето останато кажување и заради тоа еве уште еден поддржувач на унапредувањето на човековите права и слободи во Република Македонија од една страна, а од друга страна се надевам и висстински критичар на извршната власт на која и самиот припаѓа затоа што надминувањето на овие состојби за човековите права може да настане само ако внатре во извршната власт се појави чувство на заштита на човековите права и слободи.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Продолжуваме понатаму со дискусии.

Има збор пратеникот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседател. Ќе се обидам во моето излагање да бидам краток и покрај тоа што Извештајот подготвен од страна на Народниот правобранител е некаде околу 100-страници, меѓутоа, ќе кажам нешто што не е кажано од другите говорници.

Сите знаеме дека функционирањето на Народниот правобранител е уредено со Законот за Народноит правобранител и во согласност со овој закон Народниот правобранител е обврзан да подготви и да презентира Извештај пред

Собранието на Република Македонија за кое ние дебатираме во моментот.

По моја проценка ова треба да се користи како механизам за надгледување на некои државни органи и институции во делот за правата и слободите на граѓаните.

Но, од друга страна сакам да биде информирана пошироката јавност во однос со остварувањето на овие права и обврски. Во согласност со тоа што е презентирано во овој Извештај, може да констатираме дека Народниот правобранител постапува на два начина.

Прво, само иницијативно или ексофицио.

Второ, преку поставување на претставки или одредени барања.

Нормално дека во најголем број на случаи така како што е презентирано со овој Извештај, Народниот правобранител има постапено во согласност со одредени претставки, број кој во споредба со 2004 година е многу поголем, нешто што докажува во зголемувањето на угледот, но зошто да не кажеме и ефикасноста на оваа институција.

Доколку се погледа внимателно областа на поднесување на претставки, можеме да констатираме дека најголем број на овие претставки припаѓа на правосудството.

Но, има и претставки од други области, од социјалната област, здравствена заштита, образование, наука, од областа на финансиите и така натака. Во однос со органите и државните институции најголем број на претставки се насочени против Министерството за правда што во споредба со минатата година во оваа насока имаме измени бидеки во минатата година поголем број на претставки беа насочени, или усмерени до Министерството за внатрешни работи. Од аспект на етничката припадност претставките се поднесени од сите претставници на етничките заедници: Македонци, Албанци, но нормално и други заедници. Нормално е најголем број на претставки се поднесени од припадниците на македонската заедница. И покрај се анализирајќи го овој Извештај дојдов до заклучок дека Народниот правобранител во многу случаи постапил во согласност со одредбите на Законот за народен правобранител и нормално дека дошол до заклучок дека во поголемиот број на случаи имало повреда на уставните и законските права на граѓаните. Од овие повреди околу 73% од случаите се случаи каде имаме повреди констатирани од страна на органите на државната организација, но не се исклучуваат и повреди од други институции, јавни институции. Народниот правобранител постапувајќи по одредбите на Законот за народен правобранител по разгледувањето на претставките има преземено одредени мерки преку поставувањето на одредени препораки, давање на одредени мислења, но нормално дека има дадено и одредени сугестии. Во оваа насока сакам да направам еден осврт на друго прашање кое е новина во овој Извештај во споредба со претходните извештаи, но што е во согласност со Законот за народниот правобранител. Станува збор за Извештајот кој ни е презентиран во однос на правичната и соодветна застапеност на заедниците. Застапеноста како што знаеме сите е дадена во согласност со уставните одредби, но и со Законот за народен правобранител во надлежност на оваа институција. Тоа што посебно би направил еден осврт во оваа насока е дека статистичките податоци во оваа насока не се презентирани во овој Извештај, иако Народниот правобранител во согласнсот со тоа што е презентирано во овој Извештај има поднесено барање до соодветните институции, односно до Агенцијата за државни службеници од која Агенција има побарано да поднесе статистички податоци за правичната и соодветна застапеност на заедниците, на одредени етнички заедници. Но, изгледа дека ова барање на Народниот правобранител е неуспешно. Иако во оваа насока сакам да нагласам уште нешто, дека Народниот правобранител од аспект на правичната и соодветна застапеност на заедниците има утврдено дека во некои институции како што е Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, оваа застапеност е остварена и се остварува успешно и со одредена забрзаност во насока на остварувањето, или на завршување на овој процес. Исто така, мислам дека е добро да се нагласи уште едно друго прашање кое е од интерес.

Станува збор за државјанството, или проблемите поврзани со државјанството. Сите знаеме дека ние како законодавен орган го изменивме Законот за државјанство. Овој Закон го усогласивме со Европската конвенција за државјанство преку што ги либерализиравме и условите за стекнување на државјанство. Но, и покрај се и наспроти овој факт е констатирано дека од некои лица на органот кои се надлежни за да ги проценат условите за стекнување на државјанство, има злоупотреби, за што говори и овој Извештај на Народниот правобранител и постапките на Народниот правобранител во оваа насока за да ги елиминира овие злоупотреби. Но и наспроти овој факт и наспроти интервенциите и препораките на Народниот правобранител изгледа дека во некои случаи овие препораки се уште не се подржани, или не се земени во предвид. Моја оценка е дека и покрај се во оваа насока треба да се најдат инструменти и механизми за да не се доведеме во ваква состојба, или за да не се стави Народниот правобранител во ваква состојба, значи сугестиите, или неговите препораки да се одбијат. Затоа ценам дека во иднина би било добро да се размислува во насока на тоа доколку има потреба да се измени и Законот за Народен правобранител само со една цел, да се изнајдат одредени механизми за да се почитуваат препораките, или сугестиите на оваа многу значајна институција.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Јашари.

Има збор господинот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Колку што успеав да го разгледам материјалот, не го читав за име на вистината и она што успеав да го забележам. Можеби некаде ќе се повторам, нека не ми биде земено за зло. Но, кога говорат 20-тина пратеници, или повеќе за еден ферман од 97 страници, сигурно дека ќе се повториме. Годишниот извештај за 2004 година го нареков ферман од едноставна причина што за некого е катиљ ферман, а знаете на турски што значи. Некои работи се објективно кажани што се за поздравување. Незнам дали ќе ми се земе за зло, или добро, но познавајки ве како човек кој секогаш бил коректен и човек од струката, сметам дека доста од работите кои го мачат овој народ се набележани, а и според обемот на работа, ако можеме да ги наречеме странки, или македонски кажано, имате секојдневно многу муштерии во вашата канцеларија побудени од неправдата која е направена спрема нив од страна на државните институции, од страна на поединци и т.н. Мотото е во ред. Принципите, или начелата исто така се во ред и се во функција на она што значи јавен правобранител кој има една и единствена задача да ги брани правата на сите обесправени луѓе, без разлика на национална, верска и незнам уште каква припадност, затоа што во краен случај сите ние сме човечки суштества, носиме душа. Господинот Анастасовски би го замолил за должно внимание, бидејки тој кога говори секогаш со внимание го слушам. Значи, она што значи вовед околу мотото и принципите апсолутно се коректни, што би рекол нашиот народ: држи вода. Но по истиот контекст се појавуваат одредени дилеми, одредени непознаници, не сум правник и во таа смисла покрај она што ќе значи мое излагање, ќе поставам и некои логички прашања повторно во контекст на годишниот извештај кој некои го квалификуваа како ист од 2003. Немав прилика да го видам, не можам да дадам коментари, можам да говорам за оној што е денеска пред мене. И следува едно логичко прашање после овој мој вовед, ако може така да се нарече, зошто кај јавниот правобранител имаме големо присуство на македонските граѓани? Кога говорам, македонски, мислам на сите, впрочем ова е и македонска држава. Некој говори дека, а и тука слушнавме дека тоа е заради тоа што добро функционира власта. Јас сум застапник на една обратна теза која исто така може да држи вода, а може и да не држи вода. Дали во периодот на доаѓањето на "нова власт" која е веќе стара двеипол години, може и повеќе се направени толку неправди за да имате толкав прилив на странки во вашите канцеларии. Хипотетички поставувам, ова е теза која може да држи, може и да не држи. Знаете, не сум приврзаник на се што ќе ми се понуди и од сопствената партија да аминувам и да верувам дека е така. Имам право да прашам и според личните убедувања ќе гласам за, или против. Иако во принцип и да не помине Извештајот сигурно господинот Мемети како правобранител нема да биде сменет затоа што се работи за исклучиво квалитетен човек во она што значи правна струка, а такви кадри им требаат на оваа коалиција. Значи, посетата може да се должи на многу неправди кои се прават во Македонија врз македонските граѓани, почнувајки од јавни и приватни институции и немајки каде тие луѓе да се јават, се јавуваат кај вас.

Прашањето е следно, дали сето ова што го работите како Народен правобранител и покрај сите напори кои ги вложувате ќе имаат некој ефект. Да не кажам дека може да работите сизифовска работа, да работите 4, или незнам колку години ви е мандатот, а на крај ефектот да биде многу мал и цела вина да падне врз вас, притоа другите да се амнестираат и да речат, еве Народен правобранител беше тој, не успеа да се носи со низата на пробелми со кои се судруваат граѓаните секојдневно и т.н., притоа користејки ги медиумите и создавајки една негативна клима околу ликот на Народниот правобранител, во моментот во ликот на господинот Иџет Мемети. Значи, ова е многу суптилна работа која е неблагодарна. Тоа ми е поентата, тоа е наравоучение од она што сега го говорам. А за жал и нашиот народ т.е. балканците се такви сто работи ќе направите добри, една да му згрешите, ќе говори за таа што сте му ја згрешиле, а ќе помогнеме на сто, или на илјада места. Тоа е нашиот балкански менталитет, за жал.

Во излагањата на пратениците слушав и вакви работи, дека доаѓаат луѓе кај вас кои се дискриминирани по разни основи, етничка, верска основа, полова и т.н. Да ви кажам, на прагот, т.е. на почетокот на 21 век и она што секојдневно го читам и слушам по македонските медиуми, верувајте дека оваа работа не ми се верува дека во Македонија постои таква работа. Затоа што ние со силни чекори грабиме напред кон Европа. Зарем сеуште вакви работи се случуваат кај нас? Многу интересно за размислување, но ако е нотирана, верувам дека е така. А сликата и фамата која се создава во државата таква работа не би требало да постои. И во една таква демократска држава како што е Македонија, зарем има прекршување на човековите права. Човек просто да се зачуди што се случува во државата. Следејки ги медиумите навечер, дома седејки на фотелјата имам чувство дека живеам во Франција, или Шведска како најдемократска земја и одиме напред со брзи чекори. Читајки го овој ферман овде да ви кажам просто ми е и непријатно да проговорам за да не наштетам на угледот на Република Македонија која исто така брзо граби кон Европа, а додека стигнеме до таа Европа може и да ја снема. Говорам за Европската унија и за гласањето во Франција со 54,78% на противници на европскиот устав. Значи, додека стигнеме може да ја снема Европската унија и да не важат тие начела и да си останеме на овие пусти балкански ветрометини, слепо црево, поради наша неспособност. Таа судбина ја имаат и северните соседи и западните соседи, јужниве се во една поблагопријатна

ситуација, овие од исток и тие грабаат брзо напред, ако некој не им стави рампа, но тоа е нивен проблем.

Кога говориме за повредата на човековите права никао не можам да се отргнам од впечатокот дека, а и според пишувањата и според излагањата и според она што го гледам и слушам, главната поента е во однесувањето на полицијата. И последниот случај во ноќниот клуб, или кафе-бар што беше во "Бисер", влегуваат 30 души во 24,40 часот и прават што сакаат да прават. Јас не ги окривувам обичните полицајци кои отишле по задача, виновен е тој што наредил и се што налетало на нив било нокаутирано. И претпоставувам дека можеби некој од тие ќе стигне кај вас да се пожали. Кој ќе биде ефектот од сета таа работа? За жал, има одредени слоеви на службеници државни и јавни кои се заштитени како бели мечки, а кај нас како муфлони, како ретки животни на кои никој ништо не им може. Вие овде се потрудивте коректно да напишете многу работи, тоа е чесно од ваша страна. Имате моја апсолутна подршка таму каде што сметам дека е во ред. И си имаше храброст да се излезе со еден ваков документ притоа да не се замерите со судии, со јавни обвинители и уште незнам што. Притоа да не се створи погрешно мислење за мене, точно е дека јас сум националист, дека сум патриот Македонец како што впрочем и секој треба да биде од било која етничка припадност.

(Дофрлување од место: расист)

Расист е сосема друга работа, барајте во Јужна Африка, ако ги има и таму веќе.

**Слободан Најдовски:** Ве молам без дофрлување.

**Александар Флоровски:** Значи, се говореше за правична застапеност на етничките заедници. Немајки прилика да го разгледам добро Охридскиот Рамковен договор, во тој период замаени со многу други работи, незнам дали и ова е зафатено со Охридскиот Рамковен договор, дали постои таква клаузула. Јас сум во принцип за квалитетни решенија, без разлика кој на која националност припаѓа. Како што и за вас позитивно се изјаснив, иако сте Албанец, дека сте стручен, што апсолутно држи. Само го поставувам прашањето, дали не е и ова во склоп на некој Охридски Рамковен договор, затоа што секој што ќе излезе и да се работи за економска тема се повикува на Охридски Рамковен договор. Па не знам тој Охридски Рамковен договор ми изгледа денеска од оваа перспектива дека е енциклопедија Британика, илјада томови наредени.

Верувајте ми, многу интересни прашања на кои претпоставувам дека господинот Мемети ќе одговори. Впрочем тој и ќе одговори, има доблест за таа работа кога овде наредил еден куп работи кои се многу интересни, без притоа да се плаши од некого. Тоа јас го викам доблест, а поинаку не сакам да се изразам. Значи треба да се има срце да се напише ова на хартија затоа што ова ова останува како документ.

Кадровската екипираност, прво што ми паѓа на ум дали во таа кадровска екипираност господине Мемети ќе подлегнете на партиските притисоци. По обичај работите секогаш така ни течат од 1990 година до ден денешен. Значи никого не апсолвирам, говорам врз основа на сопственото искуство, затоа што и во наше време биле нудени некои работи на кои што и ден денеска не можам да им се изначудам. Ако како претставник на партија морам да гласам за или против, за жал тоа е работа на пратениците, тоа е факт. Значи кога излеговте со еден ваков ферман верувам дека ќе имате доблест да им кажете не на партиските моќници од едноставна причина што сметам дека во предност треба да дојде квалитетот, а не овој припаѓал на СДСМ па затоа чини, или припаѓал на ВМРО па затоа чини. Тој или го бива или не го бива. Може да носи било каков дрес, ако е квалитетен треба да се прифати и по цена на се и на сите можни притисоци кои ги имате, знам дека ги имате и ќе ги имате во иднина, затоа што сте ставени на едно место кое е многу ветровито. Треба многу да се пази да не ве фатат некои ветришта, урагани и да ве свлечат лево или десно. Притоа мислам уште на една работа. За да се биде самостоен во работењето, да се носат валидни одлуки за кои ќе сносите целосна одговорност пред македонската јавност мора да имате и доволно финансии. Јас со буџетот не знам колку пари ви одредија, не бев пратеник тогаш, но претпоставувам по едно просто начело дека на вакви институции пари никогаш не им се доста, секогаш им фалат затоа што ќе имате експозитури низ целата држава кои ќе ви реферираат секојдневно, па тие бараат и техничка екипираност, бараат возила, секретарки итн, итн. Ова ќе биде една голема организација која мора да постои затоа што во Европа постојат многу поодамна. Значи, ние Македонците не измислуваме топла вода. Некој пред нас ја измислил. Така и функцијата Јавен правобранител или Омбуцман, како што некој милува да каже латински.

Значи, следствено на сето ова што го говорам досега неодминливо е да се постави прашањето колку Јавниот правобранител е независен, или колку може да биде независен. Дали Јавниот правобранител под разно разно политички притисоци има доволно маневарски простор, она што го носи во сопствената глава како идеја за поквалитетно работење дали може да го реализира. Значи, постојат објективни и субјективни причини. Објективните причини се притисоците од страна, а субјективните секој си ги носи во себе и во својот ментален склоп.

Притоа за еден мал случај кој во истиот контекст сакам да ви кажам, да ве известам дека имавте претставка од ЖТП од синдикалните лидери кои се избркани од работа, а на кои директорот им забранува да влезат, а по некоја случајност просториите на Синдикатот се во самата Железница. Значи во нашава држава чуда се случуваат и како на тие чуда вие ќе може те да одговорите и колку ќе бидете моќни не знам,

претходно кажав дека ќе имате притисоци од сите можни страни, ќе трпите удари под појас, над појас, аперкат, крошеа итн, итн. За жал така се поставени работите во нашата држава, место да се остави простор Јавниот правобранител да ги брани интересите на граѓаните кои за жал секојдневно се судруваат со низа проблеми. Впрочем, и овде доаѓаат нас да ни се жалат, па што можеме да им помогнеме. Ништо апсолутно освен да им дадеме кафе, да им кажеме некој добар збор. Таква е состојбата во државата почнувајќи од немање работа па до судски процеси итн, итн. Едноставно можеме да ги препорачаме вас да ве посетат како институција која треба да ги брани правата на обичниот македонски граѓанин.

Состојбите во КПД, терминот е излитен, социјалистички, казнено поправен дом смешна работа. Македонски се вика затвор и секаде во светот фигурираат како затвори. Состојбите таму сигурно сте ги посетиле се повеќе од катастрофални, бедотија до бедотија, но не е тоа ваша вина. Претпоставувам дека Владата треба да го одврзе кесето, а прашање е дали има пари сега, се враќаме на старата "Кој е постар кокошката или јајцето", и ќе се вртиме во кругови до бесвест. Тој ако е осуден таму не значи дека тој човек треба да биде робијаш класичен од времето на Информбирото или руските булази, или од времето на затворите во Ново Мексико, Јума итн, итн. Тој е човечко суштество на кое треба да му се овозможи барем еден нормален живот, колку може да биде тој нормален при такви услови. Прашање е во тие услови кога ќе излезе од затвор колку може да се ресоцијализира, да се врати кон општеството. Таму е дива лига луѓе. Тоа е бедотија, страшно е да се гледа таму што се случува.

Исто така многу битно прашање е, луѓето кои работат со нив, покрај нивната желба да направат нешто, значи сите работи се некако исповрзани, а цехот кој ќе го плати Господ знае, најверојатно новите избори ќе кажат. Цехот секогаш ќе го плати оној што е нешто на позиција. Тоа е факт, минатиот пат ние го плативме, но и тоа е една нормална работа. Ќе се научиме на демократија, едни ќе доаѓаат, други ќе се менуваат, ништо страшно не е доколку се нема она исконското човечко, бедното што го носиме во себе, да му се нанесе зло на ближниот свој, што би рекол Ристос, како што и впрочем за жал многу наши ВМРО-ци завршија. И тие ќе ги бранат човековите права откога станаа половина луѓе. Можете да замислите низ какви се трауми поминаа тие луѓе, а кој ќе ги носи на совест нека му е Господ на помош, затоа што Господ постои и враќа кога тогаш. Говорам за оној што нанел зло. За жал состојбата е таква, примери мал милион можам да ви посочам, не сакам да ги спомнувам, ќе кажете дегутантно е, слушнато е, а се работи за човечки судбини, колку да е дегутантно и слушнато се работи за живи луѓе кои имаат фамилии, кои имаат деца. Но, тоа е животот.

Кога говориме за човековите прапва, а вие сте единствен легитимен избран од Парламентот да ги брани тие човекови права, а кој е тој што ги прекршува покрај полицијата. Вие овде на една страница нотирате и со црно е подвлечено, не знам дали е врз основа на искажаните работи од странките кои ви доаѓаат, или е ваша лична констатација, не би можел да кажам, не сум видовит, но е потцртано и стои: "Недоволна стручност и совестност", конкретно за главата за Јавно обвинителство".

Според мене тоа се сериозни обвинувања зад кои стоите или не стоите. Дали е тоа ваша лична констатација или констатација на странките кои дошле во прилика да се тужат, да се судат, па наишле на вакви моменти. Има една друга работа. Не верувам дека обичниот македонски граѓанин знае што е стручност на Обвинителството и на Судството. Претпоставувам дека се ова ваши констатации, ако е така ќе ме демантирате, но сериозна забелешка е. Ако е така се доведуваат многу работи во прашање, затоа што судството е третата власт, третиот елемент, третиот темел на државата. Јас би сакал да верувам дека не е така, но е нотирано, потцртано, апострофирано, претпоставувам дека тоа е ваше видување. Впрочем, вие бевте министер за правда и ги знаете работите подобро од мене и од многу нас овде. Но, сериозна критика е доколку е вистинита над која треба секој да се замисли. Сепак тоа е јавно кажан збор на Народен правобранител. За мене е сериозна работа и затоа ја нотирав и затоа ве прашав јавно и сметам дека е во ред да ве прашам јавно, затоа што е и јавно напишано во Извештајот.

И најбитната работа, вие ова сето го терате како што го терате, Извештајот е обемен, сеопфатен, многу работи се набележани, не го причитав односно успеав мали делови да прочитам како забелешки, дел од пратениците што успеав да фатам, колку можете вие ова да го елиминирате како негативни појави ако немате соработка со Владата, со министерот за правда, со премиерот, со другите институции. Дали чувствувате дека кај нив постои желба да се направи нешто. Инаку, повторно ќе ви кажам дека тоа е Сизифовска работа ако нема волја во Владата да ви се помогне околу сите овие работи кои се нотирани. Нормално не може се одеднаш да се реши, но дел по дел да се решава, да се почне од нешто. Според Извештајот веќе е почнато, секојдневно имате огромен број на луѓе, нема причина да не ви верувам. Значи фактички знаете ли Годишниот извештај како можам да го крстам поинаку - јавен повик до Владата и соработка и помош за Народниот правобранител, да не кажам крик. Дали тој повик ќе го слушнат господата што седат овде во првите редови. Дали ќе сакаат искрено да ви помогнат. Тоа е прашањето. Инаку, вие не можете да функционирате. Таа работа е врзана. Јас сакам да верувам дека нема да бидете жртвено јагне, како што многу пати се случува во политиката, некој тоа го почувствувал, некој не го

почувствувал, добро е да се почувствува за да се извлече поука и малку потрезвено да се размислува. Сигурно има вестар и аверс и реверс. Значи овој јавен повик до Владата од вашиот Извештај треба да го слушнат, јас не знам колку вашите напори ќе вродат со плод, колку комуницирате, претпоставувам дека комуницирате, каква е таа комуникација, постои ли таа позитивна волја помеѓу вас да се завршат одредени работи, или се се движи во рамките на нашето ќе биде, не се секирај, денес, утре, задутре, мандатот си врви, а кривицата повторно ќе биде кај еден човек во Министерството, а другите ќе гледаат да си го спасат, да не кажам што.

И најбитната работа според мене, која претходно ја спомнав, а тоа е самостојно финансирање. Имате дел од Буџетот, но овде мора јавно да кажам дали со парите кои ви се дадени можете да направите нешто иако постои желба кај вас. Без пари ништо нема да се направи. Или, она што е одредено со Буџет тоа е цифрата со која треба да манипулирате година дена и да ги покривате експозитурите, не знам колку се на број, не е ни битно, претпоставувам дека во сите поголеми македонски градови ќе имате ваши заменици, тие таму ќе трошат пари, ќе работат со странки. Ако немате самостојно финансирање и довоно пари морам да ви кажам веднаш дека ќе бидете осудени на пропаст. За да функционирате успешно говорам, инаку како форма да постоите, ќе постоите, тоа не е проблем, говорам за функционирање и сето она што ќе значи заложба прикажана овде барем дел да успеете да реализирате.

Бев краток и оставив време за колегата Коста Прешоски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Господине Адеми имате ли реплика?

**Абдилаќим Адеми:** Да

**Слободан Најдовски:** Повелете.

Три минути реплика за господинот Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Ви благодарам господине потпретседател.

По се изгледа претходниот пратеник имаше недостаток или непознавање на Законот за Народен правобранител што ние го донесовме и затоа зборуваше со предрасуди.

Во однос на соодветната застапеност и јас го спомнав во мојот говор, но и претходно Народниот правобранител го спомна.

Господине пратеник правичната застапеност е во однос на Охридскиот договор за кој што вие рековте дека не го познавате, но тоа е уставна одредба и врз основа на таа уставна одредба таа е неприкосновена и треба да се имплементира, да се почитува.

Потоа, во новиот Закон за Народен правобранител оваа одредба му се доверува на Народниот правобранител да го следи сето ова, правичната застапеност на сите нивоа на државните институции. Затоа констатирам дека вие не го имате прочитано овој закон за жал и зборувате со предрасуди.

Мислам дека многу малку зборувавте за Извештајот, за кој што и самите рековте дека не сте го прочитале и одржавте еден говор само за да се изгуби време тука.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Адеми.

Една минута контра реплика има господинот Александар Флоровски.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Господинот излезе мене да ми реплицира. Треба да се има капацитет за таа работа. Морам да ви кажам ако имав предрасуди немаше така позитивно да се изразам за господинот Мемети кој исто така е Албанец и кој посебно го почитувам. Јас и порано кажав дека го немам прочитано, успеав летимично да видам и кај мене не постојат предрасуди, ако го следевте мојот говор. Јас реков дека треба да се бараат квалитетни кадри, а не реков дали тие квалитетни кадри треба да бидат Македонци, Албанци, Власи, Турци, Роми итн. Зарем очекувате полуписмени луѓе да ја покриваат работата која треба тој да ја заврши. Ако сакате дуели лични, ви стојам на располагање секое време и во било која прилика.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски. Сигурно мислевте на дуели во говори, во реплики.

Продолжуваме со работа.

Господинот Прешоски Коста. Повелете господине Прешоски.

**Коста Прешоски:** Благодарам потпретседателе, почитуван Народен правобранител, почитувани пратеници,

Му благодарам на колегата Флоровски што имаше разбирање и што овозможи и остави време и јас да се изнесам по овој Извештај.

Поднесувањето на Годишниот извештај за мене не претставува само исполнување на законската обврска од страна на Народниот правобранител, тука е нешто повеќе, да не информира нас пратениците за состојбите со почитувањето на основните човекови слободи и права, а со тоа да помогне на Собранието во неговата уставна позиција, во вршењето на политичката контрола и надзор врз работењето на државната администрација како и надзор врз работата на органите и организациите што вршат јавни овластувања, заради доследна примена на Уставот. И за следните податоци, за степенот на почитувањето на човековите права во овој Извештај и нашите критички забелешки во тој правец ќе дадат дополнителен импулс за натамошно изградување и поттик на оваа институција за нови активности, со цел за

максимални можни резултати во правец на остварувањето на правата на граѓаните.

Оценките и заклучоците за состојбите со почитувањето на човековите права, во изминатата година, се темелат врз основа на претставките и предлозите од предметното работење во најголем обем во канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје. Малиот број на примени претставки по другите подрачни канцеларии на Народниот правобранител се должи на тоа што тие беа оспорени при крајот на извештајната година, како и на сеуште незавршената кадровкса пополнетост со потребниот број извршители. Дополнителните законски овластувања што произлегуваат од новиот закон за Народниот правобранител, што стапи на сила во октомври 2003 година, неминовно налагаат создавање на услови за конечно да профункционираат подрачните канцеларии за што основен предуслов е изборот што ќе се случи на наредната седница на замениците на Народниот правобранител кои треба да раководат со нив.

Ќе се задржам на обемот на работа на Народниот правобранител на извештајната 2004 година, кој припишан текстуално и со графикон. Јасно е дека и оваа година, бројот на претставки по кој постапуваше Народниот правобранител е доста голем, 3202 према 3077 лани. Но треба да се нагласи дека во извештајниот период беа поднесени 1959 претставки, од 2299 граѓани,што се става намалување за 11,5%, во однос на претходната година, кога такви имаше 2605. Покрај тоа, на разговор беа примени 2840 граѓани, во канцелариите во Скопје и подрачните канцеларии и беше одговорено на повеќе од 6000 телефонски јавувања. Што значи дека обемот на работата на Народниот правобранител ако се иземат или одземат телефонските јавувања е незначително помал во споредба со минатата година. Но сепак е доста голем.

За истакнување е тоа што во овој извештаен период Народниот правобранител по сопствена иницијатива покрена постапка во 26 случаи. Ако се погледне графиконот по области ќе се заклучи дека, во однос на минатата година, тој однос не е значително изменет, но со незначително намалување на апсолутните бројки во однос на претставките. Најголем број на претставки со кои граѓаните бараат заштита на правата се во областа на правосудството, полициската постапка, во областа на работните односи, во областа на имотно-правните односи, на потрошувачите, во областа на социјалните права, во областа на градежништвото и урбанизмот, во пензиско-инвалидското осигурување и така натака.

Овие претставки се однесуваат на органи и организации што имаат јавни овластувања и забележително е дека во најголем дел број се однесуваат на актите и дејствијата превземени и донесени од страна на Министерството за правда, за внатрешни работи, за транспорт и врски и така натаму.

Од предметите може да се констатира дека во извештајната година, од 2003 година беа префрлени 1243 претставки, што претставува околу 40% од вкупниот број на претставки за работа, во извештајната 2004 година. Најголем број на такви претставки се од областа на работни односи, чиј број во апсолутен износ е поголем од бројот на такви претставки, поднесени во тековната година. Треба да се каже, дека од извештајната 2004 година,во 2005 година се префрлени 882 претставки. Причините за појавата на предмети останати во работа, незавршени, во извештајната година и останати за работа за другата година се должи на тоа што тие се во фаза на истражување, или дел од нив не се завршени поради сложеноста на проблемот и потребата за прибирање на повеќе информации од повеќе локални организации и поради ненавремен одговор на барањата на Народниот правобранител. Значи, кога зборуваме за ова, мора да се истакне дека за некои претставки постапката пред Народниот поравобранител трае долго, поради ненавремено постапување на органите на државната управа по барањата упатени од Народниот правобранител. Што значи дека овие институции не ги почитуваат задолжителните рокови утврдени со овој закон за Народен правобранител, за давање одговор на барањата на Народниот правобранител.

Овој Извештај, навистина дава една реална слика за постапувањето и одлучувањето по претставките од страна на Народниот правобранител. Така од Извештајот, може да се констатира дека односот на службените лица, према Народниот правобранител не задоволува. Тоа е поткрепено и со факти и податоци. Така, до органите и организациите со јавни овластувања беа опфатени 33 информации од кои 13 прифатени. До надлежните министерства беа опфатени 102 информации, од кои 39 се прифатени и до Владата на Република Македонија се упатени 116 информации, од кои е постапено само по 49. Од ова јасно произлегува каков е односот на овие институции према Народниот правобранител, посебен коментар од оној што го даде Народниот правобранител не е потребен.

Споредувајќи го овој дел од Извештајот, со Извештајот за работата на Народниот правобрател во 2003 година, дојдов до заклучок дека нема критика до нашето Собрание, во однос на непостапување по барања поднесени од страна на правобранителот по некоја претставка, со некој случај во 2003 кога имавме пет такви случаи.

Почитувани пратеници, Народниот правобранител во Извештајот ни дава и една општа констатација, споредено со минатите години, а тоа е дека има подобрување на ефикасноста и ефективноста во постапувањето по барањата на Народниот правобранител. Тоа значи дека Народниот

правобраител, согласно Законот, при констатирањето на повреди на уставните и законските права на граѓаните, интервенираше до надлежните органи со барања и укажување да ги отстранат неправилностите и незаконитостите за да може граѓаните поефикасно да го остварат своето повредено право. Сепак во работењето на оваа институција, имаме приближувања во позитивна насока. Но, се тоа е недоволно.

**Слободан Најдовски:** Господине Прешоски, планирајте имате уште 6 минути.

**Коста Прешоски:** Благодарам. Дека граѓаните во Република Македонија сеуште своите уставни и законски права пред органите и организациите ги остваруваат бавно и отежнато. Ова ќе го поткрепам и со податоците дадени во Извештајот кој навистина, пак ќе повторам дава една реална слика за состојбите во оваа свера.

Во извештајната година, се констатирани повреди на уставните и законските права на граѓаните во 569 случаи. Органите на државната управа и другите органи и организации, со јавни овластувања постапиле во 417 случаи по интервенција на Народниот поравобранител. Најголем дел на констатирани повреди се во областа на имотно-правните односи 133, потоа во правосудството 67, во областа на работните односи и така натаму. Може, исто така да се констатира дека повеќето од повредите на правата на граѓаните се однесуваат на повреди на процедуралните одредби од законот, на одложување на постапката во која граѓаните го остварува своето право и притоа 80% се однесуваат на одложување на управните и судските постапки. Значи, или не се почитува рокот за одлучување по барање од граѓаните, или имаме злоупотреба со молчење на администрацијата.

Народниот правобранител, упатил во извештајниот период 152 интервенции, препораки, укажувања, мислења и сугестии до органите и организациите за отстранување на констатираните повреди, и за подобрување на нивното работење и однесување со странките и слично. Бидејќи суштината на овој извештај се наоѓа во првите 18-тина страници, каде што се констатирани одредени состојби, каде што има мноштво на податоци и мноштво на информации, мерки и активности во однос на превземените мерки за заштита на правата на граѓаните, ми дава за право овде да ја завршам мојата дискусија и да не дискутирам за состојбите во поглед на обезбедувањето и почитувањето и заштитата на човековите права по области.

На крајот сметам дека, Собранието и ние сите да му дадеме поддршка на овој Извештај, а се со единствена цел за подобрување на правната држава и владеењето на правото во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам господине Прешоски.

Господин Томиќ, процедурално, сакавте, повелете.

**Зоран Томиќ:** Господине потпретседателе во интерес на времето, го повикувам мојот драг колега Чедо Краљевски, нашите дискусии да ви ги доставиме во писмена форма, да оставиме неколку минути за колешката Марија, и да го затвориме денешниот претрес по оваа точка од дневниот ред.

**Слободан Најдовски:** Господине Томиќ, ваше е право да го предложите, кој ќе го прифати ќе прифати, кој не не. Имаме уште по овој часовник уште 4 минути, госпоѓа Којзеклиска, останувaме ли за утре или ако е кратко да завршиме. Не, не, можеме да продолжиме ако е кратко.

Господин Краљевски вие останувате за дискусија?

Госпоѓа Којзеклиска има збор.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, господине Народен правобранител,

После се она што се кажа од претходните дискутанти, навистина можеби ќе изгледа повторување на она што ќе го кажам, меѓутоа нема да се повторувам во оној дел во кој колегите образлагаа по области. Во секој случај можам само да констатирам дека Извештајот е обемен, загрижувачки е што од година во година бројот на претставките се зголемуваат, независно од тоа дали се телефонски или доаѓаат лично од странките кои го посетуваат Народниот правобранител и канцелариите по градовите. Искрено да ви кажам обемниот извештај ме плаши од еден аспект, а тоа е фактот дека нивото, значи на почитување на човековите права и слободи во Република Македонија, кои се утврдени и со Уставот и со законите и со ратификуваните меѓународни конвенции воопшто не е на завидно ниво. Значи имаме прекршување на правата на граѓаните во сите нивоа на власта. Тоа, единствен генерален заклучок кој може да произлезе од сегашниот извештај, ако се земе во предвид обемот по области. Меѓутоа, јас ќе бидам специфична и ќе зборувам само за еден сегмент од овој Извештај предложен. Тоа е заштита на правата на припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија. Тој дел посебно ме инспирира и ме провоцира да го образложам. Имаме една реченица во пасусот број 3, ќе ја цитирам: "Новите надлежности на Народниот правобранител покажуваат дека во една мултиетничка и мултикултурна заедница како што е Република Македонија секогаш постои опасност и можност од дискриминација на припадниците на заедниците кои не се мнозинство на државно и на локално ниво и опасност од други видови на дискриминација врз основа на пол, раса, боја на кожа, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба". Тоа е на страница 19. Јас не се сложувам со вака

дефинираната дискриминација во Извештајот на Народниот правобранител, посебно не разбирам зошто постои од една страна можност и опасност од дискриминација на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, како еден вид на дискриминација и опасност и можност од другите видови на дискриминација, како што ги наведов, врз основа на пол, раса, вера и тн.

Како втор вид на дискриминација, си е дискриминација. Тоа мора на сите да ни биде јасно. Таа има единствена дефиниција. Различни и се можеби основите, но по тежина и се исти во однос на областите на кои таа се однесува. Тоа мора да ни биде јасно и на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во овој Парламент и на сите останати граѓани. Зарем во Република Македонија не постои дискриминација по основ на политичко уверување и по другите основи, да не ги спомнувам, овие се два најекспонирани видови на дискриминација кои постојат, туку постои според Извештајот само дискриминација на припадниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Мене малку ми звучи тенденциозна онаа намера на Народниот поравобранител, кој во Извештајот вели дека сепак Република Македонија нема законска регулатива во која би биле дефинирани поимите дискриминација и дискриминаторски однос кон граѓаните односно кон припадниците на заедниците. Вака формулирана, искрено да ви кажам, знажи дека во Република Македонија постојат припадници на заедниците како специјална категорија поради која има дискриминација од една страна и сите ние останати граѓани од друга страна. Се сложувам дека во Уставот на Република Македонија постои начело на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија и тоа начело од страна на определени партиципиенти во власта се бара да се употребува и каде треба и каде не треба, но не се сложувам дека сите останати граѓани во Република Македонија треба да ги заборавиме како за вработување, така и за остварување на другите права кои им следуваат согласно Уставот и Законот. Овде ќе ги спомнам оној дел во Извештајот во кој се вели дека Агенцијата за државни службеници ги обврза сите државни органи и институции да донесат програма за соодветна и правична застапеност, за да на крајот се вели, овие курсисти веќе се распоредени во сите овие органи во Републиката, односно веќе се во редовен работен однос. Не сакам да зборувам колку се тие  со соодветно образование со соодветно место. Тука ќе ги спомнам, како и многу други колеги што ги спомнаа, тоа се внатрешно раселените лица. Колегите од Демократската Унија за интеграција постојано инсистираат на спроведување на Рамковниот договор, а тоа е она што најчесто не ми одговара, тоа е соодветна и правина застапеност на заедниците, јас исто така ќе барам да се спроведува Рамковниот договор  и тоа во делот на внатрешно раселените лица. Можам само да констатирам дека е жално, срамно, нечовечно после 4 години од конфликтот 425, како што рече колешката Роза Топузовска, раселени лица, за нив да не важи имплементацијата на Рамковниот договор, како во делот на нивно обраќање во домовите, така и во делот на градење на доверба. Тоа оди многу бавно, како што констатира самиот Народен правобранител.

Почитуван господине Народен правобранител, не да оди бавно оваа имплементација на внатрешно раселените лици, таа заспа, ја нема. Јас не ве обвинувам вас, сакам само да го констатирам и да кажам малку поцрна варијанта од она што вие сте го навеле во извештајот за 2004 година.

Јас реков дека ќе бидам кратка, јасна. Не зборувам за останатиот дел на Извештајот, колегите претходно елаборираа, во секој случај на Народниот правобранител му претстои многу работа и многу докажување како пред нас пратениците кои го избраа, така посебно спрема граѓаните на Република Македонија, за да во иднина го оствари и она мото и оние принципи кои му се наведени на почетокот на Извештајот.

И само уште нешто на кратко колеги, ќе завршам во контекст на она што го зборував за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, во самиот Извештај е дадена забелешка дека цитирам: "Забележливо е дека меѓу претставките доставени до Народниот правобранител е зголемен бројот на претставки од припадници на заедниците, што укажува дека расте довербата на граѓаните во оваа институција". Во текот на 2004 година беа примени 11 претставки, во кои припадниците на заедниците се жалеа на повреда на начелото на недискриминација и соодветна и правична застапеност. По деталното разгледување на овие претставки Народниот правобранител констатира повреда на начело на  недискриминација и соодветна правична застапеност во еден случај. Во случајот во кој била констатирана по препораката која ја упатил Народниот правобранител резултирала со позитивно решавање на барањето на подносителот. Дали тоа значи дека кај десетте останати претставки не постоело повреда на начелото на недискриминација, што ме наведува на фактот да размислувам дека во некои случаи имаме и, како што вие рековте дури и злоупотреба на начелото односно повикувајќи се на начелото на недискриминација за поднесување на претставки.

Затоа, почитуван Народен правобранител, реков дека вам сепак ви претстои обемна работа со поддршка на државните органи. Колку ќе успеете во тоа останува и ние како пратеници да видиме и граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Почитувани пратеници, констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Утре продолжуваме во 11,00 часот со гласање на Предлог-заклучоците и молам да бидете сите присутни.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,09 часот.)